**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од првото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19.07.2000 година**

Седницата се одржа во зградата на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, Саво Климовски претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 53-та седница на Собранието на Република Македонија.

Најнапред, јас би сакал да го примите моето извинување, затоа што започнуваме со еден час задоцнување, бидејќи имав претходна консултација со шефовите на пратеничките групи и при тоа, како што се договоривме, во насока на поголема ефикасност и рационалност во денешното работеше , се договоривме околу некои принципи, кои што верувам дека шефовите на пратеничките групи, меѓувреме ве запознаа.

Имено, во однос првите три точки од дневниот ред кои што се однесуваат на една многу значајна сфера , а тоа е реформа на јавната администрација, воведно излагање ќе поднесе претседателот на Владата на РМ, г-динот Љупчо Георгиевски. Потоа , ќе водиме општ претрес.

На координацијата се договоривме во текот на општиот претрес да можат пратениците да поднесуваат амандмани, се до завршувањето на општиот претрес. Тоа од причина што по отворањето на амандманската расправа, од кога ќе прочитам кои амандмани се поднесени, јас ќе ја прекинам седницата и ќе побарам од премиерот Владата на своја посебна седница да заземе став по тие амандмани и потоа од кога ќе ме извести дека Владата има став по амандманите, јас ќе ве повикам повторно на седница.

Третата работа за која што се договоривме е да не се придржуваме денеска за времетраењето на седницата односно да не трае до 18,30 туку да ја продолжиме до апсолвирањето на оваа точка од дневниот ред. Ако ја апсолвираме порано, во тој случај ќе одиме на другите точки, а ако не, ако продолжи после 18,30 часот да оди и понатаму.

Четвртиот работен заклучок повеќе, но не како единствен заклучок е најнапред по координаторите на пратеничките групи да го изнесат во едно време кое што не би поминувало повеќе од половина час ставот на пратеничката група во врска со Законот, а потоа секој пратеник да се придржува најмногу до 10 минути во својата расправа и да си го искаже својот личен став по овој Закон. На тој начин ќе овозможиме не само поголема ефикасност, туку ќе овозможиме и многу повеќе пратеници да го искажат својот личен став по овој Закон. Тоа беше она за кое што разговаравме и се договоривме и јас се надевам дека, заради ефикасност во работењето ние ќе се придржуваме кон овие општи принципи. Верувам дека ќе го прими извинувањето заради ова задоцнување.

Пратениците Благој Ханџиски и Илија Ѓеорѓиев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам притиснете на едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Присутни се 90 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствата мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Со цел да ги довршиме веќе започнатите точки од дневниот ред , како што започнавме вчера, јас би одел со точката 25 односно да продолжиме со предлозите за разрешување на судии во Основниот суд во Кавадарци.

Ќе ве молам дали некој бара збор?

Г-динот Никола Поповски се јави за збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам, претседателе, јас вчера на прекинот на седницата бев на ред за збор.

Прво, дозволете пред да дискутирам по точката 25, нека биде процедурално, да ве потсетам дека пратеничката група на СДСМ не се согласи за точката број 1 дискусијата да трае само по 10 минути за пратеник и дека до колку тоа сакате да биде како што вие го најавивте, пред да започне расправата по точка 1 , согласно Деловникот тој заклучок да го ставите на разгледување односно гласање, затоа што за него немаме консензус, како што и некои други пратенички групи за други

точки се изјаснија на координацијата дека не го прифаќаат тоа. Се разбора, согласно Деловникот, до колку мнозинството одлучи така со сите консеквенции од таквото одлучување , Собранието ќе работи така, меѓутоа, без одлука со вашата најава, тоа не можеме да го прифатиме заради она што и вие го кажавте некои не се согласиле по оваа точка беше СДСМ.

Сега, дозволете, да преминам на точката од дневниот ред за која вчера расправата беше прекината. Мислам дека вчерашната односно оваа расправа по точките од дневниот ред во врска со предлозите на Републичкиот судски совет и по повод оние одлуки кои поминаа и особено по повод на овие одлуки кои сега се усвојуваат и се на дневен ред, покажува две работи.

Прво, дека и самиот судски совет помина низ една процедура во која решил , по мое видување, погрешно, меѓутоа, тоа е право на судскиот совет да одлучи , како што е и наше право да одлучиме по неговите предлози, сосема погрешно е и непотребно да ги премолчи мотивите, заради кои ги предлага одлуките и за избирање и за разрешување на судии. Таквиот погрешен пристап, наместо да ја олесни работата на нас пратениците и на Парламентот, не вовлече во неколку часовна расправа, која апсолутно сме уверени дека немаше да постои до колку претседателот на судскиот совет по Одлука на Советот најотворено, па дури и на затворена седница проговореше и имавме, да речам така, чиста совест при гласањето да можеме да знаеме уверени во тоа што го гласаме дека е потребно. Се разбира, ние ја поздравуваме односно го поздравуваме првичниот чекор на судскиот совет кој вчера ви за ви својата одлука ја отвори малку вратата кон Парламентот, па се обиде колку успешно не знам, да проговори за причините заради кои се решава на овие чекори. Мислам дека тој чекор треба да се поздрави и судскиот совет треба да се охрабри за овие проблеми, да разговара отворено. Ние прифаќаме дека сите треба да бидат заштитени, меѓутоа треба да бидеме заштитени и ние и граѓаните на РМ.

Впрочем, само да потсетам, токму на пример, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ Ѓулистана Марковска и г-динот Данило Глигоровски кои зборуваа во насока на заштита на функциите кои ги обавуваат овие судии дека не треба да се води расправа, беа едни од гласноговорниците кога за некои други уште повисоки државни функционери, без никакви судски одлуки на оваа говорница и во ова Собрание говореа, да речам, многу, многу поотворено со наведување со делови од нивната работа во јавноста по повод на извештај на анкетни комисии, по повод гласање за доверба на Владата итн. Со што покажаа дека во тој момент немаат еднаков пристап кон сите функционери на државата, без разлика дали се тие министри, судии, членови на други органи. Тие се, исто така, врвни државни функционери. Ако ова Собрание има пристап, дека, на пример, со анкетните комисии може да говори отворено за се, за сите можни претпоставени или фактички престапи , тогаш мислам дека во услови на разрешување на судии треба да го примени истиот пристап или да го примени и во првиот случај. Затоа што, на крајот на краиштата Уставот е оној кој го определува пратеникот како институција која треба да глас; ислушувајќи ги сите аргументи. Оваа расправа помеѓу другото и г-динот Черепналковски во својство на претседател на судскиот совет истакна дека судскиот совет не се водел од политички причини при предлагањето на судиите, при разрешувањето на судиите и го штити нивниот дигнитет. Само да потсетам, она што нашата пратеничка група и вчера го кажа дека, на пример, токму вчера за двајца судии на РМ , судии на Апелациониот суд во Штип и во Скопје, кои имаа претпоставувам неколку децениска судска пракса, не го заштити нивниот дигнитет кога дозволи еден афирмиран судија на Апелациониот суд во Скопје да го кандидира за врховен судија и тој предлог да падне тука, што е исто толку болно, колку и кога некој судија се разрешува, затоа што кога некој има кариера до која дошол до предлог на судскиот совет да биде судија на Врховен суд, која е највисока судска инстанта, а тој предлог на судскиот совет не добива мнозинство во Парламентот, напротив, добива огромен број на гласови против, тоа е исто толку слаба заштита на судскиот дигнитет од страна на судскиот совет. А, од друга страна, пак оние кои се разрешуваат се обидуваат да ни претставаат дека ги штитат останатите, ако не се каже зошто се разрешуваат. Дури, напротив сметам дека за овие вториве можеби има и повеќе причини да се каже точно зошто се разрешуваат.

Трето, само да потсетам јас лично како пратеник во ова Собрание, се разбира, дека го имам уставното право да

имам или да немам доверба кон предлозите кои што се доставуваат од сите надлежни предлагачи. Некогаш во својство на закон од пратеник, некогаш во својство на Закон од Владата, некогаш во својство на кадровски предлози од Републичкиот судски совет. Се додека е овој Устав, моето неприкосновено право да имам доверба и да имам размислување за тие предлози, останува. Во таа насока ќе кажам дека мојата доверба кон предлозите на Републичкиот судски совет само после неколку месеци после неговото функционирање е крајно нарушена и не можам од сега натаму да се однесувам лесно и без никаква потреба од дополнителни сознанија кон овие предлози. Само да наведам неколку примери. На пример, судскиот совет во една процедура од 1 месец предложи до Собранието и Собранието избра судија на Апелациониот суд во Битола, кој после 30 дена членување , функционирање како член на Апелациониот суд го предложи, а Собранието го прифати со своето огромно мнозинство и претседател на Апелациониот суд во Битола. Само после два месеци предложи Апелационен суд Штип претседател долгогодишен судија, кој вчера Собранието не го усвои. Ако некој судија може да не биде претседател после долга работа во Апелациониот суд, а некој друг само после 30 дена судбина на Апелационен суд да стане и претседател и тоа од мнозинството да се потврдува, сметам дека судскиот совет во оваа игра почнува да прави извесен петинг со политичките структури во Парламентот.

Вториот пример е она што се случи вчера со судија на Врховниот суд.

Третиот пример е судија на Врховен суд кој го избравме на претходната седница на предлог на судскиот совет, кој само 15, 20 дена на вчерашната седница парламентарното мнозинство го промовираше во член на државната изборна комисија од редот на Врховниот суд. Имајќи го предвиде искуството од досегашната работа на мнозинството во Парламентот, каде што судиите на Врховниот суд се селектираат во нивниот пристап до ДИК каде што се носат директно одлуки, кој во еден случај минатата година предизвикуваа настани кои доведоа до фалсификување на претседателските избори,тогаш исто така, кај мене се создава недоверба дека судскиот совет во тесна комуникација со партиите кои ја сочинуваат Владата ги предлага судиите на Врховниот суд за да потоа тие се трансферираат во ДИК, која повратно понатаму на наредните избори ќе влијае на изборните резултати, како што тоа и се случи.

Четвртиот пример зошто вака размислувам од однесувањето на овој судски совет е еден интересен трансфер од Врховниот суд во Републичкиот судски совет, како највисока судска инстанта во таа сфера, на една г-ѓа судија на Врховниот суд, која многу придонесе еден од изборните процеси во РМ да завршат неславно и со тоа да добиеме прилично нелегитимен претседател на РМ. Вчера г-динот Черепналковски ни кажа дека еден од судиите, не го именува за жал кој, имал 75 % од своите одлуки поништени на Апелационен суд. Ние апсолутно се согласуваме со тој критериум дека неквалитетното или по оценка на судскиот совет нестручноста на донесувањето на такви одлуки, навистина, ги отвора вратите овој судија да не може и понатаму да носи пресуди , кои очигледно во 3/4 дел понатаму во понатамошните процедури се преиначуваат. Значи, неговите одлуки се неквалитетни. Меѓутоа, да потсетам, дека во судскиот совет еден член на Врховниот суд со одлука на ова мнозинство овде премина од судија на Врховен суд во член на Републичкиот судски совет, кој сега ни ги праќа овие одлуки назад, а на него му беа укинати за време на изборите 190 одлуки. Да потсетам , 190 одлуки на ДИК за кои јавно гласаше против членот тогаш на ДИК и на Врховниот суд во понатамошна процедура Врховниот суд ги поништи. Значи, за еден месец на еден член на судскиот совет му се случи на највисоката инстанта по законот да му паднат 190 одлуки. И, се прегласаа 190 изборни места врз основа на тоа. Тоа можеше да се случи со одлука на ДИК, каде што оваа г-ѓа гласаше против жалбите кои ги усвои Врховниот суд и ги преиначи одлуките на ДИК. Сосема е јасно дека критериумот на голем број на поништени одлуки треба да важи, меѓутоа, да важи не само за оние од судскиот совет надоле и тоа селективно, туку да важи и за оние кои се унапредуваат во судскиот совет нагоре. Јас набројав четири, пет примери и мислам дека мандатот кој го има судскиот совет во овој изминат период не му дозволил да имаме уште толку примери. Меѓутоа, како времето тече, очигледно е дека ќе бидеме во ситуација на секои наредни неколку месеци , како што ќе се нудат одлуки за избор и именувања , евентуално и за разрешувања, имаме

дополнителни аргументи на она што претходно го кажавме дека пратеничката група на СДСМ не е во ситуација веќе на овој судски совет да му верува приори , без никакво образложение, туку ќе мора за секој предлог, согласно со праксата во овој Парламент да поднесува образложение, кое нас ќе не доведе во ситуација да немаме резерви кон предлогот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Се додека образложенијата се штури, или со една реченица, или се не лоцирани, туку се наведуваат примери за пет судии каде што не се знае кој за што, документација нема за нас итн., или барем усмена изјава, тогаш ние навистина сме во ситуација на таквите одлуки се додека не се документираат пред нас гледаме со призмата на претходниве случаи. А исто така се дотогаш ќе ги отфрламе да речам сугестиите на нашите колеги од владеачката коалиција пред се пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кои ни сугерираат дека ние за ова не треба да расправаме, дека треба да го штитиме дигнитетот и дека треба по тој повод само да гласаме за и против. Затоа што на вчерашната седница токму тие наши колеги покажаа дека не размислуваат така. На пример, на предлозите на Судскиот совет ладнокрвно без еден збор, само притиснаа копче и двајца судии на најистакнати судски функции претседател на Апелационен суд, кандидати за Апелационен суд и за Врховен суд едноставно ги поништија. Во тој случај немаат доверба во Судскиот совет. Зошто да верувам сега дека на пример господинот Данило Глигоровски кој правеше бравурозни логични конструкции на нашите дискусии вчера уверувајќи не дека те сме имале, те сме немале доверба и треба или да имаме, или да немаме, сега јас да верувам на таквата конструкција на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Едноставно сметам дека и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ исто како и нас вчера покажа дека на предлозите на Судскиот совет на Република Македонија има свој пристап со недоверба, па некои од предлозите низ своја призма ги пропушта и ги гласа, некои од предлозите нив своја призма ги пропушта и не ги гласа, а нас напротив не уверува априори да пристапиме со доверба и да гласаме на се што се нуди дури и без образложение. Се додека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го применува исто така аршинот на сопствена аргументација за избор и разрешување на судии, а не на блок прифаќање на предлозите на Републичкиот судски совет, ние тоа право исто така ќе го имаме, особено што ни го дозволува Уставот. И исто така би замерил доколку тоа не звучи грубо би замерил на господинот претседател на Републичкиот судски совет кој во својот настап после не изгласувањето на довербата на двајца врвни кандидати за врвни судски функции од страна на Парламентот и после барањето исто така од страна на Парламентот некои од предлозите да ги образложи, се појави пред нас со барање на доверба кон она што тие го работат, меѓутоа само за делот во разрешувањето, без да каже ниту еден единствен збор за тоа зошто немаше доверба за претходните две точки кои му паднаа. И со тоа се стави на некој начин на страната на аргументацијата само на оние кои се од парламентарното мнозинство чие однесување, еднаш имаме, еднаш немаме доверба по предлозите е дозволено од страна на Републичкиот судски совет, затоа што не се коментира, а од страна на опозицијата еднаш имаме, еднаш немаме доверба по предлозите кои се без образложение, имаше свој коментар дека мора ние да го почитуваме тоа правило. Се додека не го слушнеме неговиот збор и за претходните два случаи каде што првпат се случува да паднат такви предлози, ние ќе мислиме дека и тие дискусии на Републичкиот судски совет во нашиот Парламент се насочени во некој процент кон некакво заедничко координирано дејствување на Републичкиот судски совет и парламентарното мнозинство. Доказ за тоа вчера беше крунски што неколку пратеници на владеачката ВМРО-ДПМНЕ излегоа овде со сериозни сознанија врз основа на што се нуди разрешување на судиите. Ако Републичкиот судски совет е независна институција, тогаш нас не ни е јасно како е можно Републичкиот судски совет да дал информации, или да протекле информации и тоа сериозни и тоа комплетни информации, прилично издржани само кон пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа не и кон пратениците на СДСМ, за другите групи не знам затоа што не се изјаснија. Меѓутоа, Републичкиот судски совет очигледно дека има некакви други неформални врски со кои покажува дека одредени пратеници од владеачката гарнитура имаат сознанија зошто тоа се нуди. Ние тие ги немаме. Со такво

однесување ниту Републичкиот судски совет е независен во однос на пратеничките групи од власта и опозицијата, ниту пак применува еднакви аршини и методи во својата работа кон пратениците кои согласно Уставот без разлика дали се позиција, или опозиција, по нивните предлози се рамноправни во овој парламентарен дом.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вчера беше кажано многу. Да прекинеме со реплики. Се работи за следново. Очигледно е дека има Закон за Републички судски совет и очигледно е дека мора да се почитува барем додека важи тој Закон за Републички судски совет таков каков што е. И можеби е време ако сметаат некои пратеници, или мнозинството да се пристапи кон измена и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет во смисла на негова поголема отвореност. Таков каков што е, ние мораме да го почитуваме. Тоа е едно.

Второ, се согласувам дека има простор за поголема транспарентност во однос на пратениците од страна на Републички судски совет, а особено како што реков пред Комисијата за избори и именувања. И таму се надевам дека понатаму Републичкиот судски совет ќе биде целосно отворен во давањето на максимални образложенија зошто донел таква одлука. Тогаш, верувам дека сите сознанија ќе дојдат и до пратениците и ако сакате и ако инсистирате можеме да одиме и на затворени седници и да расправаме итн., бидејќи се работи за личности. Но, велам се до оној момент додека постои таков каков што е по овие норми како што функционира. Републичкиот судски совет ! ние не можеме да го обвинуваме дека не постапил законски, а правото како, кој ќе гласа овде на никого не му е скратено. Сега некои што се во мнозинство, некои што се во малцинство, некој што гласал така, или вака, тоа е веќе друго прашање. Јас околу тоа прашање не сакам да дискутирам. Меѓутоа, го прифаќам како аргумент фактот дека поголема транспарентност во донесувањето на одлуките на Републичкиот судски совет треба да постои, треба до секој пратеник во рамките на пратеничките групи да дојдат информациите, а се разбира доколку оцените дека има субјективност во однесувањето, тогаш може да се побара и по еден деловнички пат овде и да водиме расправа. Затоа ве молам сега да прекинеме со расправа. Ги слушнавме аргументите и од една и од друга страна, да не навлегуваме во непотребни дискусии. Ги молам пратениците Данило Глигоровски, Ѓулистана Марковска и Жарко Караџоски да се откажат од дискусиите и да преминеме на гласање. Го слушнавме мислењето на шефот на пратеничката група и да одиме на гласање. Немојте ве молам да ја; водиме расправата непотребно. Во тој случај навистина ќе навлеземе во води кои што далеку ќе не однесат. Го слушнавме мислењето на шефот на пратеничката група на СДСМ, се разбира дека најсериозно ќе ги погледне Републичкиот судски совет, нему му се упатени и што имаме ние сега да коментираме и да браниме. Освен тоа јас особено укажувам постои закон таков каков што бил донесен не од нас, туку од поранешните гарнитури. Тогаш бил добар тој закон и по тој закон се постапувало. Се постапува и сега, можеби има слабости, можеби времето ги надминало решенијата. Дајте да видиме дали можеме тука да интервенираме, а не сега да изнесуваме и да речеме политички оценки и квалификации за еден орган кој што припаѓа на друга власт. Јас сум и за тоа ако сакате да водиме расправа, но расправата да ја водиме по други поводи и ми се чини дека можеби погрешно по поединечни случаи. Во таа смисла јас ги молам пратениците да се откажат од дискусија, имаме многу поважни работи по кои што треба денеска да дискутираме. Се е ова нотирано, се е ова забележано и од јавноста и од претседателот на Републичкиот судски совет, тоа ќе го погледнат и верувам дека ќе овозможат и поголема транспарентност во однос на пратениците. Го молам и колегата Жарко Караџоски да се откаже од расправата за да можеме да гласаме.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

(Реакции од страна на пратениците на СДСМ).

Немојте после шефот на парламентарната група повторно да се јавувате и уште да дополнувате. Тоа навистина не е коректно. Повелете, имате право. Ако сакате опструкција? Ве молам, ќе ја прекинам седницата, ќе ги одложам точките и во тој случај ќе одиме на дневниот ред по првата точка. Тоа е мое право. Ве молам, почитувајте се еден со друг. Кога шефот на парламентарната група половина час говори, сега другите и понатаму ќе дискутирате? Ве молам не е коректно да се дискутира после сето ова. После целата вчерашна расправа, после сето ова што го кажа вашиот шеф

веројатно го има на парламентарната група, вие повторно се јавувате. Значи сакате да правите опструкција на седницата. Тогаш како овие другиве се откажале?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Тоа е нивна работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина ќе ме принудите да ја прекинам седницата, да поминеме на главните точки од дневниот ред, а ова да го оставиме на крај. Ако тоа го сакате, во тој случај тоа и ќе го направиме, но да знаете дека вршите директно опструкција и навлегувате во една материја која што навистина не е предмет денеска на дневен ред. Имаме предлози и нив треба да се расправа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, сакам да расчистиме три работи за кои на некој начин вие ја окрививте пратеничката група на СДСМ.

Прво, никаде не пишува дека ако настапи координаторот на групата, после тоа никој нема право на збор, особено што јас не настапив во име на групата, туку настапив во мое име. Меѓутоа, и кога би било така, никаде не пишува дека со тоа престанува правото на изјаснување. Мислам дека ова првпат да се слушне во Парламентот дека пратениците немаат право на дискусија ако настапил координаторот.

Второ, два пати не обвинивте дека правиме опструкција на седницата. Јас само сакам да потсетам дека вчера при утврдувањето на дневниот ред ние гласавме за дневниот ред, а гласавме против фактот дека точките од 20 до 26 треба да одат први, гласавме против. Тие кои гласаа за оваа пермутација на дневниот ред се пратениците од парламентарното мнозинство. И сега дозволете, никако не прифаќам и го одбивам вашето искажување дека ние правиме опструкција. Ако е опструкција дискусија по точките на дневен ред, нека суди јавноста, а ако е опструкција фактот дека ние гласавме да почнеме по дневниот ред што вие сега го предлагате, па немојте ве молам, вие утврдивте да почнеме со точка 20, а ние бевме против. И сега уште ни кажувате, опструкција, немојте да дискутирате. Па ајде кажете ни по кои точки да седиме, по кои точки да не дискутираме, по кои точки да излеземе и како да се однесуваме. Навистина не можам да прифатам опструкција од претседателот на Парламентот искажано јавно на седница дека правиме опструкција само заради фактот дека имаме дискусии по значајни теми. Ние не гласавме за ваквиот дневен ред, гласавме по точката Закон за организација и работа на органите на државна управа да биде прва точка. Вие го сменивте. Сега ни кажувате дека имаме опструкција затоа што сакаме да дискутираме. Навистина не знам во која ситуација се доведуваме.

**САВО КИМОВСКИ:**

Процедурална забелешка има пратеникот Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Господине претседателе, ние се откажавме во интерес да ја завршиме расправата. И мислам дека од тој аспект сега допуштате нови луѓе да се пријавуваат. Ќе ве молам да ми дадете збор како што бевме и пријавени. Во тој случај важи мојата пријава, сакам да дискутирам ако веќе допуштате на Љубомир Поповски. Ние се откажавме во интерес на завршување на расправата и да поминеме на гласање. Сега кога нови луѓе се јавуваат јас си го задржувам правото да учествувам во расправата. Ве молам да ми дадете збор пред Љубомир Поповски.

Јас ќе бидам конструктивен доколку колегата Љубомир Поповски се откаже од дискусија, да поминеме на гласање, ако не се откажува си го задржувам правото да зборувам.

Ме мотивира исклучиво колегата Никола Поповски. Верувајте дека се она што тој го зборуваше би му поверувал и навистина би ме мотивирал да ги гледаме работите како што тој ги гледа, но само во еден случај доколку истиот тој не седеше во претходните клупи на овој Парламент, во претходниот состав во моментот кога се гласаше изборот на судите. Колегата Никола Поповски сега се повикува на тоа дека не избираме искусни судии кои се докажале со долг стаж во својата работа и дека со голем цинизам и ладнокрвност тоа го правиме. Еве. колку за потсетување, ќе го земам само основниот суд во Прилеп, може' и колегата Кирил Настески да му пренесе на Поповски ако смета дека ова што ќе го кажам не е вистина. Вие господине Никола Поповски гласавте против изборот на следните судии во Прилеп, против Доминика Плашевска 34 години работно искуство во судот како судија, не ја избравте, Владимир Трајковски преку 25 години стаж, не го

избравте, Љубомир Чавлески преку 30 години работен стаж во судот не го избравте, ладнокрвно без објаснуваше. Друга работа, го изгласавте и избравте претседателот на судот прво како судија господинот Кирил Цветановски за по неполна година дена да го разрешите од судија, исто без око да ви трепне, ладнокрвно онака како што вие тврдите. Господине Поповски, зошто тогаш не излеговте да кажете како работи Републичкиот судски совет, вие бевте мнозинство тогаш, вие го избравте тој Судски совет. Сега нас ли ќе ни држите предавања и овде ќе ни попувате како треба и што треба. Републичкиот судски совет си е своја институција, тој предлага разрешување, предлага избор. Дали ние ќе го изгласаме, или не, тоа е наше право. Затоа само колку за потсетување на овие работи господине Поповски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници јас сум должен да ви укажам на една работа. Внимавајте во расправата навлегуваме во една сфера која што не е наша. Многу тенка е таа сфера и таа линија. Внимавајте на достоинството на институцијата која што го штити судството.  И немојте сега да го ставаме во партиски гледачи партиски расправии. Сакав да ви обрнам внимание на сите, а понатаму ќе ви дадам збор.

Има реплика господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Караџовски, јас ви благодарам за потсетувањето, меѓутоа верувајте дека не ми е потребно затоа што знам што сум гласал. Имам впечаток дека вие понекогаш не знаете вчера што сте гласале, а денес што зборувате.

Прво, да кажеме кога веќе се повикувате на минатото. Во минатото пратеничката група на СДСМ избра заедно со тогашното Собрание во кое вие не учествувавте од прилика 400, 500 судии, 600. Меѓутоа, ние изградивме критериуми. Кога веќе Уставот не овластил, ние изградивме и сопствени критериуми дека оние кои се пред пензионирање на неколку години нема да ги гласаме заради тоа што ценевме дека не треба да гласаме за оние кои по две години ќе одат во пензија, а знаете дека е до крај на работниот век оваа функција. Понатаму, некои луѓе не ги избравме и од други причини. За нивното однесување сега мислам дека сосема сме биле во право зошто тоа не сме го направиле. Меѓутоа она што е разликата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ е следново. Ние и тогаш и денес не тврдиме дека треба да ни се оперира дел од мозокот и на предлозите од Републичкиот судски совет да не размислуваме. И тогаш и сега размислуваме. За разлика од Караџовски кој вчера ни кажа дека не треба да размислуваме и треба да имаме 10 0 процентна доверба во Судскиот совет, а потоа господинот Караџовски да гласа против претседател на Апелационен суд и против избор на судија на Апелационен суд во Врховен суд. И сега повторно да ми кажува мене дека тие имаат доверба. Она што го барам од господинот Караџовски е овде да потврди дали и тие имаат свои критериуми кон изборот и разрешувањето на судот согласно со Уставот, или се однесуваат целосно коректно кон предлозите на Судскиот совет и без разлика што се нуди, се гласа.

Меѓутоа, да го предупредам дека ако каже нема критериуми, вчера имаше критериуми, некои од предлозите ги прифати, некои не ги прифати. Меѓутоа, неговиот координатор и негови видни членови на пратеничката група , како што се Марковска и Глигоровски кои ги посочив, после тоа излегоа со соопштение овде, со дискусија дека ние всушност не сме имале однос кон Судскиот совет и дека треба без размислување да штитиме дигнитет, дека треба без размислување да гласаме. Видете, не можеме да учиме од лиши ученици.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако може малку да се воздржиме од сите реплики, Караџовски. Но повелете,имате право сега да работите. Меѓутоа, очигледно се настојува да се провлече оваа седница и да се префрли на друг  колосек. Во секој случај, повелете, имате право на реплика г-дине Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Г-дине Поповски, Вашиот критериум кој сега го изнесовте дека наводно сте гласале заради тоа што биле пред пензија не држи. Еве го примерот со Владимир Трајковски, 25 години стаж, зарем тој човек е за во пензија? Вие не го избравте за судија за да после шест месеци го изберете за заменик јавен обвинител. Тоа ли е Вашиот критериум. Прашајте го зад вас ќе ви каже дали е така. Тоа е едната работа.

Втора работа г-дине Поповски: Вие од  каде знаете како вчера гласав? Дали сте сигурни дали јас гласав онака

како што Вие тврдите? Земете го листингот и проверете г-дин Поповски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На почетокот ви кажав дека англискиот парламентаризам , кој што трае повеќе од два века, во расправата никогаш не употребува личности, зашто тоа е обично кавгаџиство. Секогаш се говори за аргументи, а не како рече тој, значи сака да ми одговори, па после да му одговорам. Ве молам, внимавајте во расправата да разговараме за аргументите, а не да се потсетуваме кој што рекол, па да ми одговори и т.н. Навистина, на што ќе личиме? Дајте малку да го градиме тој парламентаризам како што треба и да го сочуваме достоинството. Аргументите се аргументи, а не да се повикуваме сега на други и трети состави, кои што и како правел и т.н. Тоа не води кон една конструктивна расправа, единствено ако не сакаме да вршиме пак велам една опструкција на работата на седницата Тогаш можеме да расправаме и пред десет години кој што кажал и како мислел. Но добро, Поповски, повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Очигледно г-динот Караџоски наместо да расправа за точките, 25, кои се овде предложени од Судскиот совет, расправа за точките 25 од 1996 година на некоја седница што биле. Меѓутоа, после она што се случи пред неколку денови во парламентот, кога г-динот Караџоски расправаше за истите теми, овој пат немам намера да премолчам. Г. Караџоски се повикува на листингот како тој гласал. Видете, г-дине Караџоски, ние имаме став кон мнозинството на кое вие припаѓате. Тоа мнозинство вчера со гласање на тастерите усвои едек закон да се симне од дневен ред, после тоа на јавно изјаснување по предупредување од вашите членови и по употребата на англискиот парламентарен бич кој го посакува г-динот Климовски да го употребуваме овде како терминологија, Вие го сменивте исказот, можеби не Вие, меѓутоа, парламентарното мнозинство на Вашата група. Јас апсолутно немам ништо против Вас г-дине Караџоски. Јас разговарам со Вашите политички ставови кои ги претставувате како пратеничка група и со нив сакам да спорам.

Понатаму, јас не употребив ниту едно име, иако дискутирав половина час. Ниту едно единствено име на судиите. А г-ѓата Марковска ја спомнав затоа што тоа е нејзин исказ, Караџоски и т.н. Тоа се пратеници,наши колеги и се разбира дека е дозволено да дискутираме за нивните дискусии. Како инаку да кажам, на чија дискусија е тоа. Од тој аспект, апсолутно не се чувствувам некако хендикепиран или виновен за ова што се случува во парламентот, особено што г-динот Караџоски сака одлуките од 2000-та да ги толкува со одлуки од 1996 година. Јас на пример сега можам да го прашам г-динот Караџоски за тоа што тој се обраќа на пратеници од 1996 година, од кои овде седиме само десет, 50 нема, како г-ѓата Димовска пред пет седници ни се појави на говорница кажувајќи дека треба да го штитиме Уставот кој таа не го гласаше. Дали е тоа начинот на расправа? Сега г-ѓица Димовска не го гласа Уставот, се повикува на Уставот. Се разбира, јас тоа не го правам, како што и Караџоски не може да го прави тоа - Вие гласавте 1996 година, јас имам право 2000-та година. За тоа сакам да спорам со политичките ставови.

(Реагирања од многу пратеници во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Поповски, ама навистина ова ми личи, ај да не употребувам многу лоши зборови. Не е својствено на Вас, навистина не е својствено на вас и не знам зошто сте така предизвикани. Немојте сега да ширите разно разни работи.

Има збор г-динот Радомир Карангелески, процедурално.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги сметам дека она што се договаравме на координацијата апсолутно не покажуваме ништо од тоа, туку обратно правиме.

Ако веќе по оваа точка не можеме во еден нормален тек пред јавноста да расправаме за овие сериозни точки што ги имаме на оваа седница кон кои е вперена целата јавност и ја следи нашата работа, би замолил и сметам дека во тој случај треба да се помине на точката Еден од дневниот ред, а овие точки што следуваат тука да се прекинат и на крајот на седницата да ги завршиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, имаме процедурален предлог, да ја оставиме оваа расправа за на крај и со гласање да се договориме по предлогот на г-динот Карангелески да поминеме на точката еден, а за овие

точки да расправаме на крајот на седницата.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Процедурално, ве молам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Заврши. Па гласаме сега, предлогот го ставив на гласање.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Како ќе гласаме по точки за кои не е почната расправата.

По оваа точка е почната.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

(По гласањето).

44 пратеници гласаа за, 5 воздржани и 19 против.

Значи, овие точки ги оставаме за на крај и ќе преминеме на првата точка од дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Преминуваме на Првата точка - Предлог закон за организација и работа на органите на државната управа.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор?

За збор се јави претседателот на Владата на Република Македонија г-динот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници, со оглед на фактот дека станува збор за пакет на закони за кои веќе десет години се зборува во Република Македонија, и на кои веќе активно се работи 4 до 5 години, имам чувство за потреба навистина да кажам неколку реченици и да ја искажам нашата голема желба како Влада дека навистина влегуваме во еден голем процес на реформа во државната администрација.

Ние сметаме дека Македонија конечно треба да добие државна администрација која ќе може да се соочи со предизвиците на новото време. Оваа Влада и Парламент се подготвени да ја спроведат реформата на јавната администрација, затоа што тоа од нас го очекуваат граѓаните, затоа што ние самите ја чувствуваме потребата од реорганизација на државната администрација. И не само заради тоа, тоа треба да го направиме и како резултат на нашата потреба за забрзување на процесот на нашето вклучување во меѓународната заедница и процесот на продлабочување на нашата соработка со меѓународната финансиска заедница.

Во тие рамки поконкретна е определбата на Владата за забрзување на процесот на приближување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија и создавање на соодветни административни структури за негово спроведување.

Целта на секоја земја е создавање на јавна администрација способна да ги прави вистинските работи во вистинско време на најефикасен начин, имајќи ја довербата на граѓаните. Денес во европските земји преовладува концептот на различност на јавната администрација. Различноста го афирмира потенцијалот за многу уникатни и индивидуални пристапи, а не пристап на униформираниот, всушност и го збогатува списокот на основниот концепт кој претставува иновација, креативност, конкурентност и супсидијарниот. Значи, не постои модел на јавна администрација кој би можел да се преслика од една во друга земја, туку секоја земја треба да изгради свој модел на јавна администрација. Ние се одлучивме за мала, професионална и одговорна јавна администрација со едноставна структура.

Без оглед на различните пристапи, целта на јавната администрација е квалитетни јавни услуги. Со оглед на факот што државната администрација е носител на реформата, но и предмет на реформите, сметаме дека успешното спроведување и остваруваше на целите на реформата зависи од успешноста на имплементацијата на законите, меѓутоа, многу повеќе успешноста на целиот овој реформски процес ќе зависи од промената на вредносниот систем, административната култура и навики во државната администрација.

Би сакал да се уверам дека овие реформи не ги правиме за да го намалиме бројот на вработените. Оваа реформа не ја правиме за да ја партизираме државната администрација и за да ја направиме нечиј политички сервис. Оваа реформа ја правиме аз да добиеме

поефикасна и поевтина државна администрација која ќе претставува јавен сервис кој им служи на интересите на граѓаните и државата.

Свесни сме за фактот дека досега реформата на јавната администрација во Република Македонија не се одвиваше паралелно со реформата во другите области. За тоа постоеја пречки од објективен карактер. Имено, во годините веднаш по осамостојувањето на Република Македонија напорите беа концентрирани кон потребите за политичко признавање на државата и кон потребите на макроекономската стабилизација на стопанството.

Реформата на јавната администрација ја добива својата актуелност во периодот во кој Република Македонија оствари значителен демократски напредок и одредени достигнувања во спроведените економски реформи. Во овој момент потребата од забрзано темпо во реализација на реформата во јавната администрација се поставува како императив за натамошно успешно продолжување на овие процеси.

Со оваа реформа ќе се дејствува во неколку насоки:

- заокружување на нова правна рамка за функционирање на јавната администрација,

- остварување на самостојност и ефикасност на извршната власт во примената на правото и остварувањето на државните функции, придружено со поголем степен на сопствена одговорност и зајакната контрола врз управата,

- оспособување на јавните служби да функционираат како јавен сервис на граѓаните и на другите правни лица,

– контрола на вршењето на јавните набавки и трошењето на средствата од Буџетот,

- реорганизација на инспекциските служби и службите за внатрешната контрола,

- поедноставување на многубројните административни процедури и административни режими за вршење на одредена дејност, како и намалување на административниот апарат.

На оваа реформа се работи многу темелно и веќе подолго време. Би сакал да Ве потсетам дека во мај минатата година Владата на РМ ја усвои Стратегијата за реформа на јавната администрација. Во изминатиот период се работеше на создавање на правна рамка и на создавање на организациска инфраструктура за оперативно имплементирање на определбите од Стратегијата. За таа цел, беа консултирани многу домашни и странски експерти. Финалниот производ на целиот тој процес се законите кои се денес на дневен ред на оваа собраниска седница.

Пред Вас, почитувани пратеници, се наоѓа Предлогот на законот за организација и работа во органите во државната управа, Предлогот на законот за Владата на РМ и Предлогот на законот за државни службеници. Овие закони се резултат на нашата определба за реформа на државната администрација во правец на изградба на модерна правна држава, развој на демократијата и цивилните општества во духот на европската демократија, притоа почитувајќи го уставниот принцип на поделбата на власта на законодавна, извршна и судска.

Со овие закони се поставува правната рамка за функционирање на новиот систем на државна администрација , односно за функционирање на новиот систем на државна управа кој јасно ќе ги постави правата , должностите и одговорностите на сите кои учествуваа во процесот на формулирање на политиката и извршување на задачите на државната администрација. Или со еден збор кажано, ќе бидат воспоставени нови правила на игра на нова модерна државна администрација.

Оваа приоритетна цел е во функција за остварување на специфичните суштинските цели на создавање професионална, деполитизирана, ефикасна и одговорна граѓански ориентирана државна администрација, која ќе функционира во поедностави структури на власта во согласност со начелата на парламентарната демократија и одговорност. Донесувањето на овие закони треба да обезбеди развој на македонски систем на државна администрација со следните клучни карактеристики: граѓански ориентирана државна администрација како ефикасен сервис на граѓаните и правните субјекти во остварување на нивните права, професионална и деполитизирана заштита на администрацијата при вршењето на овластувањата од политичките и други интереси. Системот на државната администрација со едноставна структура во согласност со начелата на

парламентарната демократија што е можно помалку одвоени структури кои не се опфатени и кои не се под раководство на министерот кој има директна парламентарна одговорност.

Од тие причини, новиот систем на државната администрација ќе функционира, меѓу другото , и врз основа на принципите на компетентност, одговорност, ефикасност и транспарентност.

Реформата ан системот на државната управа се однесува на реформата на министерствата, другите органи на управата и организациите, односно класичната управа, како и на Владата како носител на извршната власт која врши надзор и ја насочува работата на органите на државната управа, пред која тие се одговорни за својата работа.

Со новата организација на државната управа ќе се поедностави нејзината структура, со што ќе стане поефикасно нејзиното функционирање.

Во иднина ќе постојат што е можно помалку одвоени структури кои не се опфатени под раководство на орган чиј функционер има директно парламентарна одговорност и ќе се зајакне улогата на Владата како колективно тело и ќе се подобри ефикасноста на нејзината работа.

Од аспект на функциите на државната управа, се преземаат реформски активности за зајакнување на функциите за следење, контрола и подготовка на легислативата, кои заедно со основната извршна функција на државната управа ќе ја овозможат таа компетентност да влијае и дејствува во правец на развојот на општеството. Во оваа смисла, сметаме дека активноста и постапката за подготвување на легислативата значително ќе се подобрат со тоа што консултативните процеси и анализата за процената на влијанието на законите, како и партиципацијата на граѓаните на подготвување на легислатива, ќе добијат институционална форма во регулативната функција на управата.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ**:(Продолжение)

Од аспект на зајакнување на надлежностите на државната управа за следење на примената на легислативата, особено е важно институционалното зајакнување на службите кои ја вршат анализата за ефектите или упадите од примената на законите и зајакнувањата, или организацијата на инспекциските служби кои ја вршат контролата односно управно надзорната функција на управата.

Посебно важно како цел на реформа на државната управа е остварување на можноста за организација на управата во нови флексибилни институционални форми, кои за разлика од класичните управни органи ќе дејствуваат пред се во функција на развојните потреби на стопанството.

Со Законот за организација и работата на органите на државната управа определено и формирање на министерства како класични управни органи за вршење на функции на државната управа, за еден или повеќе сродни управи и ресори. Раководејќи се од овие принципи, имајќи ги предвид компаративните искуства од другите држави, Владата предлага основање на 14 министерства. Покрај министерствата кои се класични управни органи, предвидено е на 6 самостојни органи на државната управа како нови флексибилни институционални форми кои пред се ќе вршат стручни работи во областите за кои се основаат министерствата.

Уставната позиција на Владата како носител на извршната власт соодветно се конкретизира во Законот за Владата на Република Македонија со кој се обезбедува самостојноста и авторитетниот на Владата во сферата на извршната власт. Ова особено се потврдува во независноста на Владата, во утврдување на политиката на извршување на законите, другите прописи и општите акти на Собранието на РМ и во нејзината независност во донесување на прописи и општи акти за извршување на законите.

Законот за државни службеници е посебен процес со кој се регулира специфичниот статус на државните службеници. Специфичниот статус на државните службеници ја наметнува потребата, законодавството што се однесува на нив да се одвои од општото работно законодавство, Спецификите произлегуваат од потребата на лојален однос кон носителите на демократски избраната власт, при вршење на работите и задачи кои им се доделени, при што истовремено треба да се обезбедат квалитетни и навремени услуги и за граѓаните кои ја избираат власта.

Со овој закон треба да се замени застарениот модел на организација, недефинираниот специфичен статус на државните службеници, нивните недоволно прецизирани права, обврски и

одговорности, застарените и ригидни техники на управување со човечките ресурси во државната администрација, непостоењето на јавните правила за селекција,вработување, наградување и унапредување, засновани на способности.

Почитувани пратеници,

- Со усвојување на предложените закони ќе се востанови правната рамка и ќе започне процесот на нивната имплементација, со што конечно и реформата на јавната администрација ќе го следи и ќе го фати чекорот со реформите во другите области, бидејќи реформите се единствениот пат преку кој ќе ја градиме Република Македонија како демократска и правна држава.

На крајот би сакал да додадам неколку работи:

Прво, во мојот воведен дел, како што гледате, се задржав многу малку на она што мислам дека се претвори, во последно време, во суштинска расправа, кога се размислува за овие три закони за државна администрација. Имено проблемот кој веќе се сведе на тоа дека оној кој е за пакетот на законите за државна администрација, оној кој е за и оној кој е против се гледа само во бројката колку министерски места ќе бидат, дали ќе бидат 16,14,13 или 9.Јас во мојот воведен дел сакав да укажам токму на спротивната работа, дека 10% од она што значи пакет на мерки за државната администрација се однесува на проблемот колку министерски места ќе има со новата реформа на државната администрација. И она на што сакам посебно да апелирам до сите пратеници во Парламентот е токму на тој факт дека проблемот на кој ние најмногу се исцрпуваме навистина не зафаќа повеќе од 10%, од она кога ние мислиме и зборуваме каква реформа на државната администрација. Напротив кога зборуваме за реформа на државната администрација, ние како Влада сакаме да мислиме и да ја насочиме дискусијата токму во тој правец, каква содржина, каква суштина, каков нов однос и каков јавен сервис ние ќе имаме во иднина во РМ.

Меѓутоа кога станува збор и за самата бројка колку министри ќе имаме јас можам да кажам дека Владата, како на ниеден друг закон не направила се од себе да излезе во пресрет на барањата на некои опозициони партии. Оттука, самиот факт што од сегашните, ми се чини 21 министерско место ги симнавме прво на 16, па на 15 и сега да дојдеме со предлог на 14, јасно зборува за волјата на Владата да се излезе во пресрет и на опозиционите партии.

Меѓутоа, јас сакам да спомнам и една друга работа. Сега има амандмани и за 11 министерски места. Јас можам да ви кажам и едно друго.

Ако се договориме сите како партии, власт и опозиција, ние можеме да ги направиме и 8 министерски места. Не е проблем да ги направиме 8 министерски места, ќе ги споиме урбанизмот и екологијата, ќе го споиме здравство и социјална политика, ќе споиме 3-4 министерства во сегашното министерство за образование и култура и ќе ги направиме осум министерски места. Меѓутоа, морам да кажам дека ние после тоа влегуваме во една нова одговорност како комплетен Парламент. Сите мораме да се соочиме со фактот дека со секое намалување на министерските места автоматски ние мораме да ја децентрализираме државата, во смисла ингеренциите да ги префрламе од министерствата на локалната самоуправа. И ако сите ние се согласиме за една таква политика, да седнеме да разговараме повторно на таа тема, меѓутоа да немаме после обвинувања во втората фаза дека Владата сака да ја федерализира Република Македонија, затоа што секое намалување ка министерски места и сегашното намалување до 14 места, јас ве уверувам дека во втората фаза мора неминовно да води до нова децентрализација односно префрлање на ингеренции од министерствата на локалната самоуправа, затоа што проблемот на здравството и на една држава од два милиони луѓе и во држава од 250 милиони е проблем на здравството, па или ќе го има федералната држава, или ќе го префрли на некоја своја федерална единица, република, покраина и не знам што постои во таа држава. Така што концептот на максимално редуцирање на министерски места, јас сакав во старт да знаеме дека носи нова децентрализација и нов систем кој, мислам, ќе навлезе малку и во уставното уредување на РМ. Така што ако позицијата навистина инсистира на таква децентрализација, мораме сите да бидеме одговорни што носи таквата децентрализација. Тоа е првиот момент на кој сакав да ставам акцент.

Вториот момент на кој сакам да ставам акцент е следниот:

Сите ние сме свесни дека овој закон мораме да го донесеме со 80 гласови. Тоа значи активна поддршка и од некои опозициони партии.

Во оние дискусии кои досега ги имавме и во Парламентот и во јавноста се добива еден призвук дека опозицијата има тука простор за уценување на Владата, што е нормално и факт дека со оглед на фактот што ни требаат 80 гласови. Меѓутоа, јас сакам неколку зборови да кажам на оваа тема.

Прво, изгласувањето односно несогласувањето на овој реформски закон е имиџ на Република Македонија. Значи меѓународната заедница ќе ја гледа Македонија дали таа има севкупен капацитет затоа што и таа знае дека овој закон оди со 80 гласа, дали Република Македонија има севкупен реформски капацитет, на власта и опозицијата да поддржи едни реформи. Затоа токму на почетокот и го потенцирав тоа дека проблемот кој овде се наметнува како врвен, дали ќе имаме 16 или 13 министерски места е само 10% од она што значи сакаме ли ние реформи на државната администрација или не сакаме. Така што сите ние во старт мораме да бидеме свесни, свеста дека овој закон се гласа со 80 гласа ја имаме не само ние во Македонија, туку ја имаат и оние кои треба да ја дадат оценката за меѓународната улога и расположение на Република Македонија.

Вториот момент во чиј интерес е оваа државна администрација односно оваа реформа на државната администрација, јас ќе бидам слободен да дадам една оценка дека, ако со донесувањето на овој закон му се отвора еден многу тежок проблем на некого, тоа и се отвора на оваа Влада, од многу аспекти: од аспект што, прво на една серија министри мораме да им се заблагодариме за нивното досегашно учество,по сила на овој закон. Второ, една комплетна структура која стои зад тие министри, заменици министри, помошници министри, потсекретари во тие министерства итн. Така што се отвора еден кадровски проблем кој самата влада треба да си го решава внатре.

Другиот проблем е што три месеци ние нема да се занимаваме со ништо друго освен со прегрупирање на министерствата, на начин на кој ќе бидат направени, а да не зборувам дека имплементацијата на целиот овој закон ќе трае во доста жестока активност, најмалку една година и ние како Влада можеби една третина од своето време ќе го употребиме само на тој момент.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение)

Конечно, не изгласувањето на овој закон јас можам само да спомнам дека навистина ќе ни донесе некои поени.

Прво, антиреформските сили во Република Македонија ќе го зајакнат својот имиџ на антиреформски сили пред меѓународната заедница.

Второ, ќе ни дозволат да продолжиме да работиме во овој состав како што работиме сега, нема да имаме работа со преструктуирање на министерствата и имплементацијата на овој закон и конечно ќе ни останат над милијарда денари предвидени во Буџетот за реформата на државната администрација кои можеме итно да ги операционализираме и да ги претвориме во инвестиции што сигурно ќе придонесе за нов економски ефект на развојот на Република Македонија.

Токму заради тоа, јас излегов со ваква позиција со една голема желба која ја покажа оваа Влада во целата оваа расправа од почетокот до денеска да излеземе во пресрет на многу барања од опозицијата како во никој друг закон не се прифаќани забелешките и амандманите од опозицијата и она до што дојдовме е овој закон што го имаме сега пред вас.

На крајот само ќе спомнам неколку елементи, а тоа е дека ние во ниту еден момент нема да прифатиме однос на уцена на власта затоа што, јас пак ќе кажам, последиците од не донесувањето на овој закон мислам дека многу помалку ќе бидат на штета на Владата отколку на штета на оние кои сакаат себе да се промовираат како перманентни, континуирани антиреформски сили во Република Македонија.

Уште еднаш ќе го нагласам моментот дека врвниот проблем кој овде се повторува, а тоа е колку министерски места ќе бидат е само 10% од севкупната проблематика и на крајот ќе додадам дека на овој закон се работи добри четири или пет години. Во овој закон имаат своја улога министрите од СДСМ од нивно време, има претходниот министер г-динот Камбовски и на крајот среќата да финализира ја има господинот Насуфи, меѓутоа, ние не можеме да ја потцениме целата улога на сите структури кои учествувале во една долгогодишна работа на еден закон.

Конечно можам да кажам дека овој закон има комплетна потврда од меѓународните експерти, конкретно од Европската Унија која е практично најмногу заинтересирана за овој закон, јас верувам дека ова е добар начин на кој ние ќе демонстрираме врз едни партнерски односи и добра соработка ќе успееме да го покажеме меѓународниот имиџ и реформските капацитет на Република Македонија пред меѓународната заедница.

Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубчо Георгиевски, претседател на Владата на Република Македонија за воведното излагање по Предлогот на закон за организација и работа на органите на државната управа.

Пред да отворам расправа почитувани дами и господа пратеници јас сакам да го поздравам присуството на Претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски кој активно ја следи оваа седница.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали можеме, без да бараме пауза, стенограмот да ни се подели, а ние да работиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Може, навистина може, тоа не е никаков проблем, додека ние работиме јас ги молам службите да го подготват стенограмот и да го поделат на пратениците а седницата да тече.

По оној договор го молам претставникот на опозицијата да се јави, тоа значи г-динот Александар Гештаковски да ги изрази мислењата на опозицијата.

Господинот Александар Гештаковски има збор.

Јас не знам, ве видов овде, притиснавте.

Ве молам, дали некој бара збор?

Јас нема да ја заклучам расправата без да побара некој збор.

Ако е доволно она што го кажува претседателот, тогаш ќе ве молам дозволете да ја заклучам расправата и да одиме по амандмани.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, на екранот имате пријавено пратеник, јас сум пријавен, не знам зошто овој коментар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислев дека се откажувате.

Има збор г-динот пратеник Александар Гештаковски, јас се извинувам, техниката затаила.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани претставници на Владата , почитувани пратеници.

Овој парламент пред извесен период ја утврди потребата од донесување на закон за организација и работа на органите на државната управа и целокупниот пакет на закони од реформата во оваа многу важна област.

Денеска го слушнавме воведниот збор на претседателот на Владата на Република Македонија. Јас би сакал на самиот почеток да укажам дека јас, а мислам и пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз во целост се согласуваат со воведниот збор на претседателот на Владата на Република Македонија до делот кога зборува за сите оние елементи како треба да изгледаат органите, Владата, министерствата во Република Македонија. Основните елементи, битни елементи, бидејќи во целост се согласуваат со оние забелешки кои ние ги изложивме во претресот по Предлогот за донесување на закон и јас ќе се обидам во одреден дел да ги потсетам пратениците на нашите забелешки и она што го нудеше Предлогот за донесување на закон.

Би морал да направам одредено разграничување. Во другиот дел за кој зборуваше претседателот на Владата на Република Македонија и јас лично не се согласувам, сигурно и пратеничката група во својот дел особено претседателот на Владата на Република Македонија пред овој пратенички дом кога зборуваше за бројот на министерствата од 21 кое постоечкиот закон за организација на органите на управата и сегашното сведување на 14 беше чесно и поштено пред овој Парламент, пред македонската јавност да го изнесе следниот став.

Владата на Република Македонија погреши во делот и со нудење на законот на почетокот на преземање на мандатот кога од 15 министерства предложи 21 министерство. Тоа е чесно и поштено и мислам дека нема никакви проблеми, бидејќи од разни причини Владата во тој период сметаше дека се потребни тие министерства. Досегашната пракса покажа дека тоа не беше добро и Владата со самото предлагање на овој закон се коригира и се сведува на оној дел кој беше односно на помал дел сегашниот

предлог од 14 министерства. Сметам дека требаше и Владата и претседателот на Владата да го изнесе гласно, бидејќи сме свесни сите кој го предложи законот, какви беа забелешките на опозицијата во тој период и кои се сегашните решенија. Тоа е едниот дел.

Вториот дел, повторувам, од излагањето на претседателот на Владата би сакал да укажам дека не се согласувам, а особено не се согласувам со делот кога зборува дека бројот на министерствата, ќе го коментирам и во моето понатамошно излагаше, ќе влијае во Република Македонија на федерализација, прво, Република Македонија не е федерација, ќе влијае на централизација и децентрализација доколку има осум министерства или има 21 министерство. Не гледам никаква ни правна ни логичка поврзаност со бројот на министерствата. Самиот закон зборува дека министерство е орган на државната управа кое се формира за едно, две или сродни области. Дали ќе имаме министерство за локална самоуправа или надлежностите на министерството ќе се во правда, тука нема никакво влијание, ни во раководењето ни во пренесувањето на надлежностите, бидејќи надлежностите на локалната самоуправа се поврзани со Уставот на Република Македонија и со Законот за локална самоуправа.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**:

(продолжение)

А, дали има одредено влијание, дали Владата не би можела да ги извршува тие надлежности, па да ги пренесе на Единицата на локална самоуправа, тоа е нешто сосема друго и нема никаква врска со бројот на министерствата. Тоа е оној дел и вториот дел политичкиот, за што претседателот на Владата зборуваше во однос на повикувањето на пратеничките групи, единството и не уценувањето.

Ќе се обидам во делот во кој што се согласувавме и се согласувам со излагањето на премиерот.

Прво, точно е и основно прашање , јас кога зборував и моите колеги по Предлогот за донесување на закон дека на РМ и треба таква организација на органи на државната управа што одговараат на сегашниот економски и општествен развој на РМ. Тоа е основно правило при покренување на реформите. Потполно се согласувам. Тоа е АБЦ-да во реформите за државната администрација.

Вториот дел, потполно се согласувам дека органите треба да имаат едноставна структура и тоа што ќе има функционална, како што истакна премиерот и хоризонтална и вертикална поврзаност.

Во другиот дел , исто укажувавме дека Управата и органите на управата да се организираат во нови флексибилни институции што во одреден дел имаме одредени обиди да се регулира тој дел и за остварување од стратегијата на интегрираше на РМ во ЕУ. И тоа го укажувавме што во одреден дел го немаме како решение во овој Закон.

Но, сите овие наши укажувања во Предлогот за донесување на закон не ги нудеше решенијата што беа понудени со првобитниот текст. Нашите укажувања што беа на пленарната седница одеа во овој контекст на надградба, на доградување и развивање на системот на државната самоуправа. Во тој период укажавме дека бројот на министерствата не е најбитниот елемент , бидејќи со овој закон треба да се регулираат и се регулираат поголем број прашања, пред се внатрешните надлежности на министерствата. И тогаш и сега би сакал да укажам дека сегашните решенија повеќе укажуваат на еден механички збир на досегашните органи и ново предвидените. Едно механичко фузионирање на надлежностите на министерствата и органите што се укинуваат и се надградуваат.

Исто така, укажавме дека прашањата што се однесуваат на надзорот и организацијата на раководењето со министерствата би требало да доведат до надградба на досегашниот систем на раководење и новите решенија.

Кога се работи за раководењето, би сакал да истакнам на одредено наше гледање, а е новина од Предлогот за донесување на закон, тоа е Канцеларијата на министри, што во основа, во принцип, и колегите што ќе зборуваат по мене, ние не се согласуваме со воведувањето на Канцеларијата на министри од одредени причини. во делот на нарушување на раководењето на самите министри и структурата што учествува во тој дел. Тоа се замениците министри, државните секретари и слично.

Исто така тогаш зборувавме и немавме никакви спротивставени гледишта во делот на актите што ги донесуваат органите на управата и сл. Тогаш укажав и сега би сакал да укажеме

на најважниот момент што се спроведува со реформите на државната управа. Тоа е елементот на рационализацијата на бројот на вработените, иако и самиот премиер укажа дека не е основната цел.

Би сакал да укажам дека сите овие прашања се регулирани со Стратегијата за реформи во јавната администрација, чиј сегмент е и државната администрација, донесена во мај. Тогаш и сега сакам да укажам дека Владата не ги почитува, во основа, решенијата на Стратегијата за реформи. Во овие елементи и во предложените елементи што сега се нудат. Посебно би сакал да истакнам и во одредени прашања, во делот на вчерашното мое барање на Владата и како би требало да се гледа и од овие законски акти на основниот проблем, тоа е рационализацијата.

Сметам дека Владата е многу пречувствителна, па дури би кажал и суетна на одредени наши забелешки, по одредени наши мислења, иако е целта заедничка.

Врз основа на тоа го извлекувам овој заклучок. И по овие закони и по други реформски закони, бидејќи целта е заедничка.

На вчерашното заседание побарав, поради тајмингот, поради првиот закон со кој што беше најавуван, точно е, согласно Стратегијата, тоа е Законот за предвремено пензионирање, иако тогаш укажувавме дека редоследот не треба да оди како што го предлага Владата. Почнато е од назад на напред. Со овој пакет требаше да бидат мерките и да ја гледаме рационализацијата.

Наместо тоа да го прифати и Владата, тргнувајќи пред се од факторот време, да даде соопштение на граѓаните кои имаат различни случаи, добиле решение за предвремено пензионираше или очекуваат или се на годишен одмор, Владата, во име , потпретседателот на Владата, реагираше малку нервозно, нихилистички према тој предлог, за подоцна Владата на РМ, што е добро, бидејќи утврди дека треба да излезе со свој став, расправаше на својата седница и го соопшти својот став.

Но, знаете, во тоа соопштение и ставот по решенијата на Уставниот суд, Владата го искара Уставниот суд. Зборуваме дека одлуките не се коментираат, Уставниот суд е дел од судската власт, го искара како не биле тука, како не ги известила, видете, а самите претставници на Владата зборуваа во своето соопштение, го караат Уставниот суд, па не им била доставена одлуката. Одлуката се објавува во Службен весник. За понатаму претставникот на Владата, портпаролот изнесува став со закана. Кому се заканува? Дали се закануваше на граѓаните кои покренале иницијатива, дали се закануваше на Синдикатот кој покрена иницијатива, дали се закануваше на пратениците или на Уставниот суд? Доколку се донесе одлука со која што ќе се укине **и** поништи Законот за предвремено пензионирање, Владата го напушта концептот, Владата носи акционен план за технолошки вишок.

Видете, технолошкиот вишок е предвиден во Стратегијата за државната управа, но со една реформа. Владата, 5000 луѓе ќе отпуштиме но не по тој критериум што се предлага, не со 35 години, туку ќе отпуштиме млади по други критериуми. Не може така да се спроведуваат реформа. Барем мислам за тој однос на Владата, за оваа важна работа , за што премиерот има воведен збор, не можеме, во тој консензус, во тоа размислување , не можеме на тој начин. Треба да се употребат сите методи и средства, треба да создадеме државна администрација и кога е рационализацијата, би сакал тука , од овој концепт, од овој предлог на закон не ја гледам суштината каде може да се рационализира во внатрешната структура во организацијата во органите на управата. Што форсираме во однос на приватизацијата? Владата зборува за Стратегијата, но Стратегијата има акциони планови, предлага да се донесат и предлага да се донесат, логично размислување на потезите на преземање.

Мораме прво да видиме кои органи, таква структура да направиме, кои ќе се приватизираат, па понатаму да видиме нови мерки. Во нашите укажувања не бевме аналог против законот. Тоа е една мерка. Но, мораме да водиме грижа. Не можеме да им кажеме на луѓето ќе отпуштиме 10.000, ќе отпуштиме од работа 20.000, па одете на улица. А, од друга страна, точно е. Тогаш укажувавме и одредени пратеници од ВМРО укажуваа за стопанството, за трговските друштва, важат други одредби, за администрацијата други. Владата го напушта наеднаш тој концепт, навредена од начинот што Уставниот суд покренал постапка.

Во тој дел, мислам дека така не можеме да продолжиме. Мораме со нашиот дел, со нашето надградување да го

доградиме системот, и сега е моментот заедно позицијата и опозицијата да понудат решенија во кои ќе имаат сигурност и вработените. Секој има свој посебен дел. Има посебна структура во тој дел. Би сакал да укажам, затоа треба да го надградуваме, господнине претседателе во делот на предвременото пензионирање, зборувам за одредена категорија на луѓе кои се јавуваат кај мене, да им укажам и имав амандман за што е сведок и министерот за правда, г-дин Насуфи, во кој во рационализацијата предлагам да одат оние со 35 години и имаше можност да одат од 30 до 35 години. Тогаш поднесов амандман во кој, за да го стимулираме поголемиот број, рековме дека и оние од 30 до 35 години да може стартната основа да биде 1,76 да се зголемува, како што го направивме за овие над 35 години.

Бидејќи можеби се дојде до апсурдна состојба, како што се дојде во праксата, со 34 години и 9 месеци на 31 декември, да оди во пензија со 67%, а неговиот колега да оди со 80%. Тогаш во одредени полемики со министерот за правда, кажа дека ММФ не го прифаќа тоа решение.

Во печатот и поголеми обраќања на поголема категорија професори од образованието ми се обраќаат, должен сум да им одговорам дека таков закон, да не донесеше ваква одлука Уставниот суд, сакам да укажам дека тоа се мерките на кои треба да го водиме процесот на рационализација, да ги користиме сите можности, а не ќе ве прогласиме технолошки вишок, го донесовме Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, во кој со 25 години стаж тоа е реформските зафат на Владата, што нуди решение, па знаете 55 години, ќе примате една година социјална помош како технолошки вишок, додека наполните 55 години немате право на континуитет во примање на надоместок во однос на невработеност и ќе видите , не можеме да водиме грижа и така да се однесуваме кон граѓаните со реформи. Сите можности, дали Уставниот суд, ние можеме да направиме, дури предлагавте и за претходните расправи за Судскиот совет да се измени Уставот. Треба да ги бараме сите можности за да ја спроведеме реформата што безболно и со што помалку жртви. Тоа е основниот дел со кој што треба и нашите укажувања одеа на тоа.

Би се осврнал на делот на бројот на органите. Точно, не е битен, не е најважен и не е најдоминантен бројот на министерствата. Но, за рационализација, за ефикасност, бројот на министерствата треба, како што истакна премиерот во своето излагање, треба да биде во основа на економскиот развој. И тогаш сметавме и сега сметаме дека за РМ најоптимално решение е од 11 до 13 министерства. И тогаш укажавме и сега во одредени случаи би сакал да укажам дека Владата, навистина во основа не може да го надмине и избегне коалициониот однос. Не може да ги надмине политичките договарања. Не може да ги надмине личностите и распоредот на силите. Меѓутоа, сметавме дека во целокупната постапка на донесување на овие реформски закони, овие елементи, персоналните елементи меѓу коалицијата доминира.

Знаете кој е тој заклучок. Морам да ви кажам дека овие реформски закони во Парламентот се 10 до 15 дена преку сила. Владата, пред 3 месеци или 3,5 месеци ги помина во своја процедура. Со фамозниот член 13 за кој расправаме, кој беше празен и за што премиерот кажа најотворено, пратениците нека се договорат за бројот на министерствата. Овој закон тука престојуваше малку. Затоа од тој дел се добива еден впечаток дека бројот на министерствата е предодреден од коалиционите договори. Тој дел не може да се избегне.

Затоа понудивме амандмани што сметаме дека бројот е оптимален, со 12 министерства. Сметаме дека Министерството за локална самоуправа, врз основа на надлежностите, местото му е во Министерството за правда, или Министерството за транспорт и врски да се укине, а да се формира ново министерство за делот на животна средина и сообраќај.

Тоа е она што сметаме дека одговара ка бројот на министерствата, дека не ја нарушува структурата и пооптимално би се извршувале функциите. Но, најбитно е решението што го нуди Владата, различно од Предлогот за донесување на закон, тоа е веќе оние министерства што се укинуваат, веднаш ги трансформираат во агенции. Структурата на самиот закон ја определува Владата, самостојни органи на државната управа како агенции и заводи, па потоа органи во состав и управни организации. Не е многу битно , знаете која е разликата меѓу овие. И на едните и на другите може да им се даде својство на правно лице. Со првите раководи

директор, со агенциите, со сите овластувања, а другите се во состав. Тоа е единствена разлика на подигање на рангот и надлежностите, во тој дел,. Владата сега ќе формира Агенција за млади и спорт, Агенција за иселеништво, Агенција за информации, Агенција за развој и инвестиции. Сметаме дека сите овие агенции треба да се укинат, да влезат во состав по органи, во состав на министерствата или управни организации, што би се остварило подобро функционирање. Ако не е проблем персоналниот состав, Владата би требала да го прифати овој дел.

Но, затоа, Владата , за сметка на овие одредени битни елементи и органи што ја даваат државноста на РМ, ги сведува на органи во состав. Особено Геодетската управа. Геодетската управа во секоја држава, особено со донесувањето на Законот за градежно земјиште, има многу важно значење , претставува основа на развој и на примање странски капитал во секоја држава. Кој и да дојде се упатува на Геодетската управа да види, на пример, кој ја води евиденцијата на премер, на сопственост, да види дали може да купи, дали може да продаде, да гради. Дел со просторното планирање. Ние, Геодетската управа ја сведуваме на орган во состав. Затоа предлагаме и сметаме дека е добро, да премине во Државен завод за геодетски работи, што е добро и во тој дел, уште еден момент што е непобитен, за што имаме забелешки, тоа е Архивот на РМ. Архивот на РМ, навистина не можат да се сфатат предлагачите, во јавноста одиграла голема улога и ќе игра за историјата на РМ, го сведуваме во орган во состав на Министерството за култура. Или таму во кој. Тоа е државен орган на РМ, така би требало да гласи "Државен Архив на РМ" и во таа смисла заедно со државниот завод за статистика би претставувале една целина.

Што се однесува до структурата тоа е забелешката по бројот на министерствата. Сметаме дека и понатамошното целосно разграничување и особено колегите на кои би укажал дека е основен, битен амандман, тоа е за канцелариите на министрите, функционирањето и својата структура.

Додека сметаме дека просторното планирање, како многу важен и битен елемент, треба да прерасне во самостоен орган на државната управа во агенција.

Ова беа нашите забелешки. И сега ги истакнуваме, иако целата е еднаква. Сметаме дека и овој закон што се нуди, без вакво доградување, без никакви политиканства на пратениците, со целосно укажување од страна на премиерот на Владата на РМ по бројот на министерствата згреши. Се прерачуна. Направени се трошоци. Тешко. Премиерот кажа дека е тешко, дека треба 3 месеци да се расправаме со реконструирање , од згради со префрлување итн. Тоа го направила оваа Влада. Не го направи никој друг. Не може да се зборува за структурата, целокупната долгогодишна традиција на државната администрација, кога со еден потез Владата од 15 направи 25 министерства, Ќе го поднесеме и тоа, но тоа има своја цена, свои финансии и свои луѓе во рационализацијата.

Затоа по забелешките сметаме дека овој Предлог закон не го нуди делот што ја носи целта, што не би сакал да повторувам. Низ амандманската расправа, веројатно и ќе имаат други пратенички групи в:о расправата низ транспарентност и флексибилност, како што го предложивте и вие тајмингот на движењето на седницата, целосно давање значење на амандманите, сметам дека би дошле до целта за која што зборуваше и премиерот. Да не зборуваме за антиреформски, пpoреформски во РМ за овие закони. Мислам дека тоа повеќе не држи.

Тоа не е оној елемент ако не се поддржи законот, Пратеничката група или јас како пратеник сум антиреформски. Бараме надградување, но да бидеме растоварени од сите суети и премиерот особено, дали ветил одредени кадровски, спрема луѓе да правиме министерства. Мислам дека тоа го има во тој дел и тука имаме шанса да изградиме државна управа, органи, но и да водиме грижа за сите вработени, особено не по вчерашното изјаснување на Владата и портпаролот , кој кажа дека да, се налути Владата, не ни се прифаќа решението за предвремено пензионирање, па сега знаете технолошки вишок ќе испуштиме, па кај знаете, Тоа се граѓани на РМ; каде ќе одат? Кој ќе ги има проблемите, ако одат 5000, 10.000,15.000 социјално необезбедени? Кој? Оваа Влада треба да ги решава. Не друга Влада. Тоа се проблемите.

Благодарам.

**САМО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Гештаковски за учество во расправа.

За збор се јави г-дин Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри од Владата на Република Македонија.

Најпрво, ми е жал што на почетокот на мојата дискусија излезе премиерот од салата, најверојатно ќе гледа телевизија, па ќе има прилика да види и слушне што ќе кажам.

Развитокот на политичкиот и економскиот систем на Република Македонија наметнува потреба од постојано моделирање и прилагодување на извршната власт и нејзините организации и функционални структури кон постојните и перспективни потреби на општеството во транзиција.

Составот на Владата и организацијата на органите на управа се предопределени со општиот пристап кон поставеноста и улогата на државата, а во тие рамки и извршната власт во целина на системи на односи засновани врз парламентарна демократија, пазарно стопанство, правна држава и човекови слободи и права.

Предложениот организационен концепт на Владата и органите на управа кореспондираат со европскиот модел на Влада и ги антиципираат натамошните реформи на државната управа што ќе ги предлага Владата, со што ќе се постигне поефикасно остварување на функциите на министерствата, на кои се однесуваат предложените измени. Ова е образложение, но не по овој закон. Ова е образложение по Законот кој што го донесе Парламентот на Република Македонија на почетокот на мандатот на овој парламентарен состав. Значи, тогаш парламентарното мнозинство предложи закон со кој што го измени тогашниот закон со образложение дека таквите измени го приближуваат законодавството во Република Македонија, поодделно законодавството што се однесува на организација на управа во Република Македонија кон европскиот модел. Тоа го слушнавме овдека, тоа беше образложение кон закон, кое што образложение имаа прилика да го прочитаат и да го акцептираат пратениците и врз основа на тоа образложение таа измена на тогаш важечкиот закон, тогаш доби во овој Парламент 82 гласа или 81, не се сеќавам точно. Ние очекувавме дека концептот на парламентарното мнозинство и на Владата во таква организациона поставеност е Македонија да ја приближи и со законите и суштински во Европската унија. Ова беше тогаш. Оттогаш поминаа две години, за да имаме прилика кога истите зборови, ако не истите зборови, тогаш истата содржина да ја слушнеме од воведот на господинот премиер Љубчо Георгиевски. Тоа значи со одредена модификација на изразите, со пермутација на зборовите се прави начин да се убеди парламентарното мнозинство, парламентарниот состав да прифати носење на закон кој што, навистина, значи приближување на овој вид на законодавство кон законодавството кон Европската унија. Да се разбереме, тогаш станувашe збор за димензионирање на Влада во организационен модел, кој што предвидуваше 21 министерство и неколку активности на министри во Владата без ресор, со одделни задолженија по поодделни проекти.

Сега, се јавува една дилема, нормално и кај нас овде како пратеници, а верувам и дека во пошироката македонска јавност, кој измени всушност се во констелација со модерните измени во европското законодавство. Дали тогашните така објаснети, како што ни ги објаснивте, или овие сега кои се предлагаат, вака како што ни ги објаснувате. Дилемата е сосема опстојна, таа држи и оттаму мислам дека овој пат пратениците, имајќи го ваквото претходно искуство на овој состав на пратеници треба добро да размислат како ќе се одлучат по основ на давање на својот глас за ваквите реформи во државната управа.

Почитувани колеги, непобитно е дека една држава се цени и на внатрешен и на надворешен план од тоа како ги регулира и внатрешните односи , а како ги креира и надворешните односи.

Јас комплетно се согласувам дека од тоа како го прави и едното и другото, зависи имиџот на државата. Мислам дека меѓународниот рејтинг на државата се извлекува од ова што претходно го кажав, од тоа како ги организира внатрешните односи во државата и како

ги креира надворешните односи на државата кон светот.

Сосема се согласувам со тоа дека многу е битно да се држи до имиџот на една држава. Но, дали со тоа што овој Парламент усвои пред две години закон со кој што за една мала земја се формира мамутска Влада, сметаше тогаш до имиџот на државата. Или, во тие околности беше повеќе потреба за одржување на коалициони сразмери во Владата, не задржување, туку запоставување на коалициони сразмери во Владата. Па, на сите, не само на овде присутните во Македонија, им е јасно дека тоа тогаш што го направивте, беше заради одржување на коалициони сразмери во Владата, а на штета на имиџот на државата. И, добро е овдека што премиерот јавно призна со самиот факт што предлага нов закон, кој што во многу отстапува од она што го предложивте како парламентарно мнозинство пред две години, дека во овие две години, го нарушивте имиџот на државата. Од тој аспект вие јавно признавате дека е тоа така. И, ако е јавно признание, тогаш треба и јавно извинување пред граѓаните на РМ, за тоа што така сте направиле.

Второ, секој што ќе гласал против овој закон, тоа значи бил антиреформски ориентиран. А, пак, оној што донесол е еден мамутски закон пред две години бил реформски ориентиран. Кој а е таа заблуда? Дали станува збор за заблуда во еден потесен круг или сакате таа заблуда да ја пренесете кај граѓаните во РМ. Ние тогаш гласавме против тој закон, кој што беше антиреформски. Вие гласавте за тој закон. Тој закон е во сила две години, антиреформски. Значи, вие сте антиреформски. Владата и вие како парламентарно мнозинство. Ние, немојте да не предупредувате како ќе гласаме и заради тоа што така ќе гласаме, светот ќе не прифати антиреформски. Па, ако е тоа така, врз основа на постоен факт, светот вас ве третира антиреформски. И, не зборувам напамет. Самиот факт, господинот Мерсел Биљали побара овој Парламент да го види извештајот на Светска банка, не дека него го интересира тој извештај во голема мера, бидејќи повеќе по професија е правник, во тој извештај има повеќе економска терминологија. Но, го интересира за иднината или за среќата на оваа држава, претпоставувам, ние после разговаравме. Во тој извештај стои следното, во точка 14, ќе цитирам да ми дозволите: " Главно институционално прашање е какви промени во системот и структурата на власта на подобар начин би ја оспособиле да ги спроведе тие реформи. Во постојните аранжмани постојат низа видливи слабости". Од мене со црвено потцртано овдека. Извинете господине Стојановски, повелете овде дојдете, вие сте потпретседател и тоа до толку ви ја наметнува одговорноста, да бидете парламентарен овде, бидејќи овде е парламентарен дом пред да продолжам Кабинетскиот систем е силен и кохерентен, доста способен да постигне колективен договор, заклучете. Сепак, коалиционата политика и парламентарната сила ги зголемуваат шансите Владата да доживее пораз во поглед на главните реформски програми. Ова е констатација во точка 14 од Извештајот и нужно беше Владата врз база и на ова да предложи реформа на државната администрација, реформа која што ќе ја почитува светот, не реформа која беше за ваши потреби за овој претходен две годишен период.

Само уште две тези, се извинувам. Во рамките на тоа, мислам дека треба да се дообјасните, се надевам, во следна прилика сите аргументации кои што ги кажав, а тука имам многу за тоа што дополнително би додал, но за да бидам јас парламентарен, со оглед на тоа што вие договоривте да се зборува 10 минути, тоа ќе го оставам за следна прилика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Димитар Бузлевски за учество во расправата и за придржувањето кон еден џентлменски договор. Ние не гласавме, но сепак тоа беше еден џентлменски договор по еден претставник во име на партијата да говори половина час и повеќе, а другите до 10-тина минути, тоа е во ред. Ќе им дадеме збор на многу луѓе да говорат.

Збор има господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа!

Се надевам дека нема да ја доживеам судбината на мојот претходник да бидам прекинат од

претседателот на Собранието на кој му е својствено и манир му е ваквото однесување и ќе имам доволно простор да можам да се произнесам по пакетот на закони за државната управа.

Најпрвин, сакам да го изнесам мојот впечаток дека во целата оваа работа, всушност, Владата има несериозен пристап и како таква не заслужува поддршка како концепт, како приод кон реформа на државната администрација и тоа од следните три причини.

Најпрво, својствено е кога се предлага донесување на закон, дотолку повеќе системски, дотолку повеќе кога се во прашање пакет на закони, со кои се врши реформа на јавната администрација, да слушаме вакво експозе, кое за жал денеска кога расправаме по предлог на закони и тоа од премиерот. А, кога расправавме за предлогот за донесување, кога се насочуваа рамките, основните правци за реформа на државната управа, кога се даваа правците како треба да изгледа тој закон, ние имавме прилика тие уводни напомени да ги чуеме дури од заменик министерот за правда. Е, сега, и текнало на Владата дека прашањето е сериозно и дајте во пет до 12, кога ќе расправаме за предлогот на закон, да чуеме експозе од премиерот.

Второ, пред да се расправа за пакетот реформи на државната управа, ние донесовме закон со кој сега испаѓа дека сме ги прогласиле за технолошки вишок 5 илјади или 6 илјади или Господ знае колку. Наместо процесот да биде обратен, да се донесуваат законите, да се утврдуваат надлежностите, да се одреди бројот на органите, па од тоа да произлезе што е вишок во бројот на вработените во органите на управата, ние го направивме обратниот процес и при тоа упорно укажувајќи дека тој закон е анти уставен, противуставен и дека пред Уставниот суд ќе доживее судбина каква што сега ја имаме приликата да ја видиме.

Трето, пред покренувањето на прашањето за доверба на Владата на Република Македонија, Владата се истрча пред Собранието да ги достави трите закони за државната управа, како обработени, како фино спремени, за да ден после откажувањето од расправата за доверба на Владата, истите да бидат повлечени.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (Продолжение)

Со еден збор прашањето на реформата на државната управа се претвори во пинг-понг топка за избегнување на ситуации на доверба на Владата, добивање или губење на позиции во Собранието и пошироко. Тоа не можат да бидат сериозни постапки и сериозни намери на државата за реформа на државната управа. Напротив, сметам дека тоа до крај се исполитизира и несериозно му се пристапи.

Но, пред да се води аргументирана расправа за овие прашања, пред пратениците да стекнат конечен впечаток како треба да се истакнат, Владата на Република Македонија должи објаснувања зошто за само неполни две години прво го зголеми бројот на органите на управата, за да сега истиот го сведе на она што беше претходно, а таа постапка да ја прикаже како реформски процес. Претходниот дискутант убаво посочи. Дали тогаш Владата била сериозна и во намерите да направи ефикасна администрација која даваше дузина аргументи дека бројот на органите на органите на управата треба да се зголеми за да управата биде ефикасна или сега кога го предлага обратното. На ова прашање Владата должи одговор за да можеме ние да поверуваме на она што се нуди, дали тогаш била во право или сега. Доколку е сега, јас сум убеден дека е сега да бара извинување од ова Собрание и на пратениците да им каже извинете ние ве ставивме во заблуда кога ви поднесовме предлог со кој ве принудивме да го зголемиме бројот на органите на управата.

Конечно што нуди пакетот на закони, односно тој што е основен, Законот за органите на државната управа.

Најпрво морам да ја изнесам оценката дека по мене суштинско е прашањето на надлежностите на органите на управата и нивно дефинирање по ресори, органи и организации на Управата. За жал, ние и покрај ветувањето дека ќе се повлечат законите за да тоа се направи, за да тоа се постигне, за да се земат во предвид сите укажувања, забелешки, сугестии и предлози во текот на собраниската расправа ние добивме веќе една видена форма на текстот на законот за органите на управата.

Не само што не се доработија надлежностите, напротив остана и понатаму впечатокот Дека надлежностите се преплетуваат. Често пати два органи имаат иста надлежност. Надлежностите не се намалија во тие домени каде што државната интервенција не е неопходна. Не се кажува ништо за тоа што беше ветено за тоа што беше реформски курс на оваа Влада додека одделни надлежности не се претворат во граѓански иницијативи за одделни сегменти ќе се приватизира, односно ќе претрпи видни измени прашањето на функционирањето на државата. Органите на државната управа токму тоа го прават. Овозможуваат функционирањето на државата и остварувањето на правата на физичките и правните лица во една земја. Ние тоа денеска го немаме. Затоа, ќе бидат залудни сите напори не на оваа Влада, на било која ако нема ваков пристап по однос на функционирањето на државната управа дека ќе може да врши рационализација на државната управа.

Напротив, надлежностите генерираат број на вработување во државната управа. Ако вие ги зголемувате перманентно надлежностите на државата и таму каде што не се неопходни, нормално дека треба да вработите луѓе, за да тие луѓе одговорат на дадените задачи.

Второ, бројот на министерствата, кое е всушност главната поента на главната реформа на органите на државната управа, во суштина не се намали. Не се намали бидејќи за толку ресори, за колку се намалуваат министерствата, за толку се претовараат во агенции. Се менува само насловот на органот, но не се менува суштината, надлежностите, функционирањето итн. Ова е само еден потег на Владата пред меѓународната јавност под чие набљудување сме перманентно да се прикажеме дека вршиме реформа. Дали навистина сметаме дека сите тие агенции се неопходни. Дали треба да го имаат третманот на агенција во оваа форма во која имаат. Дали навистина треба да ги имаат овие надлежности пред кои се припишуваат. Тоа се отворени прашања.

Трето, дали одделни органи кои по суштината на функционирањето на државната управа и воопшто на управата треба да имаат поголема самостојност во одлучувањето и функционирањето. Напротив, го губат тоа својство и во системот на функционирањето на државната управа доаѓа до невидена централизација, Што по суштина на работите е одреден процес во модерните токови на функционирањето на државата. Не може орган кој по суштината на својата надлежност треба што помалку да биде под надлежности и, ингеренции и влијание на дневната политика и дневно-политичките владејачки конјуктури да се стави под капата на одреден ресор или по директно влијание на членови на Владата. Тоа го имаме со најсуштинските органи во државата, како што се државниот Архив, Геодетската управа, Заводот за судско вештачење итн., итн. Во претходната варијанта го имаше дури и Заводот за статистика. Точно да се фризира како што налага дневната политика на актуелната владејачка конјуктура за сите податоци и сликата ќе биде исправна.

И на крај, се формираат или се обидува да се формираат некои хермафродити форми на организирање на органите на државната управа, односно министерствата. Типичен е примерот со воведувањето на Институтот канцеларија на министерот. Нашиот правен систем и управното право во Република Македонија не познава ваков систем на функционирање на министерствата. Ова е орган кој бидете убедени дека има само политичка функција. Министерот ќе предлагал три до пет лица кои ќе му служат да го снабдуваат со познавање од областите на кои тие се специјализирани, а министерот одреден да ја врши функцијата. Ако некој министер не се чувствува способен да ја врши функцијата за која е биран, не му помагаат ни три ни пет ни петнаесет советници. Тој треба да ги разбира работите за да може да ги применува правилно законите, во спротивно ќе имаме влада каква што сега ја имаме.

Од тие причини Пратеничката група на ПДП нема да го поддржува Предлогот на закон за органите на управата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Насер Зибери за учество во расправата.

За збор Се јави госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Несомнено е дека денес носиме многу значаен закон, значаен од аспект на тоа што се однесува на органите на државната управа, значаен од аспект на тоа што навистина се решаваат многу човечки судбини, меѓутоа значаен и од аспект на тоа што конечно државата сака да воспостави еден ред и да има една мала јавна ефикасна професионална и добро платена администрација.

Се разбира дека со овој закон како нов закон, бидејќи сега беа носени само измени кои што не беа од суштински карактер, туку претежно се менуваа бројките, не и надлежностите дека тоа не може да се постигне.

Сметам дека овој закон ваков каков што е ниту пак претендира да стане тоа. Уште во стартот да може да ги реши сите проблеми и да се каже дека ние ги решивме проблемите што ги имавме во државната управа.

Веројатно на вака донесениот закон, дали овој состав или можеби друг нареден состав ќе направи други предлог измени. И тоа е добро, заради тоа што ова е материја која што е многу опиплива и која што со еден хируршки рез не може да се реши.

Морам да кажам дека многу ми се допадна и комплетно ја прифаќам дискусијата на претставникот од опозицијата господинот Александар Гештаковски и сметам дека тоа мора да биде натаму наш начин на разговарање со претставниците на опозицијата. Знаете, ние можевме да спориме, како што вчера споревме дали некој чита весници или пак е тврд на ушите, веројатно ќе имаме такви дискусии и понатаму, ќе ги замарам или не граѓаните, меѓутоа од тоа граѓаните нема да имаат голема штета. Многу ќе биде поголема штетата ако за вакви закони кои што мората да се донесат ние не направивме можности да немаме монолози, туку да имаме дијалог со опозицијата.

Јас ја прифаќам критиката во еден дел дека понекогаш има некои конструктивни предлози од опозицијата ние како парламентарно мнозинство се оглушуваме. Сметам дека за вакви закони тоа не смее да биде понатаму, не смееме така да се однесуваме од причина што реформата е многу болен процес, тој е една хируршка операција која што морате да му ја направите на болниот, од која што болниот во почетокот ќе има јаки болки, меѓутоа, потоа комплетно ќе го реши процесот. Дел на оваа Влада е да ги направи реформите. Дури не мора да биде ни оваа Влада. Да биде Владата од мојата десна страна сега, сакала или не тоа мора да го заврши од причина што секое доцнење нас како држава, сите нас како поединци и нашите деца ќе ги чини многу поскапо отколку што тоа можеме да го направиме сега.

Јас реков дека се согласувам скоро со сите изнесени податоци од страна на господинот Гештаковски, особено во делот во кој што вели дека Владата во овој момент голем број на министерства ги скратува, ги преобразува во агенции, агенциите ќе ги задржуваат, имаат механички прилив кон одредени министерства, тоа е точно, меѓутоа, еден хируршки рез не може да ги реши сите работи понатаму.

Не сметам дека е голема грешка што ние во почетокот имавме 21 министерство. Ние дојдовме како нови партии кои што имаа свои програмски зацртани цели, кои што сметавме дека можат да се разрешат со 21 министерство. И морам да кажам дека во одреден дел имаме и доста голем дел на успеси од причина што воведовме нови области кои што досега не функционираа, тука ќе го споменам Министерството за иселеништво, кое што направи значајни контакти со нашата дијаспора и кое што сега ќе се преобрази во една агенција. Како ќе работи таа агенција, дали ќе остане посебна и каков ќе биде нејзиниот развој, зависи пред се од нејзината понатамошна работа, меѓутоа од некаде мора да се почне.

Јас реков дека ниту Владата, ниту парламентарното мнозинство е убедено дека ова е идеален закон. Сметам дека треба да се слушаме, веројатно и добар дел од амандманите ќе бидат прифатени, можеби за некои ќе нема да се има слух, меѓутоа, овој закон како таков останува отворен за доработка, останува како закон кој што е системски, кој што е суштински, закон кој што ја решава судбината на многу луѓе вработени во државната администрација и Закон кој веројатно ќе претрпи многу измени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска за учество во расправата.

Навистина, морам да кажам јавно и да му признам на колегата Поповски за она што го пишува во моите книги, за легитимноста и легалноста на опструкцијата на опозицијата, јас се согласувам со тоа. Тоа и го пишувам и го кажувам, се разбира доколку не е лична, а ако е лична веќе тоа ме навредува. Ако е со аргументи во ред е. Во секој случај се разбираме и благодарам за потсетувањето.

Има збор господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Господине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Ме радува на оваа седница што постои еден конструктивен тон кон опозицијата од страна на парламентарното мнозинство. Ме радува исто така што по повод реформата на државната администрација имавме чест да не удостои со воведно излагање премиерот, иако и самите знаете кога беа предлог законите тука не се појави ниту министерот за правда кој што стои како предлагач на реформата на државната администрација. Исто така ме радува фактот што премиерот во сопственото излагање не заборави да потсети дека врз обликувањето на државната администрација има заслуга и претходните министри за правда, односно претходните влади.

Мислам дека во основа тоа е еден добар пристап за создавање на конструктивна атмосфера во Парламентот, затоа што како што имав прилика да истакнам порано реформата на државната администрација можеби е најзначајната реформа во Република Македонија, иако можеме да кажеме дека се уште не е започната, дека многу доцниме во Македонија со таа реформа и дека можеби таа е вистина позначајна, дури и од делот на економските реформи, па и од реформите на политичкиот систем, а како што имаат обичај да кажат секаде во светот без суштествена реформа на државната администрација не е возможно просто да се одвиваат успешни реформи во економската и во политичката сфера. Оттаму, уште во едно од претходните излагања потсетив дека сите во Македонија колку што ги има најмалку три причини заради кои што сите како политички фактори во политичкиот живот во Македонија треба да ја поддржиме оваа реформа.

Едната причина е затоа што граѓаните се незадоволни од државната администрација која што всушност се однесува најљубезно, арогантно од шалтерите каде тие секојдневно треба да ги завршуваат своите потреби во комуникациите со државата.

Втората работа е што имаме огромно незадоволство од луѓето кои што сакаат да развиваат бизнис во Македонија, без разлика македонски или странски стопанственици, од бројните уцени на кои што тие се изложени, од бавноста во процедурата и од сето она што се јавува во форма на корупција во таа сфера заради таквата форма на државната администрација.

Трето, што нема преодност кон европските структури без да составиме државна администрација која што ќе може компетентно да комуницира на соодветни нивоа со институциите кои што ги создала Европската унија.

**ЃОРГИ СПАСОВ**: (продолжение)

Оттаму сметам дека ниту еден човек во оваа сала па и многу пошироко не ја доведува во прашање стратегијата за реформа на државната администрација, целите за реформа на државната администрација и сите би сакале да помогнеме несомнено што побрзо да започне тој процес. Она што навистина на некој начин иритира тоа е кога се обидуваме овој процес да го гледаме од аспектот на тоа кои се реформски, а кои се антиреформски сили , за што говореа нешто и моите претходници. Вие многу добро се сеќавате кога Владата на самиот почеток излезе со идејата да има 21 министерство и 26 или 27 министри колку што ги има сега во сегашниот период. Ние од опозицијата тогаш рековме дека тоа не стои во програмите ниту на светската банка, ниту на ММФ и дека треба да се оди во процес на намалување на бројот на министерствата, а не во процес на нивно предимензионирање и правење на најголема Влада по број на министри и министерства во Европа. Тогаш ни беше одговорено  дека тоа е всушност реформата и дека тоа што ние не ја поддржуваме таа Влада, дека тоа е антиреформска ориентација.

Втората димензија која што наиде на суштествена поддршка од страна на СДСМ беше Згонот за спречување на корупцијата. Вие се сеќавате уште тогаш рековме дека ако постои едно од болните прашања во Македонија, тоа е всушност корупцијата која што е страшно присутна во администрацијата. И во образложението на тој Закон пишуваше на индексот на корумпираноста дека се наоѓаме на многу високо рамниште заедно со многу земји од Африка и некои други делови од Источна Европа. Тогаш рековме дека таков закон е многу суштествен да се донесе, затоа што во тој Закон беше инкорпориран т.н. Закон за конфликтот на интереси кој што оневозможуваше да се случува партизацијата на државната администрација и истовремено оневозможуваше да се развива корупцијата внатре во државната администрација. Тој закон иако беше речено дека ќе се донесе во рамките на 90 дена , првите 90 дена од оваа власт , се уште е во некаква процедура и никаде го нема, така што дури и по донесувањето на овие закони, ние тој закон се уште не го гледаме иако основата на законот за конфликтот на интереси го изработи Институтот за државна администрација на САД кој што овде две години имаше своја мисија и работеше на него.

И третата димензија која што исто така сметам дека во одредена мера иритираше , тоа е кога се донесуваше законот за предвремено пензионирање. Вие се сеќавате дека тогаш јас реков дека е врвен цинизам, дека и правиме лоша услуга на реформата на државната администрација кога тој закон го прогласуваме за прв закон од реформата на државната администрација и дека кога тој закон со кој што во предвремено пензионирање отидоа еден дел од вработените во образованието, науката , одбраната и внатрешни работи кои што не спаѓаат во тој дел на државната администрација, всушност го прогласивме , во образложението на Владата пишуваше дека е тоа првиот реформски закон од пакетот на реформските закони. Се соочивме со една ситуација и Уставниот суд донесе времена одлука со која што всушност тој закон го стави вон сила и очекуваме сега дали ќе донесе скинувачка, или поништувачка улога. Потсетувам само на ова во однос на она што се бара за конструктивноста на опозицијата, да кажам дека во сите тие три случаи опозицијата не беше неконструктивна, туку едноставно наидуваше ка еден ѕид на одбивања во однос на сите аргументи што се обидувавме тогаш да ги понудиме и да се обидеме навистина секоја влада во својот мандат да не направи еден исчекор напред во развојот на државата, а на тој начин практично Македонија да оди понапред независно од тоа како ќе се менуваат владите на Македонија.

Што се однесува до денешните три закони, сметам дека ние ќе ги поддржиме апсолутно законот за државните службеници со многу број на амандмани и законот за Владата кој што е еден вид деловник за работењето на Владата, а во однос на законот за основите на органите на државната управа имаме еден број на амандмани кои што сметаме дека би било добро да се прифатат исто така од овој аспект, затоа што ќе добиеме една форма која што сметаме дека на Македонија како држава со 2.000.000 жители ќе и одговара и тие амандмани ќе бидат презентирани веќе беа споменати во која насока би требало да одат да се намали уште малку бројот на министерствата, да се намалат државните агенции кои што се како самостојни органи кои се трансформирани практично министерства во државни агенции. И има уште неколку амандмани кои што се однесуваат на подобрувањето на текстот, а кои што всушност обезбедуваат да имаме помала и поефикасна администрација. Меѓутоа, за мене навистина е неприфатливо да се убедуваме за тоа дека ние треба да гласаме за овој закон затоа што ако случајно не гласаме , ќе продолжел имиџот на СДСМ како антиреформска партија, дека ние на тој начин ќе сме го загрозеле на некој начин имиџот на Македонија како определена за реформите, дека на тој начин всушност ние инсистирајќи на помал број на министерства ќе сме го овозможеле процесот на федерализацијата што е закана за тоа дека ние ќе бидеме виновни за некаква федерализација наспроти унитарниот концепт и дека ќе сме се покажале во форма на уценувачи. Од друга страна за да гласаме за овој закон ни се вели дека всушност ние со овој закон што ќе направиме, дека само ќе ги изобличуваме работите на Владата која што ќе мора да го смали бројот на министерствата и на функционерите, дека ќе ги оставиме парите од 1 милијарда долари што се наменети за државната администрација за економски развој и дека тука има причини практично да

бидеме дури заинтересирани тоа да помине, како опозиција која што и сака нешто лошо на Владата. Напротив, дали некој е реформски ориентиран или не е реформски ориентиран се суди врз основа на она што го прави во процесот на неговото владеење, а овие неколку потези кои што ги споменав претходно, всушност не говорат дека на тој план се правеле некакви реформски чекори. Несомнено треба да направиме се во расправата по амандманите, па можеби и пред расправата за амандманите да се види на кои точки би можело да се постигне повисок степен на усогласеност за конечно реформата на државната администрација во Македонија да земе свој тек и едноставно да стане еден процес кој што ќе ги забрза реформите во другите сфери.

Инаку што се однесува до процесот на централизацијата и децентрализацијата, односно ние мораме да сфатиме дека Македонија не беше поцентрализирана со 21 министерство, нема да биде подецентрализирана со 14 министерства, а нема да биде уште подецентрализирана со 12 министерства. Затоа што на крајот на краиштата процесот на децентрализацијата е процес кој што ако сме сите реформски ориентирани во Македонија ќе треба да го охрабриме затоа што тоа е процес на јакнењето на демократијата к дека тој процес ќе треба да го одработиме вкупност со промената на многу закон низ кок што практично се сведени речиси на минимум правата на единиците на локалната самоуправа. Така што не треба всушност тоа да не заплашува и да не фрла во негативна светлина, туку напротив независно од бројот на министерствата, односот на централизирана, или децентрализирана држава треба да се развива во согласност со нашите можеби и различни видувања за тоа како треба да се развива процесот на демократијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Горѓи Спасов за учество во расправата.

Има збор г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, морам да признам дека особено ми е драго што после две години фактички структурата што ја води власта се согласила со нашата тогашна констатација дека со тој закон кој тогаш беше предложен и усвоен не можеме да сметаме на поддршка од меѓународните структури, по најмалку тој закон може да се смета за реформски закон. Ако ги прочитаме стенографските белешки од тогашните дискусии веројатно ќе се убедиме дека се слични на дискусиите кои сега тука беа кажани од страна на премиерот дека сепак имаме предлог за администрација, неефикасна администрација, нефункционална, па јас би додал и корумпирана администрација или државна управа. И тогаш ние укажувавме дека по однос на овој многу важен сегмент на државната управа е многу важно да се пристапи кон трансформирање на оваа структура, да се пристапи кон прилагодување на оваа структура кон новите трендови економски, социјални, културни итн. и дека е сепак барање на меѓународните структури посебно на светската банка и ММФ за една порационална, поефективна, поефикасна администрација. Но, требаше да поминат две години за жал за да се сфати ова прашање, меѓутоа сепак е добро што оваа структура се освести без оглед на тоа што поминаа две години. Јас дури би рекол дека имам расположение да го поддржам овој закон, но кога ќе се убедам ако се земат во предвид амандманите кои ќе се поднесуваат дека нешто навистина ефективно ќе се применува. Значи нема да има пречки за вистинското реализирање на тоа што би требало да е реформа. Што е пречка на тоа што евентуално би ме двоумело дали да го поддржам законот или не, тоа е тоа што се уште сум убеден дека реално ништо не можеме да смените, мислам ефективно скоро ништо не можеме да смениме. Ние само имаме, или сме се освестиле дека треба да се пристапува кон реформите за државната администрација. Меѓутоа, или немаме сили, или немаме политичка волја или желба и според моето убедување ние остануваме само до ниво на преместување на кадрите од едната структура до другата структура. Значи фактички ние правиме само фасада за ова прашање и тоа не може да се квалификува поинаку освен фрлање прав врз очите на светската јавност, а и домашната јавност дека ние правиме реформи, дека ние правиме промени во доменот и областа на државната администрација итн. Еве примери. Ние сме имале досега со досегашниот закон министерство за млади и спорт. И сега што имаме? Се предлага да се формира агенција за млади и спорт. Значи таа структура која до вчера, или до

денеска се викаше Министерство за млади и спорт, сега ќе се вика Агенција за млади и спорт со иста структура. И тука се поставува прашање каде е рационализацијата на администрацијата, каде е редукцијата на администрацијата.

Втор пример, Министерство за иселеништво, според досегашната правна регулатива сега што имаме, Агенција за иселеништво, значи луѓето се префрлуваат од една структура терминолошки кон другата структура, ефективно ништо не се менува, пак останува структура која прави само трошоци , не сум чул дека ова министерство некого од нашите иселеници убедил дека треба од патриотски причини во својата држава нешто да инвестира , ако не е така, нека ме убеди тој што има поголеми информации. Трет пример, министерство за информации. Тогаш ние кажавме дека демократските држави воопшто немаат такво министерство од причина што најважен суд или доминантен суд за тоа прашање е самата јавност која дава оценка дали некои медиуми се придржуваат кон стандардите, или не, со која државна директива врз медиумите веројатно е контрапродуктивна, негативна итн. И сега наместо Министерство за информации, имаме агенција за информации. Не знам кому ќе му служи таква агенција со иста структура и пак прашањето каде е рационализацијата на администрацијата, каде е редукцијата на администрацијата .

И на крај Министерството за развој се формира агенција за развој. И така ние имаме некои секакви чудни агенции во рамки на Влада итн. кои се нефункционални, кои можат да се сметаат за бизнис клубови. Од друга страна останува и понатаму да постои Министерство за локална самоуправа. И после две години наспроти првото освестување, второто освестување го немаме . И после две години никако да се убедиме дека државната власт и локалната самоуправа се две спротивставени општествени структури од причина што првата поаѓа од позиции на државната власт. Втората поаѓа од позиции на интересите на граѓаните и произлегува од граѓаните. Не можете вие од позиција на власт да им наметнувате како ќе функционираат и како ќе дејствуваат тие од локалната самоуправа, бидејќи постои закон за локална самоуправа и структура која обезбедува примена на тој закон, а не да се формира закон за локална самоуправа која успешно ќе им конкурира на македонските пошти за носење писма. Досега сум чул за ова Министерство само што успешно коси писма до локалните самоуправи и кои што повеќе. Во однос на тоа што спомнав рационализација и редукција на администрацијата еве од некои бројки кои ви се достапни. Во однос на Словенија, Македонија има 60% пообемна администрација, во однос на Франција 70%, во однос на Германија 75%, во однос дури и со Бугарија 30%. Тука каде е прашањето на реалната редукција , или трансформација, или пак рационализација на државната администрација. Пак ќе се сложиме дека се работи за преместување на луѓето од една структура до другата структура. Во однос на искажаното дека ако се смали бројот на министерствата ќе се централизира државата . Јас мислам дека тоа нема врска од причина што постои законот за локална самоуправа кој е многу дециден и јасен и таксативно ги набројува надлежностите кои ги имаат единиците на локалната самоуправа. Се друго спаѓа под државна власт. Дали под едно министерство ќе ги опфатите сите тие области, дали со пет министерства , дали со 10 министерства, тоа нема воопшто врска. И затоа искажувањето на г-динот премиер беше кажано не верувам од политички причини, можеби од непознавање на оваа материја.

И на крајот да кажам дека ние треба да престанеме да ги имитираме , импровизираме и глумиме реформите од наши познати цели да дојдеме до пари, да стекнеме симпатии кај меѓународните финансиски структури од причина што тоа ништо не ни донесува долгорочно. Порано или подоцна веројатно ќе се дознае дека ние ги глумиме овие реформи така што бумерангот од таквите сознанија и квалификации ќе биде многу потежок.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Дозволете и јас да го искажам моето мислење во врска со предложениот закон, иако не претендирам дека сум експерт од ова поле но како пратеник чувствувам за потреба да истакнам некои мои видувања, а евентуално да придонесам кон оваа дебата. Нормално дека на секој му е јасно дека секој реформски закон е за поздравување затоа што е добар знак за правецот и текот на целото општество што е правец и тек на

западниот свет. И според тоа ние сакале, или не мораме да се прилагодиме кон тие текови и Македонија како една земја која што се стреми кон тие правци, мислам дека прави добро кога сериозно се зафаќа со овој правец , така што и таа да воспостави некој систем на вредности кои што ќе бидат иманентни на таа цел. Се слушна и на почетокот дека сите закони, а особено тие реформски не од самата потреба уставна што тие се системски и бараат една широка поддршка од 80 пратеници, тоа значи 2/3 мнозинство, туку тоа е така поставено веројатно и поради нивната стабилност, поради нивната конзистентност да истраат на времето и нормално да бидат објект спроводливи за сите Влади и за тие што ќе доаѓаат и за тие што се сега. И во тоа нема ништо спорно. Јас мислам дека на Македонија и на овој Парламент а и на сите граѓани на Македонија и требаат повеќе такви пристапи, и треба почесто такво ангажирање и таква соработка за еден консензуален пристап кон нештата , кон решавање на некои проблеми што ги имаме за да тие проблеми не зависта од конјуктурата, за да тие проблеми не бидат денеска за утре, навистина да се ориентираме кон едно такво ново конципирано општество кое што темелните вредности , тие кои навистина ни се определба , стратешка определба на оваа земја, сите заеднички без разлика дали сме позиција, или опозиција, така да се поставиме затоа што само така можеме да постигнеме некои квалитетни решенија , а и решенија кои не би дошле во прашање од разни моменти и разни конјуктурана состојби. За да се постигне една таква клима , или едно такво демократско ниво , мислам дека треба да имаме во предвид и да се ориентираме кон некои проблеми да се поставиме малку поинаку, треба да ги вклопиме во нашите активности некои моменти кои што сакале, или не влијаат и се од многу голема важност и за натамошниот тек на процесите. Единствено се знае дека на Балканот и во целиот регион во последно време се случуваат такви нешта кои што сакале, или не детерминираат нашата нова поставеност, детерминираат некои работи малку поинаку да се гледаат за да таа цел каде што се стремиме навистина да биде реална и да биде можна за реализација независно од тоа кој ќе биде и кога ќе биде на власт. Мислам дека храброста и умешноста да се воспостави еден систем на вредности иманентни на тоа време ќе биде референтна точка и показател на секој политички субјект за да се верифицира спремноста за одговорна и врз нови принципи засновано водење на државата. А како и човекот така и системите за да не лутаат многу по вистината , тие во историјата освен други параметри и референции се употребувале и со календари каде што одредени денови и години ги одредувале за важни, или неважни па како такви ги употребувале. Па така Христовото родениве е како универзално прифатена појдовна точка за времето . Сигурно дека со време и поедини народи и нации во својата историја создавале и се повикувале на разни датуми за нив важни не само од историски аспект, туку тие се вградувале во секојдневието и настанувале дел од целокупното наследство , па така и добрите и лошите датуми, па и настаните врзани за нив постанаа дел од историјата па и од моралот на еден народ. Па така се покажа дека еден обичен ден , еден обичен датум ненадејно, но не и случајно ја менува историјата, го менува текот на збиднувањата спрема доброто, или по лошото. Во историјата ги има значи и такви и такви.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Така, и во поновите времиња има такви навидум датуми, на кои мора да им се посвети потребното внимание, бидејќи се вредни за такви калкулации ако сакаме да ја користиме нивната вистинска порака. Според мене, таа порака е триумфот на демократијата. Таква дата според мене е јуни 1999 година, 10 или 12 јуни може да се земе, зашто во себе содржи една таква порака за сите народи на Балканот, која треба правилно да ја разбереме и да ја користиме за своето натамошно политичко однесување. По мое мислење, тие што ќе успеат да ја искористат оваа дата во своите активности и да ја искалкулираат мислам дека ќе бидат подготвени за одговорностите за кои се ангажирани. Секој друг пристап, секоја друга математика е разочарувачка и без добитна, без перспективна. Така, не ќе биде одвишно ако ве повикам сите да ја прифатиме оваа порака со сета своја димензија, а тоа значи да ја вградиме и да ја спроведуваме вистинската демократија, таа која е докажана таму каде што сме се подготвиле. а не да манипулираме и да ја употребуваме зависно од позицијата и целта. Демократијата треба да ни биде нашата заедничка цел, впрочем еден мислител и рекол: Демократијата не е никакво чудо, не е ни милост ни подарок,

туку тоа е заеднички дух кој претставува и дел од нашата личност. За неа помалку да мечтаеме, треба за неа повеќе да правиме.

Од друга страна, што се однесува до самиот факт дека ние како политичка група го прифативме проширувањето на оваа Влада, мислам дека треба и од тој аспект да кажеме два-три збор, затоа што лично јас и како пратеничка група чувствуваме одговорност, барем јас личко чувствувам, за тогашното проширување на Владата што беше засновано врз некои аргументи. Нормално, како пратеници тие аргументи ги разгледавме и мислевме дека тие се вредни за едно такво проширување. Така доаѓаме после две години при што гледаме дека мораме да направиме баланс.

Дали се исплати и во што се исплати таквото проширување, да знаеме што ќе се добие не само од политички туку од секој аспект и со таквата нивна реорганизација, затоа што за мене не е важно колку министерства ќе има Владата, дали ќе има 15, 13 или 11. За мене е многу важно што ќе претставува содржински, каско квалитетно ќе ги работи своите работи и колку таа посебно ќе биде координирана, со цел да им служи на граѓаните за да бидат тие помалку малтретирани и решенијата на таа Влада да бидат во функција на подобриот и похармоничен живот меѓу луѓето и колективитетите од цела Република Македонија.

Затоа, мислам дека некои моменти во текот на ова време,иако и јас го дадов својот глас за проширување на Владата во тоа време, мислам дека има некои моменти кои вредат да бидат спомнати и се за поздравување, не само да се критикуваат, туку би било умно да не се повторуваат некои грешки, без оглед колку министерства ќе бидат и дали ќе се реформира Владата. Јас сум навистина разочаран од активностите на Министерството за култура, што тоа сепак не успеа за ова време да излезе од тој начин на размислуваше кој беше долго време присутен во таа сфера, така што оваа година беше многу впечатлив начинот и тенденцијата, ќе ми дозволите да кажам, за политиканство и злоупотреба на 2000-годишнината од Христијанството. Никој не треба да мисли дека тука некој е против Христијанството како цивилизација и како еден период кој навистина на целокупната цивилизација во светот дал голем придонес,но во една мултинационална, мултиконфесионална и врз граѓански принципи заснована држава мислам дека секое пренесување на таа димензија и во политичкиот и во јавниот живот, а и во јавните институции, мислам дека треба да биде многу повнимателно, треба да биде многу добро замислено, затоа што ние немаме ништо против јавниот дел од животот, јавното граѓанство да биде тоа што ќе манифестира се, и црквата и џамиите од својот домен, своите верски и цивилизациски текови да ги манифестираат како што мислат, но префрлувањето на таа активност целосно на јавниот сектор и тоа што значи државни активности мислам дека во ова време се докажа како претерано и чисто и можам да кажам уште еднаш дека просто се злоупотреби и можеби продолжува да се злоупотребува таа многу ценета 2000 годишнина од раѓањето на Исус Христос. Така, и статусот на албанската култура во тоа Министерство за жал не доби соодветно ниво и соодветно стимулирање. Секогаш албанските манифестации зависеле од парите кои ќе се смилува некој да ги даде, дали ќе има некој министер познава или нема да има, ќе има ли некое влијание или нема да има, така што сите активности од албанската култура се така да кажам под влијание на тие моментални расположенија на министрите, секогаш остануваат да висат и се надеваат на нешто, а без тоа да биде целосно и институционално решение.

Затоа, амандмански сум интервенирал со една интервенција во членот 26 за кој нема сега да зборувам многу, каде барам во Министерството за култура да се додаде посебна управа за афирмирање и унапредување на културата на националностите во Република Македонија, која мислам можеби привремено, можеби нецелосно, но ќе биде добар начин да се заокружи и да се воспостави еден постабилен начин на унапредување и култивираше и на културата која е врз друга база, било национална било верска.

Господине претседателе, би сакал уште нешто да кажам и за Министерството за локална самоуправа. Кога се донесе Законот за проширување на Владата, едно од новите министерства што се организира тогаш беше Министерството за локална самоуправа, чија оправданост и тогаш за мене беше повеќе аргументирана поради потребата од поадекватно распределување на огромната концентрирана власт, а тоа Министерство нормално би ги забрзало чекорите кон

децентрализација и регионализација на Република Македонија, како развој на мотивирана потреба. А тоа што во тоа некои гледаат политичка одлука со некои задни намери ќе треба да престане така да мисли, затоа што не може цела Македонија да остане заложник на средновековни и византиски мисли. Ако сме се определиле за такво општество каде демократијата претставува национален интерес, мислам дека тоа е повеќе од јасно. Има многу земји каде долгите слични размислувања ги кочеле просперитетните мисли и во минатото, а и сега и самиот развој на општеството, но после увиделе дека таков процес е за доброто на сите граѓани. Само ќе истакнам, иако тука не е премиерот но би сакал и тој да слушне, дека Митеран е многу познат како светски човек кој ја створил и глобалната светска политика, но верувајте дека Французите го памтат како човек кој ја децентрализирал Франција и сите сега му се благодарни. Јас мислам дека од тој аспект треба малку похрабро, покомпетентно да се оди и не се аргументи тие што секој мисли ако нешто се децентрализира, ќе се направи којзнае што. Од развојна гледна точка децентрализацијата е повеќе од потребна, господа пратеници.

Министерството за наука јас сум мислел и се уште мислам дека ако тоа било начин да се стимулираат научниците и одредени научни активности со постоењето на Министерство за наука, јас сум мислел дека вистинските научници никогаш немаат потреба од посебно министерство. Нивната научна компетентност и интелектуална и граѓанска чесност сум мислел дека е доволен ориентир и поттик тие да останат на висината на својата сублимна позиција. Но за жал според покажаното тоа министерство и министерот Албанец што беше тука не придонесе, и покрај волјата на екс министерот Рушани Мирие, во таа Академија на науки која е независен сегмент, но сепак постои врска со ова Министерство, не успеа да направи едно ќоше за еден академик Албанец. Мислам дека Албанци академци во Македонија има јас не сум тој кој ги вреднува, но тоа што МАНУ нема ниеден Албанец не зборува за квалитет, но изгледа се зборува за една структура која по секоја цена сака да држи некој имиџ на стари добри времиња кои не се карактеристични за ова време и не и служат на чест и на науката и на нашата земја, и како сакате тоа да го квалификувате.

Јас сум лекар и би сакал два-три збора да кажам и за Министерството и за здравство. Бидејќи ова е добра прилика, не сакам овде многу и да критикувам, само со една цел, бидејќи ја познавам материјата да придонесуваме да помогнеме ако треба и на министерот малку похрабро од овој аспект да одиме. Здравствениот сектор како поделикатен остана последен во трансформацијата. Свеста за потреба од таквата трансформација кај секого постои без дилеми. Но поддршката на таквата трансформација треба да биде од целата Влада, затоа што се работи за чувствително поле каде не смее да се прават експерименти. Како и сите трансформации, нормално е и; не се очекува сите да бидат задоволни. Но нагласувам дека состојбите се такви што не може веќе да се пролонгираат, туку во принципот на наградување според ученикот мора и тука да се почне со соодветна социјална програма ако не сакаме распад на здравствениот систем. А приватизацијата до максимално можно ниво изгледа дека нема алтернатива и во овој сектор. Ќе морам да спомнам за жал и тоа дека големите клиники државните клиники како често народот ги вика, сепак остануваат затворени за некои кадри од албанската, па и од другите националности и посакувам тоа да не биде така и да се воспостават можности да се отворат малку пошироко.

Честопати слушам можност за поадекватен пристап и рационализација кон здравството дека се зборува за регионализација на центри. Во таа регионализација честопати центрите што се форсираат се Битола, Штип и Скопје. Јас не знам, затоа што таму има само апелациони судови, не знам по која логика, но здравството не трпи таква логика. Ако веќе има мислење за таква регионализација на здравството, не може да се изостави ниту Охрид, Гостивар и Тетово.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Положани, ќе дојде Законот за здравствена заштита и ќе продискутираме малку.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Завршувам веќе.

Според тоа, со добра желба секако одговорноста ја оставам на владеачката коалиција да придонесе, заедно со ова што го предложив јас да се

подобрат состојбите за доброто на сите граѓани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Азис Положани за своето искажување. Некои работи се дадени во амандмани и ќе расправаме по нив кога ќе дојде време да ги гледаме амандманите. Затоа мислам дека ако веќе амандмански е поднесено нешто да не го повторуваме во општата расправа.

За збор се јави господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, ова е сега втора фаза на овој закон, кој велиме дека е системски, односно закон кој се донесува со 2/3 мнозинство. Во првата фаза во расправата ги изнесовме основните забелешки и сугестии на нашите основни оценки што ги имаше пратеничката група на Либералната партија. Читајќи го овој текст што сега ни е предложен, слушајќи го и премиерот за некои оценки и ставови на Владата, можеме да констатираме дела еден дел од нашите забелешки и сугестии се усвоени, еден дел не се, се разбира овој текст на законот е нешто поинаков и има подруг белег од оној кој тогаш го имаше. По наше мислење, има извесен напредок во законот и овој напор е добар, покажале разбирање за некои сугестии што беа давани.

Меѓутоа, и сега има некои забелешки што можеме да ги дадеме. Убаво би било ако се покаже разбирање за тие дополнителни забелешки. Ние тогаш изнесовме едно наше сфаќаше што треба да биде основен критериум за да може да биде некоја институција министерство. Рековме дека основен критериум е убедливо изразена управна надлежност. Рековме дека сите органи имаат мешани надлежности, но ако не е докрај добро изразена управната надлежност на тој орган, ако во него битно е присутна развојна активност, односно согледувања, градење визии, правење проекти итн., тогаш тоа не треба да биде министерство туку може да биде завод, институт кој ќе работи за државата, но делумно ќе може да работи и за други куќи. Или ако има некоја институција претежно фондовска активност, односно ако се грижи пред се да обезбеди средства за финансирање на недржавни институции и дејности, како што е во областа на културата, спортот итн., мислевме дека тоа не треба да се решава со министерство, бидејќи министерството и неговата администрација можат да ги подјадат средствата што се наменети за основната дејност, туку тие да имаат некоја организирана институција, ама да не бидат министерства, туку да бидат институции, институти или некој завод, агенција, дирекција итн.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Тоа што сега го имаме е многу повеќе спроведено отколку што го имавме во првобитната верзија, но не е доволно спроведено ние тогаш предлагавме да има до 12 министерства, а сега овде се определиле за 14 министерства.

Што се однесува до министерствата мислиме дека сега е прочуена идејата за канцеларија на министерот. Овде е дадена таа идеа во една почиста форма и мислиме дека се отстапило од првата идеја. Првата идеја беше министерот да може да си доведе еден или двајца луѓе на кои може да се потпре, за да си ја организира својата работа, својата непосредна активност. Меѓутоа вака сфатената канцеларија, како што сега произлегува, нас малку не загрижува и се плашиме дека таа канцеларија ќе има политичка боја затоа што на министерот му дава друго стручно опкружување и друга стручна потпора од она што е во министерството и тоа може да биде една политички тампон зона меѓу министерот и министерството со кое ќе раководи и може министерот да го држи во една изолација и во една недоволно јасна свест. што работи министерството, што сработува,во која фаза се активностите на министерството и т.н. а може да му наметнува една друга слика која е политички обоена, партиски, би рекол обоена. Затоа мислам дека со оваа концепцијата на канцелариите не треба да се претерува. Ние мислевме дека таа дури ќе доживее и рестрикција во втората фаза, а сега имаме впечаток дека се проширила.

Ако сакаме рамнотежа активност на министерството и на министерот, ако сакаме он навистина да си ја води работата и да има увид на се, нема да му биде потребно еден таков развиен и густ филтер кој може него да го изолира од активностите.

Исто така,ако вие и јас како пратеници на ова Собрание имаме право пешки без користење на возило, да се прошетаме секаде низ градот, веројатно тоа право го има и премиерот, па ако

сакате наречете го и ослободително или онака како што се движеле римјаните односно Цезар низ Рим, се разбира дека не било така, а впрочем човековото право да се прошета веројатно го има и премиерот како и сите други граѓани. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, само ќе цитирам една реченица од стенограмот од дискусијата на премиерот на страница 4 се вели "Сите мораме да се соочиме со фактот дека со секое намалување на министерските места автоматски мораме да ја децентрализираме државата, во смисла ингеренциите да ги префрлиме од министерствата на локалната самоуправа . Ако сите ние се согласиме со една таква политика да седнеме да разговараме повторно на таа тема, меѓутоа, да немаме после обвинување во втората фаза дека Владата сака да ја федерализира Република Македонија". Тоа не е алиби?

Благодарам.

(Пратеникот Ѓулистана Марковска бара збор за реплика)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, да не го интерпретираме премиерот. Тој слуша , но, сега адвокати да му бидеме на премиерот, има, кажавме еднаш ќе си каже премиерот можеби во завршниот збор, може би да се објасни итн. Зошто ние сега да го објаснуваме.

Збор има г-динот пратеник Мевљан Тахири.

**МЕВЛАН ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри во Владата на Република Македонија, Третата наша забелешка е што нема доволно јасни критериуми во овие тела , институции, кои не се министерства. Нема многу јасен кога се прави агенција, кога се прави дирекција, кога е управа,кога е биро,кога е завод, а кога е служба, а не случајно нешто е завод,нешто е служба, нешто е биро,нешто е дирекција, агенција и т.н. Во сегашниот текст тоа не е доволно јасно дефинирано и мислев дека во уводното излагаше тоа ќе беше јасно кажано за да се види основаноста на секоја од овие институции за кои сета ние ќе дадеме можност да функционираат, однесувањето на овој закон. Еве ќе кажам само еден пример.

Има една Агенција која Владата ја основа, колку што знам, Агенција за обнова и развој. Таа Агенција по наше мислење нема место во нашиот политички систем. Не може државата да развива стопански активности на приватници. Она може да биде сервис кое ќе помага, но не со капитал . Буџетот со која оди исто така преку банки и други специјализирани институции, а не една дистрибутивна институција која фактички ќе биде концентрација на политичка партиска власт и која со државни пари фактички ќе продуцира кавги низ државата, и нееднаквост. Мислам дека такви институции треба да отпаднат од законот. Нема основа за тоа. И мислам дека не е јасна идејата , погледот не ни беше доволно јасен во излагањето на премиерот. Инаку поголем дел од неговите искажувања беа на место и можеме да ги примиме.

Односот кон децентрализацијата.

Јас сакам да ви наведам дека децентрализацијата нема многу непосредна врска со тоа колку министерства ќе има, или колку сега има. Ние за децентрализацијата дадовме отворени врати во Уставот кога го правевме, кога рековме , бидејќи самоуправата локална и државната управа се сосема одвоени во Уставот државната управа е дел од државната власт, а локалната самоуправа се разбира е локална самоуправа. Ние таму дадовме еден став дека на органите на локалната самоуправа можат да им бидат отстапени одредени управни надлежности. Со тоа ние фактички установивме дека ќе биде нужно да се направи децентрализација, а децентрализацијата фактички не е федерација или регионализација. Децентрализацијата е ширење на просторот на правата на граѓанинот. Полесно да дојде до некои решенија кои инаку зависат од државната власа но да не мора да биде концентрирано на едно место па да трча и таму пак да го праќаат од шалтер на шалтер, туку во локалната самоуправа на одредено место да може да си ги оствари правата. Според тоа децентрализацијата во општа смисла се јавува како потреба на ширење на правата на граѓаните т.е. на граѓанските права. Во тој поглед тоа не е ревизија на политичкиот систем на уредување на државата. Не напуштаме ние унитарен карактер на државата, туку напротив во унитарно уредената држава на граѓаните им се излегува во пресрет за да можат лесно и масовно да си ги остваруваат

правата непосредно таму каде што живеат и на најблискиот до нив шалтер. Затоа мислам дека од високо политичко ниво не смее да се градат строги резерви спрема процесот на децентрализација. Тој е неопходен, нежен е. И да не ни биде тој како препрека за уредување на државната управа. Ние, по мое мислење, после донесувањето на овој закон ќе треба да направиме добра студија , согледувајќи ги непосредно можностите на единствена локална самоуправа , потребите на граѓаните и карактерот на извршувањето на функциите на државата во сферата на управата, кои од надлежностите од управата треба да се пренесат на локалната самоуправа. Тука не треба да се плашиме дека тоа води кон распад на државата. Тоа мора да води кон поквалитетно извршување на управните функции и по квалитетно задоволување на потребите на граѓаните. Тоа треба да бидат два критериуми кои единствено ќе не водат во тој правец.

Инаку што се однесува до тоа дали бил некој во право минатата или оваа година, јас морам да Ви кажам, ние овој закон го ставивме, кога го правевме Уставот, во законите со 80 гласа односно со двотретинско мнозинство да се донесува, за да нема самоволие, бидејќи тоа е крупна работа и тоа чепкање по државната управа е многу сложена работа и секогаш треба многу да се внимава што се прави. Сме имале недоразбирање и во минатите состави и во овој состав. Во овој состав се направи една, да речам, непромислена работа, на почетокот. Сакам да ви кажам дека семе убедени, не само по овој повод, туку и по друго дека во нашата земја, изгледа, развојот на демократијата и политичкото искуство што го имаме, овозможува набрзина и на големо да се прават непромислени работи и штетни, а овие убавите работи се прават чекор по чекор. И овој закон што сега го предлагаат во крајна линија го сметаме ние дека е ова крупен чекор. Инаку ќе треба многу внимателно да се набљудува дали и понатаму не ќе можеме да направиме крупен чекор. Затоа ние ќе гласаме по овој закон.

Се разбира овој закон може да биде подобар ако има разбирање, има толеранција и има кооперативниот за нашата идна амандманска активност.

Ние се воздржувавме да не поднесуваме амандмани, бидејќи најголем дел од нашите предлози се опфатени со посебните амандмани кои веќе беа поднесени, а ги видовме имаше веќе преку 30, Кога ние седнавме да го анализираме текстот мислевме дека не е клучно дали амандманот е наш или на некој друг, туку дали е добар и така да се однесуваме, а не да го гледаме дали е победа на овој или оној, туку да направиме што подобар закон. Ако направиме уште подобар закон ќе бидеме уште позадоволни, а ако нешто не се успее и ваков каков што е ние ќе го уважиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Стојан Андов. Навистина даде многу корисна сугестија. Меѓутоа по мое мислење не се работи за децентрализација. Ние имаме доста широка мрежа на децентрализација. Мислам дека се согласувате дека е потребна деконцентрација на функциите и многу е позначајна деконцентрацијата отколку на децентрализацијата,бидејќи деконцентрацијата е суштина на децентрализацијата. Верувам дека е тука и вашето укажување, колку што јас можам да го сфатам.

Тоа не како коментар, како мое мислење.

За збор се јави г-динот пратеник Горѓи Котевски.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Сакам да укажам на една појава која се практицира насекаде во парламентите и во другите собранија. Имено кога од место се зборува предлагам секој што зема збор да стане бидејќи има поголема прегледност за оние што го следат овој настан, но исто така има поголема предност и оној што ја води седницата на ова Собрание. Мислам дека тоа треба да го практикуваме и заради една одредена култура.

Сега да преминам на она за што станав и сакам да дадам особен придонес во донесувањето на овој закон.

Прво сакам да укажам дека ние со овој закон всушност правиме рез на бирократијата во РМ. Но тоа не значи дека овој закон и овој проблем дека докрај ќе го решиме. Ова прашање и понатаму треба да се анализира, треба да се испитува и секаде , таму каде што ќе може со минимален број на извршители да си извршува добро и беспрекорно работата со стручни луѓе, мислам дека треба да одиме до крај.

Исто така сакам да укажам дека често во овој парламент се зборува за тоа

, законите ги донесуваме аз да одиме во Европа, сакаме приклучуваше кон ЕЗ и т.н.

Прво за овој закон што сакам да кажам? Овој закон треба да има суштинско значење бидејќи го донесуваме за нашата судбина и за судбината на РМ, прво за нас па после за Европа. Европа има изградено свој дом, има изградено свои принципи , има свое дејствување, меѓутоа ние сме тие кои треба да одговориме прво на нашите потреби во државата, за да можеме после тоа да се приклучиме кон нив.

Вие знаете дека со вакви реформи, со вакви зафати се среќававме и во поранешниот систем. И денес тоа е болно прашање кое се наметнува. Ние знаеме и при донесувањето на еден ваков закон постојат и одредени пречки околу преструктуирањето, околу преместувањето или одењето во пензија на одредени луѓе. Токму поради тоа има и одредени законски пречки кои треба во од да се решаваат. Меѓутоа , реформите во РМ треба да продолжат.

Јас знам и тоа дека одредени реформатори во одредени земји зазеле видно место во историјата, како што е Кемал Ататурк, како што се многу други државници во Франција, во Шведска и во други земји и знам дека се болни работи. Но, ние мора тоа да го направиме заради наш личен и себичен интерес на РМ, бидејќи оваа мала држава, со таква економија како што поседуваме, со такво разграничен систем на управување, ние навистина мора администрацијата или бирократијата да ја смалиме на најмал минимум за да можеме да опстанеме, за да не ни се одливаат средствата од Буџетот. Место во бирократија, да ги насочуваме за развој или за други дејности кои се неопходни за функционирање за државата.

Исто така сакам да кажам дека овие реформи што се прават не треба да се прават само технички или со одреден закон. Овие реформи треба да се прават и во умот на луѓето во РМ, бидејќи тука , сакале или не треба да признаеме, ние носиме товар од минатото. На некој начин онаа психологија што ја имавме од поранешниот систем продолжува и понатаму по инерција кај нас. Тоа навистина треба етапно да го менуваме и таа револуција во умот треба да ја направиме и да сфатиме еднаш дека во државната управа , државната администрација навистина треба да дејствува во строго утврдени законски рамки и да има целосна контрола затоа што тука , во тој домен на државата се случуваат крупните нешта. Тука се случува дел од организираниот криминал, тука се случува подмитувањето, тука се случуваат неправилни или нечовечни вработувања и т.н. Значи тој е најосетливиот дел од државата. Затоа велам тука , покрај овој дел, има уште еден елемент кој ние последователно треба да го следиме во државата. Тоа е вториот дел, приватизација до крај во РМ. Исто така и делот што се однесува на локалната самоуправа.

Вие добро знаете дека ние на некој начин со локалната самоуправа ајде да не го употребам зборот експериментиравме , донесовме Закон , практицизам одредена локална самоуправа, но на теренот имаме нешто сосема друго. Ние како РМ со овој потенцијал што го имаме и во тој сегмент треба да погледнеме односно да направиме аналитика дали со толкава локална самоуправа, со толкави општини, со таков начин на функционирање можеме да останеме до крај, бидејќи непотребно ни се одлеваат средства за сосема споредни работи за локалната самоуправа. Затоа велам овие три дела: реформата на јавната администрација; приватизацијата; локалната самоуправа и за она што посебно сакам да укажам, тоа е делот од јавните претпријатија кои денес не се приватизирани, но за кои треба да се отвори процес. Треба да следи затоа што и тоа е дел од таа бирократија во РМ која ужива посебни бенефиции, има посебна позиција за да прави зделки за да прави профити и т.н., на сметка на државата. Тоа се три четири елементи) кои ние аналитички треба да ги следиме и врз таа основа да ги донесуваме тие закони.

Инаку јас и како претседател на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, бидејќи беше надлежна за овие три закони , сакам да кажам дека и на самата Комисија имаше добра расправа. Голем дел од сите забелешки што ги дадовме беа прифатени. Мислам дека и голем дел од пратениците што денес зборуваа сосема добронамерно, многу домаќински, многу чесно . Во тој дел немам ингеренции да зборувам бидејќи е одлука на Владата дали тие амандмански делови ќе бидат прифатени или не. Меѓутоа, сепак, бидејќи постои одреден консензус околу ова прашање, дека сите се согласуваме, треба да се направи оваа реформа во јавната администрација.

Мислам дека одредени амандмани треба добро да се погледнат, да се види дали може да се вклопат во оваа концепција на овој закон, да се прифатат, за да можеме да обезбедиме доволно мнозинство за усвојување на овој закон. И мојата добра намера навистина е заради тоа што овој миг во државата , овие реформи треба да ги направиме, ни припаднаа тие нас како позиција. Меѓутоа, не смееме да се лутиме на опозицијата, без разлика што одредени потези , да речеме грешни од наша страна и од нивна страна се подеднакво зло за државата, бидејќи ако сакате да ги ставаме на лева или на десна страна негативните работи, можеме да ги следиме наназад, и од едната и од другата страна. Денес не треба да ни биде тоа цел. Денес треба да ни биде цел за тоа да укажеме дека овие реформи треба да започнат. Не значи дека ќе завршат, но треба да започнат, треба аналитички да се следат и докрај да се сечат во корен како што треба затоа што тоа е најголемото зло за секоја држава. И порано еднаш спомнав бирократијата е зло за секоја империја. Големи империи држави пропаднале заради бирократијата. Во тој правец јас како член и претседател на оваа Комисија ќе се заложам сосем а конструктивно, сосема во духот на соработката со опозицијата да можеме максимално амандманската расправа да ја сведеме во разумни рамки и да најдеме средна линија каде ќе можеме денес навистина да се пофалиме пред јавноста дека започнуваме со овие реформи во администрацијата и да му кажеме на народот , почитувани граѓани на Република Македонија, почитуван народе со овие почетни чекори во државата ќе имате помалку државни службеници, помал товар на вашиот грб затоа што државните службеници се крлежи кои цицаат од народот и токму заради тоа во тоа име денес почнуваме со такви реформи кои навистина ќе значат за државата РМ чекор напред и приближување кон ЕУ.

Еве со оваа моја добра намера сакам да го завршам овој мој говор и да ви се заблагодарам за трпението.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Горѓи Котевски.

Дами и господа пратеници имајте на ум дека има навистина многу поубави работи надвор од оваа сала и бидете малку поконцизни затоа што рековме дека ќе работиме се додека не ја апсолвираме оваа точка. Вие можете да дискутирате и со саати и да се повторуваме илјада пати, но да внимаваме затоа што не очекува и амандманска расправа, па според тоа и мене помогнете ми малку да не седам овде со саат, а и Вие малку пократко излагајте или ако имате нешто ново што не е кажано да се каже.

Има збор г-динот пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас во интерес на времето ќе бидам колку што е можно пократок. Од прилика очекував на денешната седница да се дискутира за зголемувањето на бројот на министерствата од 15 на 21 што ние го донесовме на почетокот на 1999 година и сегашното намалување од едноставна причина што освен тој факт за друго опозицијата и не може да зборува, бидејќи ништо нема направено за да се создаде една мала и ефикасна администрација. Овде е клучниот момент по кој ние се разликуваме.

Прво, фактичката состојба не е ни малку розова и околу тоа не би дискутирал, бидејќи речиси да нема граѓанин во Република Македонија кој немал работа со овие органи од јавната администрација и нема создадено сопствено мислење за истите.

Значи, имаме една администрација која може да биде се, меѓутоа најмалку можеме да кажеме дека е еден сервис на граѓаните во Република Македонија. Тоа е околу администрацијата.

Јас би сакал малку околу партизацијата која овде исто така беше повеќе пати спомнувана. Сакам да потенцирам дека ова не е проблем на оваа Влада ниту бил проблем на претходната Влада ниту би бил проблем на некоја идна влада доколку би се задржале овие последни решенија што ги имаме. Проблемот е во системот по кој функционира јавната администрација. Токму од овие реформи се гледа и доблеста на оваа влада со предлагање на пакетот закони, овде се работи за три закони, со кои нормално ќе се уреди оваа област да се организира јавна администрација на начин на кој на прво место ќе биде секогаш интересот на граѓанинот. Тоа единствено може да се оствари на начин на кој на прво место секако ќе биде квалитетот и способноста на вработените да ја обавуваат доверената работа, а не на прво место да биде неговата партиска припадност.

Што значи Владата се откажува од сите партиски влијанија во јавната администрација освен нормално од оние кои со закон се доделени како што се министри,заменици министри и слично. На прво место го стават квалитетот кој се докажува во една јасно дефинирана законска процедура.

За да бидам подобро сфатен јас би сакал ова да го компарирам со одредени други законски решенија кои беа донесени во изминатиот период.

Прво, би го спомнал Законот за заробено девизно штедење со кој закон сите граѓани беа ставени во една рамноправна улога значи под јасно дефинирани услови можеа да си ги земат своите пари со што ги  симна сите шпекулации дека одредена партиска книшка е услов одреден граѓанин да си ги земе своите пари.

Следниот закон е Законот за ДДВ со кој Владата пак свесно се откажа од можноста на своите партиски послушници да им овозможи да не плаќаат даноци и преку ноќ да стекнат богатство кој во едни развиени демократски земји се стекнува со генерации, а се на товар на државата.

Следен пакет кој се уште не е целосно донесен, а веќе на денешната седница дел од него е на дневен ред е реформа во финансискиот сектор со кој Владата пак свесно се откажува од можноста да се делат кредити кои никогаш нема да бидат вратени што кај нас, за жал, изнесува некаде околу 40% од вкупно одделните кредити. Меѓутоа, да не должам многу, целта и реформите кои сега се прават речиси во сите сегменти на живеење е да се создаде општество кое ќе биде растоварено од сите идеолошки спреги и ќе се темели на класични пазарни услови или поедноставно кажано општество во кое на прво место ќе биде квалитетот на поединецот, а не неговата партиска припадност, неговите врски кои ги има во дадениот момент или неговите пари кои може да ги даде како мито на одредена личност. За крај неколку збор за зголемувањето на министерствата. Со измените кои беа направени, како што спомнав на почетокот во 1999 година не се направи реформа, меѓутоа, ниту се направи чекор назад. Но, благодарение на овие нови министерства кои тогаш се создадоа се случија многу не само убави, туку и доста важни работи за Република Македонија кои се надевам дека после оваа реформа ќе продолжат да се практикуваат во Република Македонија. Само да  спомнам дел од нив, тоа беше кампањата за македонски производи, склучување на повеќе договори за слободна трговија, емитување на програма низ цел свет, покривање на нашето иселеништво, многу поголем акцент на еколошките проблеми во Република Македонија итн. Од сите овие причини јас ќе го поддржам и овој закон секако и следните закони од оваа сфера имајќи го во предвид фактот дека основната концепција на Законот е добра и генерално нуди добар пат за создавање на мала, ефикасна јавна администрација. Нормално доколку се јават одредени проблеми во функционирањето секако дека истите ќе бидат отстранувани. Но, да повторам со оваа реформа можеме да очекуваме во одреден секако не многу долг период да имаме администрација која на прво место ќе го има интересот на граѓанинот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Горанчо Трајков.

За збор се јави господинот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, господа министри, се согласувам дека навистина овој закон е многу битен сегмент од вкупните реформи во Република Македонија се разбира многу значаен особено затоа  што станува збор за сите нас тука што сме, за извршната власт нешто, бидејќи директно од неа зависи функционирањето на законодавната власт и решенијата во овој закон паѓаат исклучиво на товар на овој законодавен дом. Владата може да има различни аспирации, предлози за сопствената позиција, но конечниот суд сепак паѓа а јас мислам одговорноста паѓа на нас пратениците.

Морам да кажам дека за мене воопшто не е битно дали некој закон е реформски или не по бројот на министрите односно по бројот на министерствата. Може да имате мало министерство кое има значајни функции, ефикасна администрација со која успешно ќе ги вршите работите, а можете да имате едно огромно министерство со број на вработени, меѓутоа неквалитетен кадар, нестручен, некомпетентен, се разбира јас би се определил за првата варијанта па нека има и повеќе министерства.

Меѓутоа, кога станува збор за реформите јас ги гледам низ една сосема друга призма. Не ја ставам на преден план одговорноста и веднаш ќе почнам со својата констатација дека ние на планот на реформите на државната администрација доцниме повеќе години. Меѓутоа, конкретно со оваа влада доцниме две години. Ова што денеска се предлага на дневен ред на Собранието можевме да го направиме на почетокот кога се конституираше оваа влада или на почетокот на 1999 година. Истите сознанија важеа и тогаш, меѓутоа, тогаш имаше една друга аргументација бидејќи кај нас никој не може да го оспори фактот дека законот на прогресијата во државната администрација. Впрочем, тоа е во сите земји а за Македонија уште повеќе изразено. Што сакав да кажам? Моравме да знаеме дека бројот на министерствата директно ќе имплицира многу поголем број вработени и ако тоа го направевме 1999 година на почетокот кога се донесе овој закон, колку што се сеќавам, тогаш и дел од опозицијата ПДП дали во целина или поединци од пратеничката група, но колку што се сеќавам пратеничката група излезе и го поддржа Законот за измените и дополнувањата на Законот за државната администрација верувајќи во целите на тој закон дека ќе дојде многу брзо до реформите и се разбира до намалена администрација, ефикасна која ќе биде во функција и на Владата и на остварувањето на правата на граѓаните.

Значи, изгубивме еден период од две години, според тоа, за мене тука не станува збор, некои колеги од опозицијата рекоа дека треба Владата да се извини или парламентарното мнозинство на јавноста. Извинувањето пред македонската јавност е политичка одговорност за носителите на политичките функции, за носителите на власта, за Владата, за парламентарното мнозинство и се разбира тоа е судот на јавноста. Наше е овде да кажеме дека она што можевме да го направиме пред година и пол скоро две не го направивме, сега го правиме, но тогаш ја слушавме аргументацијата од парламентарното мнозинство можете да ги земете стенограмите и да се уверите во тоа. Тогаш ја слушавме реториката дека токму тој закон, токму таква влада е Реформска влада. Јас сакам да ви речам дека овој закон може да има амбиции, може да има желби да направи реформи, меѓутоа, законот не може да биде реформски. Содржината на законот има реформски амбиции, меѓутоа праксата покажува сосема нешто друго во смисла ако се сака во реформите да се брои намалувањето на бројот на администрацијата и подлегнување на квалитетот на услугите и функциите што ги врши државната администрација, мислам дека тоа не е постигнато. Зошто? Заради тоа што во меѓувреме се примени во државната администрација околу 4200 ново вработени за да сега се отпуштат еве на една од последните седници го донесовме Законот за предвремено пензионирање над 5200 или 5600 вработени. Кога говорам за квалитетот, тоа е мое мислење се разбира не мора да се согласуваме сите, мислам дека се отпуштија од работа квалитетни луѓе, професионалци кои со години работат на управни работи во функција и на подобри текстови на закони што е пред услов за квалитетно одлучување во Владата, но и остварувањето на правата и слободите на граѓаните во управната постапка, инспекциските служби итн.

Некои стручњаци особено професорите од Универзитетот и не само на Скопскиот кажуваат за да се направи добар стручњак во сферата на администрацијата потребни се десетина години, а ние за многу краток период се отпуштаат професионалци кои се едуцирани надвор не само во Република Македонија. Сега се праќаат во пензија, а на нивно место се вработуваат, не сакам да зборувам за сите, меѓутоа за добар процент се вработуваат луѓе по партиски договор. Се прави договор меѓу коалиционите партнери во едно министерство колку од ново вработените ќе бидат од една партија, колку од други, колку од трета партија. Впрочем и тоа е за мене разбирливо, бидејќи политичките партии не се политички декор, не се некои хуманитарни организации, прагматичниот интерес на луѓето кои членуваат во тие партии да се задоволи, за мене е легитимно. Меѓутоа, да бидат квалитетни, да се прават квалитетни промени, а не единствено заради тоа што се добри партиски послушници, партиски оперативци да добијат награда да бидат вработени во државната администрација.

Сега, како што гледате, Владата се мачи, ако сето тоа беше изведено на коректен начин, тоа е втората теза, Владата немаше сега да се мачи со Уставниот суд, па дури толку жестоко да го напаѓа Уставниот суд. Мислам тоа е ретка пракса, простете господа министри од Владата, меѓутоа тоа е својствено само

на земји кои туку што зачекориле и воопшто не ја научиле лекцијата од демократијата. Сами говорите дека одлуките од една страна и од министрите имавме можност вчера да слушнеме дека одлуките на Уставниот суд не се толкуваат, тие едноставно се применуваат. Вие со онаква жестина се обративте вчера до Уставниот суд како тие се неодговорни, ве ставиле пред свршен чин си отишле на одмор и вие сега не можете да си ја вршите работата. Едноставно заради тоа што се работи, простете ми на изразот ама партизански денеска после толку години. Ако сметате дека се она што го предлага Владата и Врховниот суд и Уставниот суд и ние како пратеници треба да го применуваме тогаш може да се профилира еден сосема друг систем во Македонија. Ако го почитуваме Уставот, тоа е систем на парламентарна демократија во која точно се поместени функциите и на законодавната и на извршната и на судската власт. Значи, не можете да ме убедите ниту мене како пратеник во ова Собрание дека правите реформи, бидејќи крајно неодговорно се однесувавте на почетокот на 1999 година.

Сите тие принципи кои сега кажувате и кои се содржани во Законот тоа се стари принципи, прашање е колку се тие имплементирани денеска во нашата пракса. Такво нешто не постои. Едноставно бевте притиснати како Влада од ММФ и од Светската банка да мора да ја направите реформата на администрацијата и излеговте со еден таков пакет. Инаку договорот за олкава влада и таква администрација и отпуштање на толку луѓе од администрацијата чисто е прагматичен и реализација на партиско политички договор и ништо повеќе од тоа. Навистина нема ништо заедничко со администрацијата.

Бидејќи сепак се договоривме господине претседателе, во рок од десет минути, ќе ми дозволите сосема накусо само краток коментар на некои тези на премиерот што ги изнесе на денешната седница.

Господинот премиер кажа дека доколку не се прифати овој предлог да бидат 14 министерства, доколку Владата се определи да бидат и 8 министерства, меѓутоа мораме да бидеме свесни дека тоа води, како што рече, кон децентрализација на власта во Република Македонија. Се разбира оваа корекција ја прифаќам од професорот по уставно право претседателот на Собранието дека станува збор за деконцентрација односно голема концентрација на ингеренциите на државните органи во врвот на државата, а не нивна дисперзија и деконцентрација на тие функции на државата. Познато е и во науката и во теоријата и во нашата пракса многу овластувања можат да се пренесат и на јавни претпријатија и на други институции. Тоа не го прави нашата власт, меѓутоа, ве молам за мене ништо друго не е туку закана на сите оние кои нема да го поддржат законот. Ако вие не го поддржите законот ќе бидете одговорни, бидејќи во Република Македонија ќе дојде до федерализација. Го употреби тој збор, еве ве молам на следната страница од стенограмот. Значи, прво имате децентрализација, а следната фаза е федерализација и демек Владата ќе била обвинета затоа што прави федерализација во Република Македонија. Ве молам, за мене тоа е алиби, алиби заради тоа што се размислува и се профилира можеби таков распоред на односите во Република Македонија. Јас не се согласувам со мојот колега господинот Андов дека не се доведува во прашање унитарното на Република Македонија. Јасно се профилирани тие амбиции и цели јавно преку прес конференции, на тркалезни маси, на трибини, па ако сакате и од говорницата на македонскиот парламент. Според тоа, за мене е само алиби дискусија, алиби за она што можеби ќе се случи ако коалиционите партнери дојдат во ситуација да се испазарат за судбината, за иднината на Република Македонија. Првата фаза може да биде и федерализација на Република Македонија.

Втората теза со која исто така сакам да спорам е господинот премиер кажа дека одговорност ќе има и опозицијата доколку не се поддржи овој закон и дека ќе важи и понатаму ќе важи за антиреформска. Знаете, и повикува на соработка. Соработката се гаи во континуитет, соработката не се гаи само кога ви треба опозицијата. Ви треба опозицијата три четири гласа сега и дајте ќе повикуваме на совест опозицијата, бидејќи и тие одговараат за судбината на државата и тие се заинтересирани за она што ќе ја снајде Македонија во иднина, па сега дајте ќе притиснеме малку ако вие не го гласате овој закон антиреформски сте и се разбира антимакедонски ориентирани политички партии. Тоа не го покажа практично господинот премиер кога гласавме за довербата на Владата. Фино си отиде си следеше премиера сигурен овде баш му е гајле каква дебата ќе се води во Парламентот, тој е сигурен дека

парламентарното мнозинство ќе му изгласа доверба на Владата. Раскомотен растеретен, релаксиран си отиде си гледаше премиера два саати, си дојде во Парламентот овде. Тогаш требаше и по завршувањето на седницата се шета низ Скопје како да го освоил Рим и на новинарите им порачува па знаете оставете ме сега да уживаме малку во победата. Тоа значи крајно потценувајќи однос кон опозицијата. Не го проблематизирам прашањето овде на пишани дискусии и по час и половина на колегите пратеници од позицијата и што практично правеа опструкција на седницата.

Сакам да кажам ако се бара соработка таа се гради во континуитет. Јас се согласувам дека опозицијата е легитимен дел на парламентарниот систем, меѓутоа, односите на позицијата и опозицијата се градат на соработка, се градат од седница на седница, од прилика во прилика. Јас би сакал да видам премиерот да ги вика луѓето од опозицијата на некоја средба или заедно со министрите кои предлагаат значајни проекти во Република Македонија тогаш да се чуе мислењето на опозицијата. тогаш не важи. Или преку ноќ се предлагаат се настапува со дисквалификација на опозицијата, а кога ќе треба е па знаете и вие одговарате за иднината на Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (продолжение)

Меѓутоа, главната одговорност ја има оној кој владее во РМ. во овој случај тоа е премиерот, парламентарното мнозинство, Собранието. И, сите институции во Република Македонија. Според тоа, нашето гласање, ќе завршам со тоа, ќе зависи од односот на парламентарното мнозинство кон нашите амандмани. Амандманите се добро образложени. Верувам дека ќе добиете уште аргумент повеќе, меѓутоа, доколку се има слух, разбирање за барањата на опозицијата, сигурно дека таа ќе биде кооперативна. Ако игнорантски се однесувате кон тоа, нема консензус по значајни политички прашања.

Според тоа, еве, почитувани колеги, доколку навистина дел од амандманите што се поднесени се прифатат од позицијата, јас отворено кажувам, за себе, го слушнавте и ставот на пратеничката група дека немаме причина, не само заради тоа што премиерот ќе не прогласи за антиреформски, туку заради тоа што мислиме дека тоа и треба на Република Македонија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам господине пратеник Тито Петковски.

Повелете г-ѓа Ѓулистана ако сте се нашле погодена, имате реплика.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Да, се најдов погодена.

Господине претседателе, почитувани пратеници, во дел се согласувам со дискусијата на г-динот Петковски дека односите се градат и тоа е точно. Дури искажав за себе и еден дел на вина каде што понекогаш има моменти каде ваши амандмани не се прифаќаат и покрај тоа што се со најдобра намера да означат подобрување на текст.

Меѓутоа, Ве молам и Вас и сите други да му дозволите и на ова парламентарно мнозинство, вклучително и на г-динот премиер да има свои сопствени согледувања и да го каже она што сака да го каже, се разбира без никакви претходни, односно последователни ваши објаснувања. Мислам дека е доволно писмен да знае да каже тоа што сака да го каже.

вие овде направивте бројни инсинуации, во кои што рековте дека дискусијата на господинот премиер беше една алиби дискусија во однос на идната судбина на Република Македонија и нејзината федерализација. Ве молам, факт, во Република Македонија, што го потврди и Советот на Европа и за кое што бидејќи немавме можност да расправаме овде е дека РМ во овој момент има најмногу централизирана власт. Таа власт не ја градевме како парламентарно мнозинство, ја градев јас во првиот состав и вие. Она што и Вие и она што во овој момент како наредна задача и како приоритет се наметнува е локалната самоуправа конечно да ја добие својата вистинска моќ, односно граѓаните конечно да ги добијат оние права што ним им припаѓаат преку таа локална самоуправа.

Се разбира дека преку ноќ тоа не е можно. туку се подразбира еден долг процес. Она што премиерот го кажа дека наглото ослободување на одредена моќ, концентрација на власта што ја има во овој момент Владата и сите нејзини министерства, не може одеднаш да се пренесе на локалната самоуправа. Никако не рече, онака како што вие рековте, дека Република Македонија ќе се федерализира

преку ноќ и рековте дека тоа е алиби дискусија.

Се разбира дека не е и, впрочем, судбината на Република Македонија во кој правец ќе оди е прашање на времето. Граѓаните ќе имаат можност тоа да го видат. Не би било добро овде да прејудицирате или да се појавуваме во улога на некои си јасновидци како и на кој начин ќе оди. Затоа постојат избори секои четири години. Се соочуваме со граѓаните и тие ќе го кажат својот конечен збор.

Законот за кој што денеска расправаме е еден од законите што долго време се најавуваат во РМ, и се надевам дека принципиелно, не верувам дека има некој пратеник кој ќе застане против ваквите реформ-ски зафати на владата. Се надевам дека овој закон што ни е предложен, навистина ќе предизвика вистински реформи во државната администрација, во начинот на кој што ќе бидат опслужувани граѓаните од страна на државните службеници, и, се разбира, тоа што е најважно, да се оформи таква државна администрација која што нема да биде непрекинато обвинувана дека е гломазна, дека е неефикасна, туку напротив, дека ќе може на најлесен можен начин да ги опслужува граѓаните.

По однос на конкретниот предлог, мислам дека не треба да си префрлуваме во однос на тоа што нешто пред одредено време се случува односно зголемувањето на бројот на министерствата, претпоставувам дека тоа беше еден начин на кој што Владата бараше најдобар начин да функционира, па најверојатно и поради сугестиите што ги има од страна на ММФ и другите релевантни институции со кои што комуницира, а претпоставувам и поради лични потреби на Владата да функционира што поефикасно, се пред лага нов начин на организација на Владата. Мислам дека треба да се поддржи ова барање на Владата, затоа што се работи за намалување бројот на министерствата иако, одреден број на забелешки што одат на тоа дека на вештачки начин сепак се задржуваат одреден број министерства, треба да се преиспитуваат, евентуално и амандманите што се предложени да бидат прифатени од страна на Владата. Но, тоа што е најважно, јас претпоставувам дека ќе биде поддржано од поголем број на пратеници, а тоа е да се поддржи овој обид на Владата, да навлезе, како што рекоа некои пратеници, да започне реформата во државната администрација. Во оваа смисла, посебно би сакал да обрнам внимание да

не се гледа со толку голема сомнителност во обидите да се децентрализира или деконцентрира дел од власта на локално ниво или на одредени нивоа на власта, затоа што сепак сето тоа што ќе се случи би требало да се случи во рамките на уставниот систем на РМ. Не гледам дека нешто друго се предлага или се има намера да се случи. Особено што јас, во дискусиите на повеќе пратеници не гледам дека има некое лошо расположение кон обидите на децентрализација на власта. Како такви дури би требале да посочиме Владата да направи обид последниот чекор да оди со конкретна децентрализација и деконцентрација на власта. Посебно тука мислам на деконцентрацијата што е полесен начин за пренесување на ингеренциите. додека децентрализацијата навистина би значела комплетно префрлање на вршењето на одредени функции на локално ниво,во прв момент може би било и посоодветно да дојде до деконцентрација, а потоа, доколку успешно се извршуваат тие функции од страна на локалните власти тогаш би следел и наредниот чекор.

Во оваа смисла конкретно имам амандман со кој што предлагам да се зацврсти со ингеренции во делот на министерството за транспорт и врски, министерството за локална самоуправа, што понатаму би префрлило, би деконцентрирало дел од своите надлежности на тие локални единици на власта што имаат можност да практицира дел од тие надлежности.

Што се однесува до тоа, само би упатил еден апел до Владата да продолжи со овие размислувања со насока на деконцентрација и децентрализација на власта и да не се плаши од реперкусиите што би можело, евентуално да ги има врз суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, затоа што сето тоа ќе се случува во рамките на државата како целина.

На крајот, би сакал да обрнам внимание на членовите на Владата на еден амандман што оди во насока на стимулирање на државните службеници и за подобро работење, односно поуспешно комуницирање, вршење на работите со странки. Имено, се работи за еден амандман со кој што предлагам државните службеници кои владеат со еден или повеќе јазици на националностите освен

службениот, да се наградуваат посебно и да се стимулираат заради познавање на јазикот за да може полесно да ги остваруваат контактите со граѓаните на нивниот јазик. Мислам дека тоа ќе биде еден конкретен придонес за да им се овозможи на граѓаните полесно да излезат на крај при остварување на своите права.

Што се однесува до самиот закон, следејќи ја расправата внимателно, па и амандманската, мислам дека одреден број на пратеници на ПДП ќе може да се добие поддршка.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мевљан Таири за учество во расправата.

за збор се јави г-динот пратеник Алити Абдурахман.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Господине претседателе, навистина сум во дилема дали да дискутирам или не, затоа што во салата нема ни една третина од вкупниот број на пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Слушаат господине Абдурахман Алити, тука се. Претпоставувам дека тие се комотни, си одат на ручек, излегуваат, се враќаат. Но, народот и граѓаните ве слушаат што е уште позначајно.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Да продолжам.

Зедов збор само да кажам дека недвосмислено и јавно да кажам дека не спаѓам во групата пратеници кои мислат дека овој закон е од реформските. Верувајте ми, нема врска со реформата, а помалку има врска со обезбедување на мала и ефикасна администрација.

Ако навистина некој, во овој случај Владата, сака да ме убеди дека имплементацијата на законот ќе ни обезбеди мала и ефикасна државна управа тоа треба да го каже со бројки и да каже, од прилика вака сегашната државна администрација во РМ, има толку и толку вработени државни службеници. Работите ги врши со одредена градација на ефикасност или неефикасност. Додека со влегувањето на сила со овој закон и неговата практична примена и имплементација ќе добиеме администрација што ќе биде за 40%, барем најмалку 50% бројчено помала и која што многу поефикасно, поажурно, навремено ќе ги врши управните и сличните работи.

Доколку имаше такви показатели, сигурен сум дека не само јас, туку и многумина од нас, ќе се убедеа дека законот ќе обезбеди и мала и ефикасна државна администрација.

Второ, и претходните дискутанти спомнаа, но бидејќи ми беше нотирано, морам да кажам дека, можеме да имаме и 30 министерства, но сепак да имаме централизирана државна администрација, а можеме да имаме и 7 или 8 министерства а да имаме децентрализирана државна администрација. Според тоа, тие две работи немаат никаква врска една со друга.

Нашата заложба била и останува државната администрација да се деконцентрира и таму каде има услови да се, во согласност со позитивното право, да се децентрализира. Во смисла и Уставот, во делот кој говори за локална самоуправа, позитивно да се прочита и позитивно да се свати и на тој начин да се обезбедат граѓаните своите права и обврски со државата да ги вршат што поблиску до местото на живеење.

После излагањето на премиерот, навистина сум во дилема дали да гласам или да не гласам за законот. Затоа што премиерот даде неколку аргументи во полза да се гласа законот и неколку аргументи да не се гласа. Во дилема сум дали да се приклучам кон оние кои сакаат да и помогнат на Владата со не гласање на законот, затоа што ако не помине овој закон Владата ќе нема никаков проблем. Ако помине законот за Владата се создаваат сериозни проблеми. Првиот проблем тука беше посочен дека Владата ќе биде соочена со проблеми од кадровска природа. Прераспоредувања на луѓе, министри, заменици, помошници итн. што е навистина крупен проблем.

Вториот проблем што ќе биде создаден за Владата е времето што ќе биде потрошено за имплементација на законот, што не е мал проблем. Од тој проблем, треба да најдеме сили сите овде да ја ослободиме Владата.

Трето, но не неважно туку мислам дека е прво според значењето, тоа е проблемот за заштеда на една милијарда. Тоа е крупна сума што може да биде употребена за други цели. На тој начин Владата да се покаже и поуспешна во работењето.

Единствена причина за гласање би била дека еве, тој што нагласам ќе

биде во групата на оние што се антиреформски расположени, а по се изгледа дека тука повеќе не има и не ќе биде многу тешко да се носи човек со тој проблем.

Конечно, да завршам, има потреба од донесување на овој закон. Ценам дека и за овој за кој што денеска дискутираме и другите кои се на дневен ред, аргументацијата е таа што ме одвраќа од желбата евентуално да гласам за. Аргументацијата дека е ова реформски закон, дека овој закон ќе обезбеди ефикасно, стручно, компетентна и не знам каква управа, апсолутно не стои, затоа што со ништо не се докажува. Тоа е едно голо тврдење,една парола за која што ако имаш добра волја можеш да и веруваш, ако не да не веруваш. Без поткрепа,' без факти, безброј, и во поглед на бројот на вработените и во поглед на надлежностите што ќе ги вршат тие органи. Затоа што едноставно сега од 21 министерство се предлага 14. Сите други министерства се предлагаат во нешто друго, во агенција, во дирекција и друго и нема ниту една бројка дека бројот на државните службеници ќе се намали.

Свесен сум за околноста дека таа бројка не може да се намали набрзина, за една година, за шест месеци. Меѓутоа, да се започне и да се започне со вистински реформи а не со сомнителни прописи,како што беше Закон за предвремено пензионирање итн. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Абдурахман Алити за учество во расправата.

За збор се јави господинот Карангелески Радомир.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ :**

Благодарам г-дин претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри.

Слушнавме доста дискусии, јас кратко би се осврнал на историјатот на донесување на овој закон кој сепак е една голема шанса за ова Собрание на некој начин правите реформи да отпочнат од тука и да се направи една сериозна структурна промена која ќе биде основа за еден брз подем на понатамошни реформи. Сметам дека сите дискусии , сите пристапи, па и во првата фаза при разгледувањето на Предлогот за донесување на закон, па понатамошните фази јас не ги сметам за негативни, дури и повлекувањето со нашите забелешки дека треба да се доработи. Сето тоа го сметам како еден придонес да се донесе еден квалитетен закон, односно пакет на закони кој што се битни за државата, не само од внатрешен аспект, туку формално и од надворешно политички аспект, како што беше спомнато и во експозето.

Јас во дискусијата би се осврнал прво на некои квантификации. Исто така се сложувам дека содржината, суштината е многу побитна од голите бројки. Не е никаква тајна да се спомне дека и ние , да кажеме како Демократска алтернатива, обидувајќи се да дадеме една позитивна контрибуција во функција на изготвување на еден квалитетен текст и еден приод кој што без оглед на сите актери што учествуваа во изработката, имавме еден предлог од 12 министерства без разгледување и без приод да се води сметка за персонални или некои интер коалициски договори. Денеска го имаме овој закон за државната управа пред нас, со бројка од 14 министерства и мора да се спомне таа квантификација пред јавноста, наместо 21 имаме 14. Тоа се 7 министерства помалку. Во вкупниот број, односно, членови на Влада, со премиерот ,претходно трите потпретседатели, сега два потпретседатели или заменици, па понатаму , порано имавме министри без ресори, сега изнесеме тие елементи, не може никој да со аргументи потврди дека овој Предлог нема, како една основна придобивка рационализација во однос на големината, гломазноста, на ова што го зборував пред малку, на овие три сегменти. Да не зборувам понатаму што тоа значи на другото ниво, како потсекретари, помошници, служби итн., а и она што значи буџетско оптоварување со сите технички средства да се опслужат сите тие кадровски ресурси кои што се потребни во една таква организација, каква што беше досега. Се надевам дека овој закон ќе помине и ќе имаме навистина една рационална организација и состав на Влада.

Ние од тие причини , а и од други што сега сакам да ги елаборирам, сметаме дека е ова суштински реформски закон, сите со тоа се согласивме и не би се навраќал на историјатот од друга гледна точка, пристапот како било, што било, кој гласал, не гласал итн., туку би тргнал од овој момент. Значи, од овој момент нас изгласувањето на овој закон ни е повеќе од потребен од неколку причини.

Првата е околу рационализацијата, меѓутоа, сметам дека во однос на надлежностите кои што се стипулирани во овој закон помеѓу министерствата, помеѓу агенциите, помеѓу дирекциите, бироата, и другите органи на управа, веќе добиваме еден битен квалитет во разграничувањето и она што се подразбира како преклопување на надлежности што беше несомнено еден случај во досегашното функционирање на Владата и едно попрецизно разграничување на надлежностите со еден практичен метод на опис со алинеи , кој што секако може и да се допрецизира, меѓутоа, мислам дека во однос на разграничувањето овој текст на закон дава еден добар пристап, затоа што без оглед било која коалициона Влада, а ние сега имаме таков случај има добри односи помеѓу партнерите, секогаш се јавуваат одредени партикуларни интереси кои не одат во однос на она што е коегзистентна политика на една Влада, а се разбира ние во овој дом можеме да се натпреваруваме и да имаме различни мислења, меѓутоа, Владата како орган мора да има една коегзистентна политика која што без оглед отколку коалициони партнери е составена , мора да ја остварува стратегијата и програмата што ја има зацртано како визија заради извлекување од една економска и социјална криза, од која што лично сум убеден веќе се наѕира некој излез.

Од друга страна, правата и должностите, методот и начинот на работата во сите овие сегменти, јас сега зборувам не само за законот бидејќи тој е во тесна врска со сите три пакет закони, меѓутоа, првиот закон што е системски се однесува на организацијата и третирањата на она што значат актите кои што државната управа ги издава што дава пак еден квалитет, точно да се дефинираат одредени работи кок што на некој начин досега не беа така транспарентни и јавки во смисла да се избегнат одредени недоследности во самото однесување по сите нивоа во однос на државната управа.

Исто така, Законот дава и релации, односно, односи со други институции во државата. Јас морам да изразам едно задоволство што пречистениот текст што денеска го разгледуваме и кој помина доста комисиски расправи ги земал предвид нашите согледувања, укажувања, модификации и предлози за прилагодување во текот на правата фаза при усвојувањето на Предлогот за донесување на овој закон и од таа гледна точка, лично задоволство изразувам што се земени предвид сите наши укажувања во првата фаза искажани.

Сето ова дава една слика дека Законот е коезистентен и како таков треба да ја постигне и мислам дека ќе ја постигне целта, а тоа е ефикасен сервис за граѓаните и остварување на нивните уставни слободи и права.

Како ефикасен сервис, нормално тој треба да биде рационален. Јас се согласувам, не бев мрзлив и собрав некои податоци околу бројките по сите министерства , управи и бироа, дирекции, она што беше изнесено од еден од претходните дискутанти и не можам да квантифицирам во смисла на процентите, меѓутоа со сигурност сум убеден и можам да констатирам дека голем број од овие ќе си најдат на некој начин и задача е на премиерот и Владата, како ќе ги реши персоналните проблеми на луѓето што се моментално во органите на управата, меѓутоа, неминовно решенијата што се во законот се доведат до една добра рационализација и во однос на буџетските средства.

За надворешно-политичкиот аспект и придобивките што несомнено ќе произлезат од донесувањето на овој закон, сите тука сме свесни и знаеме што тоа значи не само на општото мислење во Европа и пошироко, туку и во однос на склучувањето на аранжманите кои што ги очекуваме и се знае дека секој еден чекор и во овој Законодавен дом што ние како најодговорни го преземаме има влијание на оценка и преоценка на меѓународните институции. Ни можеме да сме среќни што се укина мониторингот во Советот на Европа, меѓутоа, мониторинг секогаш постои и секоја една одлука и на Влада и на овој Парламент со будно око на меѓународните организации и заедници се следи и не можеме да бидеме неодговорни во овој момент и тоа да не го земеме предвид при конечното одлучување.

Јас се согласувам дека повеќе глави се попаметни, впрочем и има собраниската расправа по комисии и покрај тоа што имавме доста укажувања и во првата фаза, не сметам за лошо, што не само опозицијата туку и ние дадовме

некои амандмани има доста амандмани и од партиите во коалицијата, односно пратеничките групи во коалицијата и сето тоа го сметам за еден демократски чин, низ кој чин Владата како што се договоривме денеска ќе ги провери комплетно и нормално ќе усвои она што е позитивна контрибуција за подобар текст, покоегзистентен закон кој што ќе ни обезбеди една подобра имплементација.

Тие подобрувања со амандмани сметам дека се нијанси и тие детали треба сериозно Владата со должен почит да ги погледа. Јас оваа прилика ја користам да го поздравам начинот за вакви сериозни закони, Владата на тој начин да заседава и да не биде мислење по амандман на еден министер или заменик министер, туку едноставно целата Влада да сноси одговорност за она што е амандманот, затоа што тогаш ќе избегнеме евентуални ситуации , каде што два различни амандмани ќе бидат во дискрепанција еден со друг.

На крај , во врска со некои тези, се споменуваат тука определени условувања, јас тоа сакајќи конструктивно да придонесам во дискусијата мислам дека треба да се отфрлат такви условувања, толкав број да биде, па ние ќе го условуваме нашето гласање или не, без претензија дека сега делиме лекција, меѓутоа, кога предлагаме одредени решенија секако треба да ја имаме предвид суштината и придобивката на донесување или недонесување на законот, а нормално да ги имаме предвид и одговорностите што треба да ги имаме.

И сосема на крај, тука имаше некои фокусирани, така да кажам, тези, на пример Агенцијата за обнова и развој, која сега не се вика за обнова и развој, туку се вика за инвестиции, извоз и развој, каде што сметам дека некои дискусии во смисла дека партиски се определени парите во таа агенција, таа не носи некои работи, јас апсолутно ги отфрлам. Зошто? Затоа што лично сум запознаат со тие работи и по однос на сите досегашни инвестиции е апсолутно е диспензирана, Агенцијата не водела сметка на партиските или било какви други определувања, туку на она што значи профитабилност, а дека таа не може да дели без банките, тоа впрочем се знае каков е системот и дека одредени кредити и одлуките за тие кредити, без оглед што оделе преку Агенцијата за обнова и развој , нив фактички ги донесувале комерцијалните банки, на кои што преку Комерцијалната банка им биле дадени тие средства според некои критериуми, норми и стандарди, кои што беа претходно зацртани и со одредена намена.

Според тоа јас сметам дека таквите дискусии не се во духот на една позитивна енергија и дезавуираат одредена вистина. Не сакам да навлегувам дали се тенденциозни или не, меѓутоа, најодговорно тврдам дека имаше дури и во еден период, не е важно дали за претседателските избори притисок од одредени политички провиниенции на одредени фирми да не зимаат средства. После тоа тие луѓе доаѓаа и молеа пак да им се дадат кредити, бидејќи видоа дека почна да функционира тој систем.

Јас со ова би завршил и уште еднаш на крај би го изнел и ставот на Пратеничката група на ДА, безрезервно ќе го поддржиме донесувањето на овој закон. Имаме некои амандмани, ќе видиме како ќе се одвива поединечната расправа по амандманите, сметаме дека се во духот на демократските процеси, а и во духот на подобрување на некои односи и релации помеѓу сите нивоа во Владата и со тоа нашата Пратеничка група дава безрезервна поддршка на законот и ќе гласа за донесување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Радомир Карангелески за учество во расправата.

За збор се јави г-дин пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Доколку промашам некоја минута или секунда повеќе, но верувам дека од мојот ценет колега пратеник Радомир Карангелески, нема подолг да бидам, туку 5 до 10 минути ќе бидам пократок и ќе ја почитувам сугестијата на мојот почитуван колега пратеник Котевски, ја прифаќам, бидејќи на оваа говорница кога се гледаме очи во очи сме можеби за нијанса поодговорни и затоа излегов на говорницата да кажам она што мислам.

Ќе тргнам од филозофијата на размислување, приодот на размислување, господа нема реформи без знаење, без стручност, без научност, без умешност, без мудрост итн. Ако мислиме дека реформите се реализираат или сме реформатори,

исклучиво ако сме слепо партиски послушници, јас не би сакал да поддржам такви реформи, ниту пак сакам да припаѓам на таа група, ниту пак сакам да ги поддржувам , па и во најмала рака да прифаќам пратеници од Партијата на која и припаѓам СДСМ.

Рез правиме денеска на бирократијата повеќе години наталожена во РМ , а посебно би сакал да кажам, ако бирократски не се однесуваше актуелната власт, формирани од коалиционите партнери, ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА, ние денеска немаше толку да расправаме. Требаше првиот реформски чекор да го направи актуелната Влада на 1 ноември или 18 ноември, кога се конституираше Владата. Наместо да бидат 21 министерство , требаше да се прифати досегашната пракса 15, па со нагласам дека ние ќе бидеме уште поголеми реформатори од нашите претходните, ќе бидат 14, како што сега предлагате. Значи, првиот бирократски чекор во актуелната власт уште тогаш го направи. Јас тогаш се дистанцирав со мојот умерен приод на партијата во која припаѓав, размислував дека Владата доаѓа, ја носи нејзината одговорност, обврска и мислев дека со 20-21 министерство поефикасно ќе одговори на задачите и целите за кои народот и дал доверба. Што се случи за овие 18 месеци. Денес зборуваме дека сме ние од оваа половина реформатори, односно, две третини, една третина антиреформски настроени. Господа, па овој народ памети. Паметевме ние 1948 г. што се случило, 1944 г. што се случило, некој памети и од 1935 г. што се случило, па ние дали можеме за 18 месеци да заборавиме, дека сме реформски настроени, а ние се залагавме да остане иста Влада, состав итн. Така да сега да слушнеме од исти субјекти едно двојно однесуваше и да викаме дека бирократски рез правиме, да правиме но со децении и со години таложено, а и оваа актуелна власт, коалицијата што го направи првиот бирократски чекор кога дојде. Јас не се согласувам, да се двојам од оние дека сум антиреформски настроен. Со многу мој сопартици порано, сега и понатаму во секој крак , животен пат каде сум се движел сум сакал нешто да се направи барем чекор повеќе. И сум го правел. Затоа мислам дека делата многу повеќе зборуваат, многу повеќе траат и имаат многу поголема тежина отколку зборовите, па макар и од претседателот на државата, па да се симнеме и до еден нормален пратеник, без разлика на која партија припаѓа. Зарем господа можеме да си дозволиме овде да се двоиме на антиреформски и реформски настроени, дури јас би рекол, ние слушнавме квалификации дека е некој антиевропски расположен настроен, анти-натовски, замислете сега јас да кажам господо, актуелна Влада, вие сте антимакедонски настроени. Што доста народ го зборува тоа. Зар тоа не е увреда да го кажете. Кој чекор го направи оваа една третина зад кои стои 200-300 илјади граѓани, да зборуваме дека се антиреформски, антиевропски, антинатовски настроени. Јас би рекол дека вие давате тон за влечење назад. Зошто? Направивте комплетна партизација, каде што треба и каде што најмалку треба. Конкретен да бидам, место да бидат 280.000 невработени, на ниво на Република, денес ги има 370.000 невработени.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Општината каде живеам, егзистирам и каде што го добива мандатот пратеник во ова Собрание беа 6.700 невработени, денеска се 7.500 невработени. Еден килограм тутун може да се купи за 2 литри бензин. Осум килограми лубеница може да се купи за еден литар бензин. Зарем не се дава придонес за антиреформски и сега вие со сила нас сакате пред македонската јавност, европската и светската да кажете пратениците, затоа што се од опозиција се антиреформски настроени.

Господа, Министерство за трговија постоеше 18 месеци. Аргументиве зборуваат и боговите се поклонуваат пред аргументите. Првите три месеци имаме извоз 601 милион долари. Увоз 601 милион долари, извоз имаме 301 милион долари. Имаме нагорен трговски дефицит, биланс 270 милиони долари. Господа, тоа е 55% покриен увозот со извозот. Кажете која држава, ако постојат банани држави, може да заснова иднина, било каква иднина и политичка и животна и државна со таква економска катастрофа. А, измисливме Министерството за трговија.

Министерство за надворешни работи што функционира, па тоа е број еден, надворешниот дефицит, биланс да се биде барем 70% покриеност со години го имавме од 68-73%. Ние со Република

Бугарија имаме 28% за првите три месеци покриен увоз со извоз. Со Словенија имаме само 14%. Па, ние треба да велиме дека ќе припаднеме на оној блок или на овој блок. Никој не те сака кога низ увозот и извозот може директно да ни ја цица крвта од Република Македонија. Тоа е експлоатација на македонската економија. И, сега зборуваме кој бил реформски, антиреформски. Јас не велам дека Владата и оваа и наредната и претходната дека треба да има волшебно стапче и преку ноќ, но треба некои негативен и трендови да ги кажеме и дека ги правиме во тој стил дека понатаму тоа не смее да се случи.

Министерството за развој, ново, се радував итн. Кажете во која општина рековме 100 луѓе вработивме кои даваат нова создадена вредност, кој во РМ една марка еден долар. И ако има тоа е минимално. Затоа, не сакам да бидам овде етикетиран, да ми се лепи етикетата на мене како пратеник во овој највисок законодавен дом, ниту на партијата на која припаѓам СДСМ дека сме антиреформски. Јас токму мислев и мислам, доколку се усогласат некои ставови, да го поддржам. Те молам, колега пратеник, сега, потпретседател на Собранието на Република Македонија, ми претиш со прст дека ќе ми вратиш итн., па за тоа е ова Собрание да реплицираме, да зборуваме со аргументите, дали не сум во право 601 милион долари има увоз Македонија. Проверете 330 милиони имаме извоз, 55% покриеност имаме извоз-увоз. Дали 100 илјади невработеност е зголемена. Дали еден килограм тутун не е две литра бензин. Ве молам, дали земјоделецот, работникот, стечаецот не е на работ на сопствената егзистенција. Вие сте на власт и вие треба најмногу да мислите, а јас како пратеник треба благовремено да ги покренувам овие прашања. Можеби беше лошо, но сега е најлошо.

Затоа, мислам дека ова што го зборуваме се скратуваат од 20 на 14 министерства, ништо повеќе ни помалку агенциите се министерства и со самата нагласка дека се посебно правно лице со посебна сметка зборува дека се работи за една иста работа само на друг начин што ќе се спроведува.

На крајот сакав да кажам доколку се прифатат некои сугестии, не би сакал и јас најмалку мислам, како што рече и премиерот на Владата на РМ нема да дозволиме да не уценуваат. Најмалку мислам дека опозицијата, СДСМ и останатите што тоа го поставуваат, најмалку претставува уцена на актуелната Влада и најмалку мисли дека со тоа што го бара дека ние сме антиреформски настроени. Напротив, СДСМ преку сопствените амандмани кои ги поднесе и кои ќе ги поднесува додека трае расправата, сака да даде придонес на обликување на овој предлог на закон што го донесовме, да биде посовршен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ванчо Чифлиганец за учество во расправата.

Потпретседателот Томислав Стојановски бара реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не мислев да говорам, оставив на тоа дека Законот треба да се прифати и од нас и од опозицијата. Меѓутоа, господинот пред мене што говореше се залагаше за некоја реформска, силна организација која тој ја претставувал. Ќе го молам повеќе да не убедува на чесност и реформност. Господа, јас имам едно море писма кај мене кои доаѓаат, како од овој господин се бара одговорност, како им наплаќал за некои потврди што наводно да бил произведуван бакарот во Бучим" а тоа бил бакар на Бор и да наплаќал од секој печат по 70 илјади долари и сега ако мисли дека е таков реформатор и оваа Влада да биде реформаторски расположена, оваа Влада не го прави тоа. Ако е синоним на СДСМ со такви работи и овде да се појавува и секогаш да говори за тој тутун, секогаш да бил 2 кг. тутун, едно кило бензин, обратно горе и долу. Господинот нека се ориентира во време и простор. Ние говориме денеска за закон, а не за интерпелација на Влада. Еднаш нека сфати дека има дневен ред што треба да биде. Нека не ми говори мене оти тој ќе кажел, јас да молчам. Не да молчам, го опоменувам дека ќе му ги пуштам тие нека се расправи со тие господа што ми ги пишуваат писмата, нека се спреми и нека си ги плати долговите. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван потпретседател на Владата, уште сега преку лицето на колегата пратеник Томислав Стојановски и уште за поголема трагедија потпретседател на Собранието на РМ, се гледа како од позиција на власт уште да ти каже вечер дома нема да стигнеш или утре сабајле ќе те извадат од дома. Јас сум свесен оти господине Стојановски ти си на власт и можеш се да направиш. Имаш син, помлад или повозрасен генерација како мене, неговата чистота мери ја со мене. Неговиот придонес за македонската држава и македонската нација низ сите сфери на живеење, сега гледај ме во очи, ја мери Чифлиганец и твојот Далавера син е 10 спрема нула за македонската нација, за македонската држава. А, ти ако си голем партиец и ако така те тапкаат ти прво лошо правиш на својата партија и на македонската држава и нација.

Јас пред овој дом, до колку за овие 23 години работно искуство во рудникот во кој работам сум 11 години на чело, ако имало поуспешен менаџер од вашиот сограѓанин, Македонец, итн. поуспешен, дојди и кажи ми. Работев чесно, коректно и поштено. А, за овие зборови вие ќе се најдете на судот. Тоа се најтешките увреди вие што ги кажавте. А, јас исто така, добивам секој ден од електоратот во општина Радовиш, Струмица, Штип каде што се движам, од каде го најдовте, па и потпретседател на Собранието на Република Македонија го ставивте. Јас велам, него го избра народот, партијата, пак те оправдувам. Но, гледам ти само овде со сила, со оружје, со закани, мислам дека историјата се повторува. Историјата се повторува, а јас сакам да ме мериш со твојот син. Што придонесе тој за Куманово и за македонската држава и нација. Што придонесе Ванчо Чифлиганец за македонската држава. И, мојот покоен татко што ти придонесе, што татко ми придонесе. Се бореше за оваа Македонија, а ти се бориш за личните интереси и во партијата си најголемиот разбојник таму. И, ти овде да зборуваш за 70 илјади долари, кој крв сум блуел за оваа македонска економија. Затоа што не сум со тебе, не седам со тебе. Извини, јас не сум бил никогаш партиски послушник. Само сум ги застапувал мислејќи дека идејно политички и идеолошки дека е исправно за македонската држава, за македонската нација и за сите Македонци. Сега овде да седам уште пет работи професионално можам да ги обавувам. А, вие, освен народот да го лажете, адвокатски, правно и овде да го заведувате, ништо друго не можете да работите. Штета е што еден таков пратеник, со целиот респект на партијата на која припаѓа, ВМРО-ДПМНЕ е најголема трагедија што го труете народот и што сте потпретседател на Собранието на Република Македонија. Тоа е срамота за македонската нација. И кај мене доаѓаат илјада дописници за вас и за вашите синови и за тоа. Вие денеска манифестирате сила, или ќе бидеш со нас или ќе те тепаме, а од друга страна ќе играш и ќе се смееш. Тоа не може пратеникот Ванчо Чифлиганец да го прави. Престанете со вашите лаги, со вашиот патриотизам, што вашиот патриотизам пред сопствената македонска држава, тоа веќе не пали, а и на годините не ви одговара. Со прадедо, дедо, корен јас имам, а вие немате корен во оваа македонска држава. Тоа да го знаете. Сум се залагал конструктивно, со сите овде што ги познавам овде сме работеле за македонската економија, за македонската држава. И сега сакате тоа да го девалвирате, немојте ве молам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако може да прекине оваа расправа лична. Сметам дека е ова лична расправа и не е во овој дух тука. Немојте, два збора вие, два збора тој и итн., па ве молам дајте овие лични расправии да ги прекинеме.

За реплика се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Чифлиганец, сега нема јас нема да ве викам ни криминалец, ни патриот, ни грешка што седиш во овие пратенички клупи, ништо нема да ти говорам. А, јас само сакав да ве опоменам да не говорите за она што не го заслужувате, за она што не сте го чинеле, за она што не го чините, а ве опоменав за она што сте го направиле. Ве опоменав дали е тоа моја чест или достоинство, тие луѓе стојат одговорно таму, вие да земете 70 илјади долари за еден потпис, јас да бидам за тоа виновен, јас да бидам криминалец, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, дајте со оваа расправа веќе да прекинеме. Навистина не сме на нивото и понатаму ако е можно такви расправи да нема и тоа навистина не е во ред.

Господинот Никола Поповски побара збор во духот на смирување на овие состојби.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, дозволете како координатор на пратеничката група на СДСМ во мое име и во име на сите членови на пратеничката група да ги отфрлам неоснованите обвинувања врз еден од нашите членови од господинот, еве морам да го споменам Томислав Стојановски, да ги отфрлам и да изразам згрозување од таквиот начин на работа. Го молам и господинот Ванчо Чифлиганец, исто така како член на пратеничката група, која јас ја координирам, понатаму да не навлегува во реплики, за да не продолжи една мачна атмосфера во Парламентот. А, во име на групата ги отфрламе неоснованите клевети.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е, господине Чифлиганец, го слушнавте вашиот координатор, ве замоли, а вие повторно сакате да се јавите. Немојте, затоа што ова не води никаде. Имате право на уште една реплика, но ве молам немојте понатаму да ја палиме атмосферата.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Не ја палиме и зошто да ја палиме атмосферата, ние сме пратеници избрани кој електорат, народ стои зад нас, а зад мене стојат 8 илјади луѓе. Го молам колегата пратеник Томислав Стојановски за оваа негова катастрофална изјава, лажна, јавно да ми се извини, затоа што истото можам да го кажам за вас и да го кажам за твоите деца, внуци што се зборува на улица, што добивме памфлети, дописи итн. А, сега, јас ви кажувам поздравете ја г-ѓицата Доста Димовска и викнете го на тој што сум му земал 70 илјади долари, веднаш да ме притворите. Ве молам, вие имате власт, еве овде е и потпретседателот, кој го почитувам, Васил Тупурковски и сите овде. Не е тоа емотивно. Затоа, со такви штосови може секој да се служи. (Меѓувреме во салата влезе г-ѓацата Доста Димовска). Во моите 45 години мојот покоен дедо, брат, сестри, роднини, пријатели и другари сум се дружел и ни еден не е осудуван. Ве молам, дали има фирма на Балканот и во Европа кога Ванчо Чифлиганец двајца слепо партиски послушници го сменија сите закони. Остави 5 милиони и 270 илјади долари позитивна разлика. Кажете рудник на Балканот, во Европа и во светот дали има таков. И, резерва во злато во трезор со девизи со деловна политика, ни банка задолженост. Ве молам, господа, пред да ме сменат тие двајца послушници, бев и кај премиерот господинот Љубчо Георгиевски и реков дека мојата партиска книшка е понебитна отколку рудникот Бучим а го водам, 800 фамилии да живеат. Зарем има покоректно, почовечки од тоа. Покрај тоа, ние сме емотивни луѓе. И, сега, вие, станувате овде пред целата македонска јавност, сопствената нација ја брукате. Ванчо Чифлиганец земал 70 илјади долари. Ве молам г-ѓице, ве почитувам, ако имате такво нешто, не мора ни од овде да излезам, имунитетот не важи. Само на Томислав Стојановски да му биде желбата тој неговиот род, неговата фамилија, сите други не треба да живеат.

Кажете господине Томислав Стојановски, ако не верувате во бројките, јас не го правев тоа. Го правеа оние што ме наследија. Но, јас бев граѓанин на Република Македонија. После бев Македонец, не бев партиец, кога го водев рудникот 11 години успешно што работев за оваа економија. Затоа, јас се извинувам доколку досадив, но ни дедо, ни прадедо, ни татко, ни сестра, ни брат не ми се осудувани. Јас имам корен македонски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, го прекинувам овој дијалог, навистина не доликува на ова Собрание и не доликува на денешната точка на расправа.

Го молам господинот пратеник Илија Прангоски да земе збор.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Почитуван господине претседателе, господа потпретседатели на Владата, почитувани министри и колеги пратеници,

На почетокот сакам да изразам навистина едно незадоволство од начинот на кој што повремено се водат и репликите во овој највисок законодавен дом во Македонија и од начинот на кој што се води расправата. Мислам дека не треба да се

дозволи по толку важни закони да се прават такви бегања од темата и од она што е основна точка на дневен ред денеска. Сакам да кажам дека сум најмалку од оние пратеници кои што досега во било која расправа коментирал некакви позиција, опозиција односи. Меѓутоа, овој пат, прв пат ќе проговорам во однос на критиките за партизација, и ќе избегам малку од темата, ќе ми дозволите, тоа е само една минута, бидејќи пред скоро време ми падна во раце еден службен весник од месец февруари 1998 година каде што беа поставувани членови на Управен одбор во една здравствена организација кои што случајно ги познавам. И верувајте, сите беа членови на СДСМ. Така што тие времиња како што беа пред две години, не треба така брзо да се заборават и да се зборува сега сосема од друга позиција. Барем сега во управните одбори има по еден, или двајца членови од СДСМ, за разлика тогаш немаше никој, освен сите членови на СДСМ. И тоа беше еден вид партизација, меѓутоа, направена на еден посуптилен и подолготраен начин. Но, тоа не е тема на дискусијата. На почетокот од оваа дискусија сакам да истакнам дека ќе гласам за овој Предлог на закон за организација на работа на органите и на државната управа и го гледам како еден од трите закони, од пакетот на закони заедно со другите кои што се на дневен ред и Законот за Владата и Законот за државните службеници кои го чинат овој таканаречен реформски пакет на закони, а кои ја регулираат областа и оваа област од работењето и функционирањето на Владата и на нашата држава. И веднаш сакам да кажам зошто? Низ подолготрајната расправа од изминатите скоро три недели и по првиот Предлог закон и по овој сега, ако не, во конечната верзија предлог голем дел од забелешките кои што беа дадени од членовите на соодветните комисии каде што се разгледуваше посебно овој закон, се вградени и усвоени во оваа дефинитивна предлог верзија, односно како Предлог закон за државната управа. Сметам дека со предложените решенија содржани во овој Предлог закон се обезбедува навистина ефикасна, и покрај тоа што некој смета дека не е така, ефикасна, рационална, помалобројна, но пофункционална и подобро организирана Влада. Предложениот број на министерства од 14 во оваа верзија во однос на сегашниот актуелен состав од 21 е значајна рестрикција, а не само површна и надворешна, или како што некој сака да каже незначајна реконструкција, или рационализација, туку е значајна промена во бројот на министерствата и во вкупниот состав на Владата кој што заедно со премиерот ќе изнесува бројка од 17. Само во прилог на ова, сакам да го кажам податокот дека земјите на опкружувањето на Македонија и земјите во транзиција воглавном бројат овој број на министерства. Унгарија има 13 министерства, Литванија 14, Словачка 15, Словенија 17. Оваа Влада, коалицијата и парламентарното мнозинство не треба и не смеат да останат глуви и да не ги регистрираат сигналите на охрабрување кон овој чекор кои доаѓаат од Европската унија. Напротив донесувањето на овој закон како еден од најзначајните од пакетот на закони, но заедно и со другите закони кои што се донесени досега, а се надевам на оваа седница ќе биде донесен и Законот за високото образование кој што и недостасуваше на Македонија десет години и кој што наталожи огромен број на проблеми, но и законите кои досега се донесуваа во овој собраниски дом да не ги именувам беа кажани од поголем број на говорници, реков сите овие закони ќе бидат доволен доказ и пред македонската јавност и пред граѓаните на Македонија, но и пред Европската унија и пред другите институции и организации од Европа, пред се дека Република Македонија е спремна да продолжи по овој реформски пат кој коалицијата го зацрта и треба да постои на тој пат. Сметам дека и покрај забелешките и критиките од опозицијата дека и таа треба да го поддржи овој закон, треба да ги надмине партиските интереси и да се вклучи по она што е општ интерес и повисок интерес на државата и треба да го следи тоа пред се заради сопствениот интерес, интересот на граѓаните и на Македонија. Мислам дека опстојувањето на овој пат на Македонија за брзо време ќе и овозможи и полесно приклучување како асоцијативен член на Европската унија, склучување на договорите со ММФ и Светската банка, но ќе даде и еден силен импулс, понатаму за

регулирање и за подобрување на состојбата во економијата на нашата држава.

На крајот на краиштата сакам да завршам кратко со една импресија дека законите постојат меѓу другото и затоа и да се менуваат, бидејќи материјата која ја регулираат е жива материја. И нека биде оваа една прва меѓу фаза доколку има потреба понатаму од понатамошни реконструкции и реорганизации на државната управа многу брзо времето ќе покаже, не треба да бидеме и тука статични и глуви, тоа треба да се следи и во некоја следна фаза можеби ќе се најдат и подобри решенија од овие кои што сега се нудат. На крајот да заклучам дека во однос на забелешката дека агенциите не се на рангот на министерства, меѓутоа имаат ист третман како министерства, мислам дека не е исто и дека не може да биде исто и односите не се исти. Така што сметам дека треба да се поддржи овој закон и сите три закони и апелирам до опозицијата да се преиспита и да најде сили да го поддржи и она што сега во овој момент им изгледа дека треба да биде опструирано.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Прангоски.

За збор се јави господинот пратеник Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Денеска имаме прилика да расправаме за една од најважните теми на една државна управа, законскиот предлог за организација и работа на органите на државната управа. Не е одамна поминато времето кога пред помалку од две години овој пратенички состав на големо беше убедуван од страна на премиерот дека со владин кабинет од 21 министерство успешно ќе влеземе во Европа. Претходниот владин кабинет на СДСМ од 15 министерства го зголемивте на 21 министерство и уште 6 министри без ресори што стана една од најголемите државни апарати во Европа за една така релативно мала држава како што е Република Македонија. Но, што се случи. Наместо со таков гломазен апарат да одиме во Европа, Европа Ви удри шлаканица, Ве врати на поправен испит, Ве врати и Ви порача да се намалат органите на државната управа. После повеќемесечно ценкање и калкулирање со овој законски проект, после игрите околу неговото повлекување, па повторно поставување на дневен ред, заради избегнување на поведената постапка за доверба на Владата од страна на СДСМ, еве веќе ја имаме таа среќа да расправаме за овој закон. Би рекол позитивно е тоа да се прават реформи во државната управа. Но, како што имавме прилика овие неколку месеци да следиме да се прават реформи на државниот апарат, а при тоа да се калкулира со бројката на органите на државната управа поведени од меѓусебната поделба на колачот за да се задржи балансот во распределбата на секторите од страна на коалиционите партнери, тоа е вистински административен криминал. Вие не водевте сметка за тоа какви државни органи му треба на овој народ, вие не водевте сметка за тоа како граѓаните ќе ги остваруваат своите права пред органите на државната управа. Вие водевте сметка само за тоа како ќе се задоволат апетитите на партиите што се на власт, кој, колку министри ќе даде, кој, кој ресор ќе го земе, кој какви влијанија ќе има. Еве, нудите 14 министерства и 4 агенции што исто така се органи на државната управа, значи вкупно 17 ресори. На сите им е јасно дека агенциите што ги предлагате Вие како владејачка коалиција, тие се непознати за Европа. Тоа говори дека Вие како власт повторно останувате на истите поранешни позиции на органите на државната управа, па ќе немате проблем со партиските кадри, ќе има места каде нив ќе ги удомите и да ги сместите. На сите им е јасно дека тие агенции се дел од извршната власт каде што и понатаму ќе се користат привилегиите што ги нуди токму таа власт.

Од друга страна, во предлогот кои министерства ќе згаснат, а кои остануваат, направивте невиден ршум, своевидна ерозија на определени функции. Јас во својата дискусија најмногу ќе се задржам на ресорите планирање, градежништво, јавни работи, животна средина. Во современиот свет политиката на планирањето и уредувањето на просторот е составен дел од општиот развој на државата. Планирањето е императив на времето во кое се живее имајќи во предвид дека една генерација планира за повеќе генерации следни кои што ќе следуваат. Долги години наназад и од секогаш во

државната управа постоеше би рекол авторитетен орган на државната управа во областа на планирањето, градежништвото, животната средина, орган кој што имаше најголем број на предмети во управна постапка и орган каде што се очекуваше да проработи долго најавуваниот и навистина прифатлив едношалтерски систем, граѓанинот на едно место со многу поедноставена и кратка постапка да ги добие сите потребни документи. Впрочем и тоа треба да биде лицето на една современа државна управа да биде сервис на граѓаните. Овој орган имаше и две солидни и многу битни јавни претпријатија, претпријатието за стопанисување со станбен и деловен простор и Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање. Но, што во овој закон во оваа област Вие понудивте? Го разнебитивте овој орган, го растуривте, го расфрливте во повеќе ресори, го поделивте според вашите интереси. Еве, ќе набројам неколку такви случаи. Сопственоста и имотно правните работи на една страна, дури и со намера дека по завршувањето на процесите за денационализација оваа надлежност ќе згасне, или да остане во друго министерство. Произлегува дека ќе нема потреба од имотно-правни работи, од експропријација и други имотни постапки. На друга страна е управувањето со градежното земјиште, а на трета е премерот и катастарот. На една страна е просторното планирање, животната средина. Во ниедна надлежност не е урбанистичкото планирање, на друга страна е инфраструктурата и уредувањето на просторот, потоа станбено комуналните работи, а во ниедна надлежност не е градежништвото, или воопшто јавните работи, а на сосема десетта страна е порамномерниот развој на стопанско недоволно развиените подрачја. Очигледно власта била дезориентирана кога вака ги расфрлила, или воопшто не ги предвидела овие дејности и надлежности. Тешко на тој народ што ќе има потреба да решава некои прашања од овие области, ќе треба да прошета многу ресори и на крајот не ќе се знае како ќе се реши неговото барање. Со ваков концепт на државната управа во областа на планирањето, градежништвото, животната средина и јавните работи стои отворено прашањето, што со ваков систем на државната управа во наредниот период ќе се реализира од што навистина зависи со која брзина ќе одиме напред и колкава е цената што ќе треба да ја платиме. На оваа држава ќе и треба еден единствен орган што ќе предлага прописи, стандарди и нормативи, изготвување на планови за потребите на државата за Јавниот сектор, за инфраструктурните системи, за објектите од интерес на државата, за објектите што не се од локален карактер. Орган кој ќе може да утврди колку и како плановите се во согласност со оние од повисок ранг со стандардите и нормативите, орган што ќе ги издава потребните акти, особено за објекти од интерес на државата, за јавниот сектор, за инфраструктурните системи, орган на крајот кој што ќе ја планира станбената изградба за потребите на државата, за социјално загрозените семејства што ќе ја води станбената политика во целина за создавање услови за подинамична станбена изградба. На Република Македонија и е потребен усовршен и ригорозен систем на планирање воопшто. Централниот владин орган треба да го надгледува и контролира системот на планирање воопшто на ниво на државата и по регионите. Државата треба да обезбеди целосно регулирање на користењето на просторот и развојот, контрола на планирањето и градењето, контрола на загадувањето и контрола на транспортот. Тоа со понудениот закон за организација и работа на органите на државната управа не се нуди. Многу брзо ќе увидите дека сте погрешиле, но, за тоа цената ќе биде висока.

И на крајот, еве да кажам уште неколку примери. Долго време слушам дека сета оваа работа е под надзор на Европа и Европа нуди да бидат вакви ресорите. Само да спомнам неколку држави во Европа, во Франција постои Министерство за јавни работи, транспорт и домување, во Португалија Министерство за јавни работи, планирање и регионално управување, во Германија Министерство за транспорт градежништво, домување, а кај нас сите ресори се разнебитени и расфрлени на многу страни чисто само од интереси кој што повеќе да заграби за да има да раководи и да манипулира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Кирил Настески за учество во расправата.

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници, прво сакам да кажам дека мојата одлука да земам учество во оваа расправа практично и пред се е побудена од значењето на законите кои се на дневен ред и тоа не само овој закон по кој моментално расправаме, Предлогот на закон за организација и работа на органите на државната управа, туку и Предлогот на закон за Влада на РМ и Предлогот на законот за државните службеници. Така јас ги гледам во пакет сите три закони, во сферата на реформа на државната, пред се, извршната власт и државната управа во РМ.

Веднаш дека мојата позиција, за разлика од некои позиции овде што се искажани овде во Парламентот, е тоа дека с:е работи за закони и проекти за кои всушност се изразува волја, со кои се изразува волја да се направи првиот чекор во реформите во таа сфера, како нужност за натамошниот опстанок на државата на РМ. И оваа прејака оценка, на некому би му звучела, мислам дека има свое стојалиште и исходите во тоа што навистина без реформа во оваа сфера тешко може државата да оди напред и да оди во посакуваните цели, за кои декларативно голем дел или скоро сите учесници овде и од предлагачите и од пратениците се изјаснија дека треба да го прави РМ и што впрочем е декларирана политика на сите политички субјекти во РМ, некаде од почеток на процесите на трансформација на РМ. Оттаму нужноста да се обрне доволното внимание за изградбата на овие проекти.

Втората моја позиција од која тргнувам во оваа дискусија е тоа и е произлезена всушност од расправата во ова Собрание на делот кој се однесува на упатувањето етикети кон пратениците - сега јас невелам кон пратеничката група на СДСМ - за тоа како ќе се однесуваат во однос на изјаснувањето по овие проекти. До колку всушност некои пратеници претходно се опоменати и им е залепена етикета, се изјаснат "не" за овие проекти, да бидат поддржани или се изјаснат против овие проект, тогаш стои заканувачката и застрашувачка позиција дека таквите поединци и таквите групи ќе бидат прогласени за антиреформски, антипроевропски ориентирани, антинатовски ориентирани итн. Ниту се плашам од таквата позиција, што претходно со кренат прст е запрено овде од пратениците и ќе го задржам мојот и личен став на позицијата на уставното решение по овие проекти поединечно да одлучам онака како што мислам по сопствена совест, дали се работи за добар проект кој ќе ја унапреди позицијата на РМ или се работи за проект кој навистина не заслужува мое внимание да биде поддржан. Оттука не постои сила која може всушност претходно да ме определи во ваква или таква групација, јас всушност својата позиција и политичка и општествена положба, и како човек и граѓанин во Републиката ја определува самостојно гласно и јасно и јавно тоа го правам.

Клучното прашање практично и за овој закон сега што го расправаме е тоа дали овие проекти што ни се понудени носат позитивни решенија, всушност ги отвораат перспективите во натамошниот процес на транзиција, проблемите да се решаваат со поголема динамика, што поефикасно се со цел да се постигнат основните цели кои се запишани и во Предлогот на законот и во образложението на сите три проекти.

Морам да кажам во овој момент и настаните кои се случуваа околу целокупната процедура околу овие прашања, а некои работи што сакам да ги потенцирам, внесуваат скепса по тоа прашање дека навистина недоволно е обрнато сериозно внимание на овие проекти да бидат посакуваните цели остварени на начин на кој се декларираат од микрофоните овде во ова Собрание на Република Македонија од било која страна.

Првото прашање е дека самата процедура на овие закони, ја знаеме судбината, и беше потенцирано овде , на кој начин еве дојдовме во ситуација и денеска расправаме, и тоа да расправаме во услови на една летна релаксација или предгодишно одморска ситуација со императив дека мора да ги донесеме овие закони, дури и нагласената координација да речеме која не мора да значи, но во контекстот на сите настани пред почетокот на седницата беше кажано дека ќе работи ова Собрание додека се донесат овие закони, до 21,00 часот ако треба, и понатаму вечерва , уште катанци да ни се ставаат на вратата. Јас ги одбивам таквите можности и евентуално скриените пораки кои може да се прочитаат на тој начин, на таков начин како јас ги читам, затоа што досега не ни се случило такво прашање од оној момент кога претседателот

поранешен на Собранието Стојан Андов велеше дека возот ќе ни замине за Белград, па една слична ситуација имаме сега дека евентуално ќе ни замине возот за Европа.

Втората работа е тоа што самиот чин на ставање на расправа на овие закони овде пред пратениците овде во ова Собрание, во ваква форма во која се ставени и апологетскиот приод на решенијата внатре што се без издржана содржинска аргументација, всушност создава лажна надеж и перспектива дека со самиот чин на изгласување на овие закони ние проблемот сме го решиле. Апсолутно не. Заблудите се многу огромни затоа што реалниот живот е таков сложен. Јас да ви кажам, би бил среќен кога овие закони би решиле многу присутни ситуации, да речеме од типот на тоа , на пример, општината "Центар", локалната самоуправа да носи пет урбанистички планови за мандатниот период и да истече мандатот, а надлежното министерство да не даде согласност на тие проекти,со исполнување на сите услови. Кои се последиците од тоа?

Општо познати: постоење на голем број диво градби во општината "Центар", во главниот град на РМ, нерегулирани имотно-правни односи, последици кои се влечат од тоа итн, да не ги набројувам. Синтагмата ефикасна управа и професионална управа подразбира тоа: не смее тоа да се дозволи тоа во иднина, не смее да се дозволи и после донесувањето на овие проекти. Не смее да се дозволи позицијата , еве да кажам од средината од која доаѓам од изборната единица општинскиот центар и општината од каде што сум Демир Хисар да биде роб 20 години на неадекватен просторен план формиран нереално во еден друг период, а никој да не презема решение во таа смисла, да цвета дивоградбата и да се создаваат огромни проблеми, иако тој проблем е дигнат на највисоко ниво и во минатите влади и во оваа Влада, при расправата за просторниот план. За жал, новиот се одложи и решенијата не одеа во прилог на тоа да се разреши таа постојана позиција реално што е создадена на теренот, туку одеа и понатаму да се усложнат. Тоа оваа администрација се надеваме не смее да го дозволи. Ако една од целите на овие проекти е да создадеме ефикасна, професионална и од политички , таму има посебна цел, ослободена државна управа, не смее да ни се случи актуелниот заменик министер за внатрешни работи на пр. да биде избран или назначен за шеф на Изборниот штаб на одредена политичка партија, а тој истовремено да ја извршува и понатаму замeничката функција. Јас не го спорам неговиот интегритет како припадник на одредена политичка партија, но се знае како е редот, со денот на изборот на таа политичка функција тој треба да си поднесе оставка, затоа што граѓаните нужно се надеваат дека тој професионално, и треба да се надеваат ќе ја врши функцијата заменик министер, а чиј интерес ќе го брани истовремено како шеф на изборниот штаб? Тоа се примери кои можат да се набројат многу од практиката но за кои времето не дозволува. Овие ги земав само како примери кои ми се најсвежи да ги потенцирам што се очекува од овие закони. Не смее да се дозволи државна управа да не знае со што ќе располага утре, задутре за својата гола егзистенција, тие поединци таму што работат. Нема професионален однос во работењето, ако нема адекватно наградување на тие луѓе таму стручни и професионални. Изостанува елаборат, показатели за нас пратениците да се види во која положба ќе се најдат тие луѓе утре, задутре. Значи ли тоа ако со првата имплементација во првите шест месеци на овие закони се редуцира државната администрација за 10% дека платите на тие државни службеници на пр. ќе се зголемат за фактор 5 помножено со ова 10%. Или ако се редуцира на 40% за две или три години, што е интенција, да кажеме да се направи и да се постигне мала ефикасна управа, професионална, дека навистина ќе биде награден нивниот труд. Мора да имаме такви параметри. Јас не знам, овде се споменува елаборат кој е донесе пролетта 1999 год, врз основа на кој почиваат, всушност егзистираат овие законски нормативни рамки. Тој елаборат ние не сме го виделе. Да видиме дали коинцидираат со проекциите во тој елаборат овие законски решенија, туку кој како ќе се снаоѓа, кој како ќе биде информиран од јавноста или систем расипан телефон ќе проработи на некого, па ќе располага со вакви или такви податоци. Не ми фалат многу демагошките колнења дека од утре верувате дека вака ќе биде се океј во врска со извршната власт , со државната администрација итн. Ќе земам само еден пример дека не држат вода тие работи.

Јас го почитуван г-динот Карангелески овде што истапи во своето

кажување и се обиде да отфрли некои наводи во врска со партизацијата на Агенцијата за обнова и развој што е актуелна и рече, вака со целосна почит, јас гарантирам дека таму не се случуваат работи кои се преферирани од партизација. А истовремено пред два дена еден од извршните директори поднесе оставка, кој работеше година и пол таму, фактички тврди сосема спротивно дека 50% од сите кредити што се дадени таму се врз основа на партиска основа и плус тоа тврди дека тоа е на лична основа на еден од извршните директори кој има концентрирано голема моќ во самата Агенција. Сега јас би сакал мојата верба да ја поклонам на некого, дали на тој извршен директор што си поднел оставка поради таквите состојби таму, ако се точни, или да поверувам на чесната , во случајот верувам и точна определба на г-динот Карангелески дека тие работи не се случуваат. Аргументите се силни и на едната и на другата страна, затоа што таму се изнесуваат и одредени детали во реалноста. Еве, земете го "Капитал" најновиот број, па ќе прочитате на четири страници што се случувало таму и кои се причините за неговата оставка.

Ова не го кажувам за да дадам товар на некоја групација или политичка група или орган овде итн. Такви аномалии имало и порано, и ги има и сега итн. Тргнувам од позиција дека ги донесуваме овие решенија за таквите аномалии да не станат од реалноста на РМ, затоа што заеднички ни ја копаат судбината на сите граѓани на РМ. И всушност дека не се употребуваат економски параметри, туку се употребуваат лични и политички параметри во определувањето и во таа сфера на располагање со финансиски средства и акумулацијата.

Мојот приод , всушност и на пратеничката група на СДСМ во врска со поддршката на овие проекти, го гледате расположението дека е да се придонесе практично позитивно за поткрепа на овие проекти. Иако се потенцира тоа прашање дека требаме кога требаат 80 пратеници апсолутно ирелевантен е тој чин. Важен е чинот дајте во втората фаза на поединечна расправа на закониве максимално да се сконцентрира и предлагачот, ослободен од политичката пресија или од онаа пресија што беше истакната од премиерот овде дека ние се заканувaме или уценуваме. Апсолутно не. Нема кого да уценуваме. Ако уценуваме некого, се уценуваат и самите себеси. Таква е судбината на проектите овде што треба да ги донесеме. Но навистина ќе зависи од кооперативноста на предлагачот да ги усвои навистина оние темелни решенија на некои сегменти што ги предлага и пратеничката група на СДСМ преку амандманите што ги предлага. Јас мислам дека таа свест ќе преовлада заеднички и на крај дека и ние ќе имаме активен придонес во проекцијата на овие решенија што треба да се носат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Наќе Стојановски и јас се надевам дека тоа на крајот ќе преовладее.

Дами и г-да пратеници, може ли да ги замолам двајцата пратеници кои овде ги имам уште на список да се откажат , за да ја затвориме општата расправа и да може да заседава Владата.

Г-дине Јордан Бошков и г-дине Јонуз Абдулаи, дали може.

(г. Бошков и г. Абдулаи не се откажаа).

Значи не се откажувате од дискусијата. Добро, очигледно некои очекуваат да бидат последни во говорот. Тогаш ќе одиме по ред, и ќе седиме вечерва до кога треба.

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседател, сакав само да истакнам дека не е лошо овој предлог закон кој со 2/3 мнозинство го донесуваме да го земеме и за повод, да поведеме сметка за јазикот кој се користи. Една јазична норма ќе биде упатено да биде воспоставена. Тоа сакав само да обрнам внимание, а другите теми ги има многу, но не би сакал ништо понатаму да кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам , навистина имавме најконструктивна дискусија денес. Добро, остави простор за другите.

Има збор г-динот пратеник Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, Во духот на времето бидејќи моите колеги беа долги, широки и прешироки , ред е да бидам краток, но бидејќи важноста на овој пакет на закони кои ги имаме денес на дневен ред заслужуваат и пратениците од ДПА да го искажат своето мислење, прифаќајќи ги овие предлог закони да елаборирам неколку зборови во однос на таа поддршка што ја даваме како пратеничка група на ДПА и јас како пратеник и член на матичната комисија на овој пакет на предлог закони, член на Комисијата за политички систем, каде што расправавме на долго и на широко и тоа во две фази. Имавме и фаза кога овие предлог закони ги вративме на доработка и истите пак на Комисија, расправавме и можам да кажам конструктивно и од страна на опозицијата, конкретно од страна на колегите пратеници Љубомир Поповски и Абдула Алиу, кои беа и конструктивни, но кои дадоа и свој придонес во давање на свои предлози и истите беа прифатени од Владата, од претставниците на Владата, од министерот за правда г-динот Џевдет Насуфи и од заменикот министер за правда. Во тие рамки сакам да подвлечам дека ова се реформски закони кои нудат не само бројчено овде како што беше набележано намалување на министерските ресори, но и суштински промени во самите закони. Од тој аспект , би сакал само да го подвлечам делот од Министерството за локална самоуправа, каде премиерот ветуваше во Гостивар на средбата што ја имавме во локалната самоуправа во општината, а еве сега имаме и пред нас Предлог на закони каде се нуди таа децентрализација, а сметам дека вториот дел од таа децентрализација ќе дојде со новиот предлог закон за локална самоуправа, каде ќе ја имаме во практика таа децентрализација или функции и ингеренции пренесени од централната власт во локалната, каде што се неопходни, посебно од градежништво, геодетска управа и дел на други ингеренции што се неопходни за да може локалната самоуправа, општините, кога сме во предвечерието на таа предизборна локална кампања, да се знае зошто ќе биде таа трка во локалните избори , локалната самоуправа да ја има својата функција и цел која ни ветува дека промените во законот за локална самоуправа тоа ќе го обезбедат.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во тие рамки сакам да кажам збор два дека овој пакет на закони - Предлог-закон за организација и работа на органите на државната управа;Предлог-закон на Владата на Република Македонија и Предлог-закон на државните службеници, според моето убедување претставуваат патоказ кон европските интеграциони процеси и во целост ќе ги прифатиме, Но, на крајот ред е, на ценетиот колега Наќе Стојановски да му одговорам.

Умре времето на Батко Горѓија кога се мешаа сегашните опозиционери,кој ќе поднесе оставка, кого ќе го стават на одредено место, на владино или на друго, ресорско. Сега е време кога сами ние, како коалициони партнери одлучуваме кој каде ќе биде. Во конкретниот случај дали заменик министерот, почитуваниот господин Рефед Елмази ќе биде шеф на изборниот штаб на ДПА во следните локални избори. Во тој контекст и нека му пренесе и на господинот Сејфедин Харуни да не ја бара веќе својата;- кобила.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Наќе Стојановски, нормално сака да одговори.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега не знам дали е потребен коментар на ова што кажа господин Јонуз.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие сами се јавивте.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие сами си поставувате прашање.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

И ви го поставувам и вам господине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не сум овде да коментирам. Инаку кога би коментирал вие постојано би биле во реплика со мене.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, не би бил во реплика.

Ако е свесен што кажа господинот, во контекст на промоцијата на овој пакет од три закони и што на крајот кажа, мислам дека тоа е сосема во спротивност со решенијата што се

нудат во овој закон. Јас не оспорувам ниту претендирам да бидам кадровик во нивната партија. Боже сочувај. Но, мојата смисла беше јасна и за сите други. Решенијата и целите што се сака да се постигнат со овој закон, една од целите што треба да се постигне и која не е моја измислена и декларирана овде, туку од самиот проект произлегува и јасно и гласно е кажано дека ќе биде ослободена државната управа од целосен притисок ка политичките субјекти. И ако навистина и после донесувањето на овие закони се можни да егзистираат такви состојби какви што егзистираа и порано и како што се продолжува и се настојува и понатаму да се промовираат да егзистираат во животот, тогаш е беспредметно да ги носиме овие закони. Се промашуваат целите. Тоа е целата смисла. А не знам зошто господинот Харуни и некои кобили меша со мене. Јас не сум љубител на коњи и кобили .

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Наќе Стојановски.

Има збор Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Ќе се обидам да бидам краток и да дадам некој коментар во врска со сегашната расправа, односно самиот повод за расправата, тоа е донесувањето на овој пакет на закони, а конкретно за органите на управата.

Јас на почетокот би сакал да изразам едно разочарување.

Очекував, бидејќи за овој пакет закони веќе се зборува подолго време, а особено последните петнаесетина дена, многу често во јавноста, па и во најавите на Владата, дека ќе имаме прилика од страна на премиерот да слушнеме едно исцрпно излагање, дури потпрено врз некоја стратегија за реформа на јавната администрација која што е спомната, која што наводно постои, дека е правена во изминатата година и дека врз основа на таа стратегија ќе имаме едни вистински согледувања во кој правец треба да се одвива реформата на јавната администрација, на управата и слично на тоа. Напротив ние добивме неколку, би рекол, бледи, би рекол анализи, секојдневни видувања за тоа што треба да претставува реформата на државната администрација, испреплетени со, би рекол несоодветни епитети, политички квалификации кои мислам дека едноставно го спуштија нивото на расправата во Парламентот што за разлика од тоа од страна на самите пратеници имавме прилика да слушнеме многу попродлабочени анализи за тоа што претставува и што фактички треба да се подразбира реформа на државната управа.

Јас веднаш на почетокот да кажам дека ние поприлично сме хендикепирани, бидејќи, не знам од кои причини Владата не ни го приопшти тоа задоволство да имаме можност да ја погледнеме таа стратегија за реформа на јавната администрација, бидејќи, колку што знам бил вложен доста голем труд од видни научни работници. И мислам ќе беа многу појасни работите. Меѓутоа тоа најверојатно е резултат на најразлични политички процени, пазарења, дали таа треба да се пушти или да не се пушта бидејќи нормално ако станува збор за стратегија тогаш таа треба да се респектира во дефинитивното моделирање на предлог на законите. Вака кога немате стратегија што сакате да постигнете, тогаш можете да правите, што велиме дневни закони кои утре можат да ја завршат работата моментално, меѓутоа на долги рокови да предизвикаат уште поголеми проблеми. Од таму мислам дека тоа е првата работа која недостасуваше. Но, очекував тоа да биде компензирано во излагањето на премиерот, меѓутоа очигледно дека не се има таква желба.

Втората работа која што ми остави впечаток, особено во неговото излагање, беа некои констатации или, така да кажам желби или проекции како треба да изгледа државната администрација во наредниот период. Меѓутоа морам да кажам дека поприлично тоа на некој начин не содејствува со практицирањето на власта, што го имаме ние денес во Република Македонија. Имено, ми оставија посебен впечаток неколку квалификации изнесени од негова страна каде што он зборуваше дека ова не се прави да одат луѓето на улица, односно да се намали бројот на вработените, дека не се прави оваа реформа да ја партизираме државната администрација и трето дека ова не го правиме да изградиме нечии политички сервис. Мислам дека сите овие три квалификации,процени или оценки, како сакате можеме да ги наречеме, во основа не одговараат ка вистината, со она што денес во стварноста фактички имаме. Имено, сосема реално е да се каже дека

немаме намера да го намалиме бројот на вработените, ако се има предвид дека пред неколку месеци беше набрзина донесен еден Закон за предвремено пензионирање каде што еден огромен број на вработени во администрацијата едноставно мораа да ги напуштат своите работни места.

Втората работа што викаме, немаме намера да ја партизираме државната администрација. И тоа е сосема јасно зошто таква изјава се дава кога знаеме дека во добар дел сегашната актуелна, така да кажам државна администрација е во прилична форма или партизирана.

Според тоа мислам дека остана сосема малку или не знам кој сегмент кој не е опфатен со една целосна партизација на јавната администрација, особено на повисоките, таканаречени функционерски места. Од тој аспекп мислам сосема е нормално една таква изјава да се даде.

И на крајот дека тоа нема да биде нечии политички сервис и итн. Меѓутоа ние во стварноста имаме една сосема друга состојба каде што имаме илјадници примери кои укажуваат дека денес доколку не си член на овие владејачки партии, особено на двете политички партии, ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, едноставно не можете да завршите една обична граѓанска работа. Според тоа мислам дека, од тоа дека ќе се ослободиме од политичката, така да кажам капа на сервисот, наречен јавна администрација, мислам дека нема никаква врска со она што се случува.

Еве уште неколку примери од неговото излагање во кое што на страна 4, меѓу другото, каде што вели во која насока ќе се движи реформата на државната управа, спомнува дека ќе се воведе односно би требало да се зголеми контролата на вршењето на јавните набавки и трошењето на средствата од Буџетот.

Ви се молам, да се каже една ваква работа, а ние овде веќе подолго време, ако не се лажам три до четири месеци не можеме да формираме една обична Анкетна комисија која ќе ги надгледува, контролира или испитува јавните набавки кои што се вршени за време на практици-рањето на актуелната владејачка гарнитура од 1998 година до денес, мислам дека претставува еден врв на еден цинизам, за тоа дека самата Влада со ова ќе врши контрола на сопственото вршење на јавните набавки. Мислам дека кога тоа на некој начин од парламентарното мнозинство му е оневозможено во Парламентот да се врши таа контрола на трошење на средствата од Буџетот, што останува да очекуваме дека самата Влада ќе се потруди, односно ќе произведува такви механизми самата да се контролира. Да не набројувам овде, колегите од мојата група поприлично зборуваа за неброени примери за тоа какви злоупотреби денес се вршат во сферата на трошењето на буџетските средства, на јавните набавки а без ниедна контрола или пак власта да излезе еднаш барем со еден пример да каже дека таму и таму е направена некоја злоупотреба. Мислам дека тоа е една голема илузија.

Она што исто така ми остави впечаток, морам да признам, тоа е во делот каде што премиерот зборуваше и каде што меѓу другото рече: "Во иднина ќе постојат што е можно помалку одвоени структури кои не се опфатени под раководство на орган чиј функционер има директно парламентарна одговорност и ќе се зајакне улогата на Владата како колективно тело и ќе се подобри ефикасноста на нејзината работа".

Ви се молам, ова апсолутно како негов став никако не кореспондира со она што го имаме во самиот Предлог на закон за органите на управата, меѓу другото заради тоа што, како и на кој начин, прашувам, ќе бидат контролирани големиот број ка агенции кои што се предвидени со овој закон да се формираат. Тоа е на пример Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за иселеништво, Агенцијата за информирање, Агенцијата за развој и инвестиции, па овие посебни управи со статус на правно лице и итн. Каде е тука контактот на овие агенции, како што викате за некоја парламентарна контрола, како што премиерот вика дека тенденцијата, на законот е да ги врзе помал број на министерства, односно за министри и тие да бидат директно врзани, од аспект на нивно контролирање на Парламентот, кога исто, напоредно колку министерства толку агенции, толку управи, толку заводи кои едноставно нема да подлежат на било каква контрола од страна на

Парламентот. Мислам дека тоа се две работи кои се контрадикторни и кои укажуваат повеќе на потребата нешто да се каже отколку навистина да се направи.

Понатаму мислам дека поприлично беше дебатирана онаа теза дека смалувањето на министерствата, да имаме предвид дека ќе води во федерализација или децентрализација. Мислам дека имаше прилично дискусии кои укажаа дека тоа едно со друго нема никаква врска. И не знам од кои причини веќе на неколку пати тоа премиерот го повторува. Дали тоа е, како што мојот колега Петковски спомна, некој алиби и отворање на мала врата на тој процес, со наводно барање на опозицијата,ако се намалат и итн. Мислам дека тоа во никој случај не е точно и едно со друго не може да се доведе во врска. Друго е прашањето, на нас ни е добро познато дека имате таканаречена формална децентрализација или федерализација на едно општество и на една држава ако тоа го направите по една постапка предвидена со закон и Устав, а друго е прашањето на фактичката децентрализација или фактичката федерализација на Република Македонија што има многу индикатори кои денес укажуваат дека,кога вие немате можност на целокупната територија на Република Македонија да спроведувате полициска, судска, особено инспекциска власт, тогаш сигурно формалното немање на такви знаци или облици на организирање на државата во конфедерален или некој друг принцип, тоа не значи дека во стварноста немате такви изразени тенденции, а тоа пред се е резултат на лоша и погрешна политика на актуелната власт и итн. Според тоа мислам дека реформските имиџ за кој господинот Ѓорѓиевски со право се залага дека и е потребен на Република Македонија за пристап или влез во Европа, дека тоа е многу важно. Ние тука немаме никаква причина да не се согласиме. Меѓутоа мислам дека реформските имиџ на една држава зависи и од многу други работи, и од многу други состојби кои се случуваат во државата, и кои мислам го корнат тој имиџ на Реформска определена политика на Република Македонија, на Владата и итн. На пример мислам на новиот закон што Владата го подготвува и каде што на пример опстојувањето на Агенцијата за информирање, што не е ништо друго туку едно исто така видоизменето министерство и подготвување на еден закон за информирање каде се руши слободата на независните медиуми и вистинољубиви новинари, мислам дека многу повеќе придонесува за губење на тој реформски имиџ, или да не ги спомнувам, за воведувањето на монополското однесување на одредени фирми во државата, како ОКТА, продажба на фирми место на берза, во кабинет и итн. Сето тоа се елементи кои укажуваат на тоа дека тие повеќе му нанесуваат штета на тој реформски имиџ на Владата, отколку тоа што он смета дека на некој начин опозицијата прави одредени опструкции.

И на крајот мислам дека со право како и колегата Стојановски спомна дека оваа етикета околу вакви реформски настроени сили и инт., он би бил среќен ако не бидат изгласани законите дека ќе зајакнат антиреформските сили во Република Македонија, што е негов поим и итн., мислам апсолутно не држи, од една обична и едноставна вистина.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Затоа што еве тие на кои тој мисли дека биле антиреформски сили во Република Македонија предлагаат закон односно укажуваа пред две години во врска со донесување на предлог измените и дополнувањата кои тогаш во една брзина од велемајсторот за збрки г-динот Томислав Стојановски беше предложен тој закон со кој направија 27 министерства, а денеска го слушаме овде ни кажува дека е пак реформски , мислам дека тогаш ние бевме и останувáме вистинските реформисти кои кажуваа дека тоа е антиреформски закон пред две години, меѓутоа парламентарното мнозинство го усвои. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, секој што му лежи на срце си кажа, а сега повторно сакаат да кажат , јас незнам дали во вид на реплика или повторна дискусија г-дата Насер Зибери, Стојан Андов, Мерсел Биљали. Сите троица се јавија досега и повторно сакаат. Ако се прозивани, еве и Јордан Бошков.

Одиме по ред најпрвин г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Претседателе, колку се сеќавам и на координацијата и на Собранието се договоривме дека ќе го ограничиме и

времетраењето и колку пати ќе се јавуваат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Но, колку што знам ова Ви е второ јавување.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, точно второ, чувствувам потреба да го изнесам ставот на пратеничката група визави изнесените констатации на премиерот во неговото експозе дека наводно тие пратенички групи и партии кои нема да стојат зад предлогот наводно ќе бидат прогласени за антиреформски и чувствувам потреба, бидејќи и јас се произнесов дека ние не стоиме зад овој предлог, да го изнесам следното.

Најпрвин дека тоа е евтин трик, евтина мамка за која не паѓа партијата за демократски просперитет од причини што апсолутно ние не го делиме мислењето дека ова се реформски закони. Од 15 да направите 21 ресор и повторно да ги вратите на ист број, но со уште толку агенции, тоа веќе не е никаква реформа.

Второ, уште еднаш ќе го потенцирам ставот дека ние нема да подржиме квази реформи, ние сметаме дека ова се квази реформи и поаѓајки од тоа ние нема да гласаме за овие закони и со индигнација ги отфрлам сите инсинуации од премиерот на адреса која сметам дека му е промашена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам, збор има г-динот Стојан Андов повторно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, драги колеги јас сакам да појаснам, зборував во рамките на овој општ претрес за принципите за кои очекуваме да бидат застапени во овој закон и меѓу другото зборував т.е. имав критички забелешки на исказот на премиерот за неговиот страв од децентрализација и го кажав мојот став, нашиот став дека е потребна децентрализација и кажав како ја замислуваме и како таа е изведена во земјите од Европа, како е содржана во резолуциите  на Советот на Европа и кажав дека тоа не го повредува унитарниот карактер на државата, туку го шири просторот на граѓанските права на луѓето.

Меѓутоа, во расправата почувствував некоја исправка да се прави на овие погледи и почувствував една друга конотација, друго насочување на вниманието и мислам дека ќе се погреши ако се помешаат работите. Не е важно од кого беше речено дека нам ни треба деконцетрација на власта, а не децентрализација. Сакам да кажам дека европската легислатива разбира нешто друго под деконцентрација на власта мислам дека деконцентрацијата на власта би значело деконцентрација на унитарната власт и нејзина трансформација во некој друг тип на власт, бидејќи се останува во рамките на државата - државната власт не се пренесува на локалната самоуправа што е децентрализација, туку се прават области или да кажеме така автономни центри на власт. Деконцентрација е тоа и ние во нашата држава никој не се определил за деконцентрација на власта, туку само за децентрализација која ја сметаме неопходна, колку што знам и од заклучоците Карнеги Комисијата и Аспен Институтот не се сугерира деконцентрација, туку децентрализација на власта. Според тоа, никој ниту бара од нас, ниту не тера на деконцентрација, туку го подржуваат оној процес кој во Европа е веќе воспоставен, а кој е неопходен , неизбежен и многу корисен и кај нас децентрализација на управата , на управните надлежности и пренесување на дел од управните надлежности на локалната самоуправа.

Тоа сакав да го разјасниме да не остане необјаснето, да не излезе дека терминолошки не сме се разбрале, а всушност тука станува збор за крупна концепциска разлика. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, г-дине Андов и по однос на прочитаните работи добро ги кажавте, во ред, ќе ги расчистиме другпат, има доста работи и кај деконцентрацијата и децентрализацијата но во меѓувреме пак прочитајте уште еднаш по енциклопедиите што пишува, но јас сакам само да Ви кажам дека мислам ( г-динот Андов бара процедурално), ќе ви дадам збор процедурално, но јас мислам дека сепак деконцентрацијата и претходи на децентрализацијата на власта и по оној концепт за кој Вие се залагавте барем јавно е многу поблизок до деконцентрација отколку децентрализација, но нека остане отворено прашањето, па ќе видиме, ќе го расчистуваме понатаму , не е местото овде.

Повелете повторно имате збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мојата процедурална интервенција е следната г-дине претседател. Вие кога нешто кажувате од горе мора да знам и јас и пратениците и јавноста што е Вашиот политички став и дел од расправата и тогаш реагираме. Нормално со цел да се објасни што е проблемот и какви се нашите погледи по тие прашања , а вашите дидактички интервенции околу тоа што сте напишале или прочитале не му е местото таму , Вие тоа можете да го кажете ка друго место, ќе бива од тоа место. Ако имате нешто принципиелно да спориме треба да спориме оти и вие сте пратеник, имате право на политички став и ние имаме право на политички став. Во тоа е работата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Го почитувам Вашиот политички став и го ценам, да знаете, останете на тоа , на Вашиот политички став.

Повторно се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе барав искрено извинување што по втор пат се јавувам,меѓутоа морам да кажам неколку збора од причина што веќе од неколку ставови можеше да се констатира дека радикално се спорат нашите ставови кои мислам дека се исправни.

Имено, прво да кажам дека искрено имам огромна желба да го подржам овој закон се со цел да се стекнам со имиџ или етикета реформатор. Се плашам да не добијам етикета антиреформатор и затоа имав огромна желба да го гласам овој закон, меѓутоа, за да добијам таква желба би требало да е тука присутен премиерот за д ами објасни некои прашања кои според мене останаа докрај необјаснети. Тоа се прашања каде се поважните компоненти во овој комплекс на закони што ги предлага Владата. Тие компоненти се рационализација и редукција на државната управа како први услови за да имаме ефикасна, економична функционална и пред се одговорна администрација.

За мене е г-дине претседателе ирелевантно дали ние од 27 министри правиме само 14,Ние можеме дури од сите овие ресори да направиме само 1 министер и 1 премиер исто така е ирелевантно според мене од причина ако Вие правите дополнително доста сурогати или деривати кои ќе имаат квантитативно иста структура можеби бројчено поголема , тогаш не знам зошто можеме да расправаме и да правиме ефективни реформи без редукција и рационализација на државната управа , не знам кого можеме да го убедиме дека правиме реформи.

Имено, Министерството за млади и спорт се претвора во агенција за млади и спорт. Министерство за иселеништво се трансформира во агенција за иселеништво со иста структура, со ист квантум . Министерство за информации кое до душа беше Министерство за дезинформации, мора да признаеме, се претвора во агенција за информации, Министерството за развој во агенција за развој и тука се поставува прашањето каде е компонентата редукција и рационализација на структурата во рамките на органите на управата.

Исто така барам, но ако нема желба не мора д ами одговори, да ми објасни дали надлежностите во рамките на министерствата според мое убедуваше дали тие се поделени по некоја симпатија, јас би рекол персонална поделба на надлежностите со оглед на тоа кој е министер, па на тоа министерство ќе му подариме поголеми надлежности.

Благодарам г-дине претседателе, а искрено се извинувам што се јавив по втор пат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има повторно г-динот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам, нема потреба , јас сакав процедурално да интервенирам, но сега минаа тие дискусии, не е навистина веќе неопходно јас да ги кажувам забелешките за процедурата. Ви благодарам, инаку четивото околу Дедо Ное поатрактивно ми е.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Благодарам, збор има повторно пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам г-дине претседателе само нема да ви го прифатам тоа повторно затоа што прв пат зборувам за законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Многу се јавија, па мислев дека и Вие се јавивте по втор пат.

(Реакција од пратеникот Љубомир Поповски дека во салата нема ни еден претставник од Владата).

Ги молам претставниците на Владата да влезат во салата,навистина за Владата се зборува. Сега ќе влезат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван г-дин заменик министер, дозволете да го истакнам моето мислење, а во врска со некои дилеми кои ги наметна Владата на оваа седница да ја олеснам работата на Владата да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ кон проблемите кои беа загатнати овде на начин на кој беа загатнати за да внесеме поголема извесност до крајот на седницата, а особено г-динот премиер на поставените прашања да добие точен одговор и да знае со што може да смета во понатамошната процедура.

Прво дозволете да направам во неколку минути само една кратка хронологија. Уставот на Република Македонија е донесен 1991 година, направи по мое видување можеби несериозно , меѓутоа мала грешка кога утврди дека Законот за органите на Управата треба да се донесе до две третини со што Уставот ги блокираше сите влади во иднина да не можат да ги формираат органите онака како што тие замислуваат ако добиле мнозинство гласови, туку да мора да собираат гласови за тоа 80 за двотретинско мнозинство и на тој начин да мора да траат премногу политички компромиси со опозицијата или сродните коалициони партнери, а на тој начин , се разбира, да избега суштината на нивната работа од она за што сакале да се концентрираат. Како и да е во такви услови првата Влада наследи 15 ресори, се разбира дека немаше двотретинско мнозинство за таа ситуација да ја смени стана заробеник на Уставот. 1994 година тогашниот Сојуз за Македонија сам вклучувајќи ја и Партијата за демократски просперитет како коалиционен партнер обезбеди повеќе од двотретинско мнозинство, меѓутоа во услови на спора работа мислеше дека може смирено да расправа за ваквите промени се разбира дека тогашниот Сојуз за Македонија по една година постоење се распадна и двотретинското мнозинство се изгуби, се создаде ситуација со која 80 гласа беа прилично невозможни, а и внатрешните проблеми во смалената коалиција беа такви што не можеше да се обезбедат 80 гласа и до 1998 година се остана со Закон за органите на управата кој имаше 15 министерства и прилично цврсто постојуваше до овие години.

ВМРО-ДПМНЕ како партија која доби најголем број гласови и нејзините коалициони партнери излегоа со програми кои ако се читаат пред изборите беа прилично контрадикторни , едните се залагаа за воведување на нови министерства, другите зборуваа за рационализација, меѓутоа, тоа станува сосема небитно, излегоа со Програма бројот на ресорите да го зголемат за дури 6 и од 15 да го зголемат на 21 што се случи во ноември 1998 година.

СДСМ наспроти ова на изборите 1998 година излезе со изборна Програма во која вети намалување на бројот на ресорите за два до три или преведено во денешна смисла на зборот 11 до 13 ресори. Ние на таа програма построивме и кога Владата понуди зголемување на бројот на ресорите од 15 на 21 не гласавме за Законот сметајќи дека тоа не е добро се разбира тогаш бевме исто антиреформски, меѓутоа, парламентарното мнозинство иако немаше две третини успеа од опозицијата да добие гласови и доби Закон со дветретини чиј заробеник очигледно станува по сопствена грешка. Прво заради грешката што го прошири бројот на ресорите, а второ заради тоа што доби гласови со кои не можеше да смета во натамошниот тек на работењето и сега станува заробеник на гласовите кои ги доби, а кои очигледно по нивното излагање веќе ги нема.

Ова покажува само заради кратката хронологија на настаните од 1991 година до денес и на ставот на СДСМ и да бидам искрен го кажувам затоа што во овој момент се создаде ситуација во која било што да кажете и за што се залагате после со реплики ќе бидете приморан да образложите од 1991 година до денеска што сте се залагале, па еве без да ме повикувате на тоа ви кажувам и можеби во ретки случаи од

страна на СДСМ имаме една доследна позиција да никогаш не сме биле во ситуација ова што сега го бараме некогаш сме го правеле , не сме го правеле , тоа секогаш сме го правеле.

Мислам дека за разлика од претходната фаза кога Владата ни достави Предлог за донесување на закон каде Парламентот прилично паушално премина преку него и искажа повеќе политички преоценки дека е потребно да се донесе ваков закон во кој секој се надеваше дека законот ќе се донесе онака како што замислила неговата пратеничка група.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Владата дури сега, на денешнава расправа, со околу стотина амандмани што ги имаме доставено и комисиските расправи, по мое видување се соочи директно и комплексно со проблемот како што го гледа Парламентот на РМ. И, ако не се смета за малициозен предлогот, јас ја повикувам Владата, особено во ситуација во која се наоѓаме со можноста да се донесе Законот, во оваа фаза сериозно да се размисли дали да се трансформира во нацртна фаза, нацрт на закон за организација на органите на државна управа, затоа што мислам дека дури денеска, со сите амандмани, со сите дискусии, Парламентот прв пат сериозно се посвети, укажа на многу сериозни прашања од страна на сите пратенички групи и даде идеи или недоследности на законот, кои можат да се евентуално отстранат. Се разбира, оваа иницијатива Владата по свое видување може да ја разгледа, меѓутоа мислам дека дури сега, допрва има можност, во една сериозна и смирена работа да разгледа каков закон би доставила до Собранието.

Тоа што мислам дека на денешнава расправа предизвика најмногу бура, можеби несвојствено за работа на Парламент особено несвојствено за закон што нема никакви политички позадини, нема никакви идеологии зад себе и обично пратениците по вакви закони ја дигаат политичката тензија, а Владата и премиерот се тие кои ја смируваат. Меѓутоа, денеска се случи, јас ги слушав, колку што беше можно, со една пауза за ручек, сите дискусии, единствените тонови што предизвикаа реакции кај пратеници од скоро сите пратенички групи, се тоновите што беа изречени од господинот премиер. Мислам дека сосема непотребно, господинот премиер наместо да оди во насока на смирување на ситуацијата, како воденичар настапи со едно излагање во кое што, наместо полека ама сигурно да ги собира гласовите во Собранието, настапи како да однапред имаше намера сите кои не се наоѓаат во неговата политичка разгледница да ги отстрани, да ги одбие и да ги направи противници на себе во овој закон. Без никаква потреба, во една дискусија во која сите во првата фаза учествуваа конструктивно, делови од Парламентот беа обвинувани ама баш непотребно за една ваква расправа. Со тоа, мислам уште непочната, расправата од страна на премиерот се спушти на едно ниво што апсолутно немаше потреба. И, им честитам на сите пратеници кои, загатнати од ова, успеаја да го издржат нивото што го промовираа, да не ја спуштат расправата на истото ниво, се разбира, кажувајќи ги своите видувања по таквите обвинувања и таквите настани.

Прво, да кажам дека, без големи повторувања апсолутно, апсолутно е неточна, непотребна и дури вчудоневидувачки застрашувачка изјава на премиерот дека оној кој сака да го намалува бројот на ресорите од 15 надолу, ќе се соочи со обид за федерализација на Македонија. Како да тоа не важи ако се спуштат од 21 на 16 или на 14. И, наместо да зборува за децентрализација, неколку пати ги предупреди пратениците кои мислат дека треба уште некој ресор да се укине, дека со тоа одат на федерализација, а не на децентрализација, мислам дека премиерот на тој начин се обиде преку овој закон, по втор пат, еднаш со изјава во медиумите, а сега веќе официјализирана изјава во Собранието, не дај боже да наговести некаква политика што Владата би можела да ја смета за исправна во Македонија, па сега бара алиби во која насока ќе ја води политиката, заради притисок од Парламентот.

Во таа насока, без поголема елаборација, во името на Пратеничката група на СДСМ сакам апсолутно да ги отфрлам нестручните, паушалните и волунтаристичките изјави на премиерот од оваа говорница дека, оној кој се залага за помал број на министерства, се залага за федерализација, затоа што и не заслужуваат поголем коментар.

Она што го дознавме од господинот премиер во неговото излагање е дека, очигледно, за разлика од пред година и пол две, сега нема мнозинство во Парламентот за да се донесе овој закон. Па, премиерот се обрати и директно до опозицијата и, наместо во услови кога се нема, најверојатно се нема по негови претпоставки штом така се настапи, 80 пратеници за да се донесе законот, во услови кога премиерот во таква ситуација, без никаков обид од моја страна да советувам што треба да работи премиерот, меѓутоа со обид да го кажам моето мислење, ако е веќе така работата, наместо да примени еден класичен метод, да го повика лидерот или координаторот или било кој од опозицијата на разговори под кои услови би изградиле заеднички став, прв пат од собраниската говорница, без никакви консултации, што е несвојствено, меѓутоа, до сега во неговата

работа својствено, како тој работи, да ја обвини опозицијата со следново - ако сакате намалување на ресорите вие сте за федерализација; ако не гласате за законот вие сте антиреформски настроени; и ако мислите поинаку од она што ние мислиме, вие ќе бидете изолирани од меѓународната заедница.

Веднаш да кажам, во таа смисла ние можеме да сфатиме дека и обидот од 21 на 14 министерства, со веќе во предлог на фазата, намалуваше за 7 министерства, ако е таа логика на размислуваше за понатамошниот тек на настаните, можеме да сфатиме дека досегашниот тек на настаните води кон таа цел, федерализација. Можеме да сфатиме дека пакетот на закони или овој закон пред две години беше типично антиреформски, затоа што сега се нуди негова промена и можеме да сфатиме дека меѓународната заедница која,наводно ќе била многу лута ако не намали бројот на министерствата, всушност е многу лута на оваа минатите две години затоа што функционира со 21 ресор.

Тоа што ни го препиша на опозицијата, која би била во судир со меѓународната заедница доколку се изјасни против 14, 13, 12 или натаму ресори, го толкуваме како актуелен судир на Владата со меѓународната заедница што не поддржува 21 ресор.

Настапувањето со антиреформска ориентација мислам дека е целосно депласирано, затоа што оној кој не вовлече како држава во ситуација со 21 ресор, држава од два милиони, не може никого да обвинува освен себе си дека го направил тој чекор.

Што очекувавме ние?

Очекувавме премиерот да излезе храбро, онолку храбро или пак минимум толку храбро колку што е храбар кога ја напаѓа опозцијата со зборови дека и самиот не е свесен колку се тешки изговорени од премиер. Ние бевме сведоци кога тие зборови десетина години беа изговарани од претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Имаа и немаа таква тежина на една најголема опозициона, во тоа време, партија, меѓутоа да се каже од оваа говорница стенографски, од страна на премиер на Република Македонија, тогаш добиваат поголема тежина и сериозност.

Меѓутоа, она што ние го очекувавме од господинот премиер е со иста толкава храброст да излезе и да каже дека се направи грешка во ноември 1998 година кога непотребно бројот на ресорите се зголеми на 21. Премиерот да се извини за својата грешка и да се обиде да ја поправи. Тоа ќе беше храбра изјава. Ние таквата изјава ќе ја почитувавме и пристапивме, уште долго, пред тој да го изговори тоа во овој Парламент, кон процес на соработка со Владата за изготвување на овој закон. Доказ за тоа се 20-тината клучни амандмани што ги поднесовме и со кои сакаме со Владата аргументирано да расправаме. Тие се поднесени многу пред да се искажат овие зборови.

Меѓутоа, извинување од премиерот нема. Сега, грешката не е негова, се разбира, грешката е повторно на оние кои тогаш мислеле дека не треба 21 ресор.

Не сакам да навлегувам понатаму, меѓутоа мислам дека еден голем политичар, понекогаш ако греши, ќе биде уште поголем ако се извини.

Мислам дека не само во ова поле, да не навлегувам и во друга политика, премиерот се уште има позиции на кои треба да ја сфати грешката, да се извини, да ја исправи грешката и за некои од нив ќе добие поддршка од Пратеничката група на СДСМ.

Втората контрадикторност со која нам ни се наметнува гласањето на овој закон ја искажа господинот Горѓи Спасов. Во истото експозе премиерот вели - гласајте, инаку сме антиевропски и антиреформски како држава, меѓутоа, ако не го гласате нам ќе ни ја олесните работата, ќе ни оставите една милијарда денари пари наменети за реформи што понатаму ќе ги наменуваме за други цели, а плус тоа,нема да трошиме неколку месеци за преуредување на органите на управата. Што значи, дава на знаење дека евентуално не гласање на законот ќе олесни на Владата. Тоа само укажува на фактот дека Владата не по сопствена волја и програма, туку под притисок, повторно носи закони, реформски закони. Се добива впечаток дека претседателот на Владата би уживал во не донесувањето на законот и располагање со пари, со време што нема да ги троши после донесувањето на законот, на целите на законот.

Меѓутоа, се разбира дека СДСМ и пратеничката група на СДСМ своето однесување по овој закон нема да го темели врз основа на импровизации и напади од страна на господинот Георгиевски врз опозицијата и имам впечаток од тој контекст, пред се на

СДСМ. Се разбира, ние поднесовме амандмани, иако премиерот не е тука, се надевам во ходниците на Парламентот ова го слуша и, кога веќе даде предлози, го молам да ги сослуша.

Ние доставивме амандмани, без разлика на обвинувањата што ги отфрламе, спремни сме да гласаме за овој закон не за тоа што е тоа закон на господинот Георгиевски со кого имаме премногу големи политички разлики. Подготвени сме да гласаме за Законот за органите на управата на Република Македонија. Меѓутоа,не сме спремни по трет пат да гласаме против она што сме го ветиле во изборите и против нашата политичка ориентација.

Што значи, спремни сме, кога веќе премиерот оценил дека нема доволно 80 гласови во Парламентот и во таа насока се обраќа до опозицијата да гласа, за да не биде антиреформски ориентирана, ние сме подготвени да гласаме, меѓутоа јавно укажуваме дека не сме спремни да гласаме, како што на пример кажа од координаторите на Пратеничката група, по секоја цена. Ние сме спремни да гласаме, се разбира не цена за нешто друго, туку по цена да се прифатат дел од амандманите што ги нудиме. Се разбира, не техничкиот дел од нашите амандмани, туку дел од суштинските амандмани на Пратеничката група на СДСМ. Доколку премиерот е подготвен за ова може да разговараме. Ние сме тука, амандманите се доставени уште пред два дена. Се надевам дека имаше време да се разгледаат. И, ако е можно, да се најде компромис. И, ако од нашите гласови на крајот на краиштата зависи ние сме спремни тоа да го направиме.

Меѓутоа, ако со нашите гласови се смета дека мора да се дадат само заради тоа што ќе остане во воздухот дека сме антиреформски, дека сме антиевроспки и итн., веднаш да предупредиме СДСМ нема никакви апсолутно никакви фрустрации дека е антиреформска, па сега од страв ќе гласа иако знаеме дека законите не се во ред. Ниту мислиме дека ќе се скараме со меѓународната заедница ако гласаме согласно со нашето уверување и заради таа фрустрираниот да ги прифатиме законите така како што се дадени без ниту еден прифатен амандман. Тие фрустрации ги немаме. Повикуваме на соработка, повелете. Доколку сте спремни да соработувате, имате амандмани, прифатете ги,прифатете го суштинскиот дел од нив, гласовите ќе ги добиете.

Доколку мислите дека само со заплашување СДСМ ќе ги даде гласовите тоа нема да се случи. Го молам господинот премиер да го има предвид ова ако повторно се обрати или ако одлучува по амандманите, а ние си остануваме на нашите видувања за овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски. Господинот пратеник Ризван Сулејмани се јави дополнително, да го слушнеме.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Според моето длабоко убедување денеска пред нас е многу важен закон. За жал јас не добив таков впечаток од страна на премиерот дали тој навистина се залага да помине овој закон. Инаку, кога навистина би се залагал, со оглед на односот на силите, требаше да се направат поголеми напори да се најде некој поширок консензус за донесување на овој закон, со оглед дека сите политички партии се определени за реформи, но за прави реформи. Тоа е доволен предуслов да се направат напори да се најде заеднички јазик. Но, за жал, се уште не сме на чисто дали навистина сака да се донесе овој закон.

Што се однесува до предложениот закон, наше убедување е дека, за жал, добрата шанса да се направи нешто за вистинска реформа на администрацијата не е искористена. Напротив. Тенденцијата што некој овде ја нарече деконцентрација и не знам како, има една цел, прикриена цел да извршната власт губи од парламентарната контрола. Затоа што сите ингеренции и понатаму остануваат во извршната власт со тоа што тие се претвораат во агенции или во дирекции, над кои Парламентот нема директна контрола, како што може да има над еден министер и над Владата. Преку пратенички прашања, интерпелации и слични механизми што се предвидувани со нашето законодавство, досега може да се изврши политичка контрола, било на Министерството за иселеништво било на Министерството за спорт било на други агенции што имаат огромна политичка моќ и економска моќ.

Тенденцијата, господа пратеници, требаше да се направи на она што е сугестија од сите меѓународни фактори, а тоа е децентрализација на власта. Ние сите знаеме каде се главните забелешки на Европа. Уште кога се носеше Загонот за локална самоуправа ќе беше укажано

дека прв пат, можеби единствена земја што имаме таканаречена едно степена локална самоуправа. Тогаш образложението беше дека нашиот Устав не дозволува. Но, ова беше добра прилика таа власт што припаѓа реално на локалната самоуправа, преку овој закон и се врати. За жал, овде тоа се коментира на разни начини. Некој вели - се плашиме од федерализација. Некој вели дека тоа би била преголема власт. Јас ве убедувам дека големата шанса да може навистина обичниот граѓанин да го почувствува и да ја контролира власта, беше преку локалната самоуправа.

Во таа насока, ние како пратеничка група поднесовме амаднмани на две министерства, Министерството за образование и Министерството за култура каде што мислиме дека, ако немаме шанса и немаме шанса преку Законот за локална самоуправа и другите закони да може да се даде поголем приоритет на одредени политички прашања што се битни за нас и за националностите во Република Македонија. Ако овие дава амандмани се прифатат, Пратеничката група на ПДП ќе го преиспита својот став и ќе заземе конечен став. Тоа значи може и да го гласа законот.

Ова е добра можност во последен момент, ако веќе досега не се постигна поширок консензус, преку нашите амандмани да се дојде до тој консензус. Добра можност овој системски закон што ќе значи многу за РМ, за функционирањето на извршната власт и целата администрација во државата, да биде прифатен од сите политички партии. Барем така сите се декларираме, за реформи, но реални реформи.

Останувајќи со убедување дека Владата или ресорниот министер најсериозно ќе ги разгледа нашите амандмани, во очекување на нивниот конечен став по нашите амандмани, уште еднаш изјавувам дека ние ќе се состанеме пак.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ризван Сулејмани.

Господа пратеници, бидејќи господинот Исмет Рамадани сака нешто кусо, да му дадеме збор, иако претходно се јави господинот пратеник Биљал Љутвии, да одиме, затоа што Владата чека на амандманите.

Да му дадеме збор на господинот Исмет Рамадани, веројатно реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе,

Имам разбирање, сепак ние излегуваме, доаѓаме, вие сте најуморни. Всушност затоа сте претседател.

Сакам едно да знам и да го надополнам мојот колега господинот Сулејмани, овој закон, со оваа содржина, со овој капацитет, со овие органи на управата, на државната управа, дали бил на некоја експертиза, дали е компатибилен со законите од овој вид од Европската Унија, бидејќи ние велиме дека така треба да биде, тоа го бара и ММФ и Светската банка. Немав можност тоа да го прочитам во Законот и во образложението поради кои причини се донесува законот, бидејќи Владата ќе заседава сега во врска со амандманите, еден краток коментар и одговор нека биде и во стенограмот влезено, дека ги исполнува стварно тие критериуми и услови што ги бараат овие меѓународни институции.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веројатно ќе има и таков коментар во текот на продолжението на седницата.

Има збор господинот пратеник Билал Љутвии.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Еве,господине претседателе, имам разбирање за сите колеги пратеници па и претставниците на Владата, ќе се повлечам од дискусијата во врска со предлогот на законот, но морам да додадам една реченица, во суштина се работи за закон од кој добиваат сите граѓани во РМ. Ја поздравувам иницијативата односно Предлог-законот и како пратеник ќе гласам за истиот.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој повеќе не се јавува за дискусија, го заклучувам општиот претрес.

Давам еден час пауза за Владата да ги разгледа амандманите.

Продолжуваме по еден час.

(Пауза од 19,00 до 20,10 часот.).

(По паузата седницата продолжи со работа во 20,10 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Законот Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 4 за менување на став 2; член 5 за менуваше на став 3, 4 и 5 и за додавање нов став 6; за менување на глава II; глава II на насловот на точка 1; член 11 точка 1 за додавање нова точка 1-а и за менување на точка 10, на глава II; за менување на насловот на точка 2; член 14 став 2; за заменување на местата на членовите 11 и 12 со членовите 13 и 14; член 18 алинеја 6 и за додавање нова алинеја по алинеја 3; член 23 став 2 и 3; глава III на насловот на точка 1; на насловот на глава IV; член 46 за менување на став 2 и на став 3; на насловот на глава V; член 61 алинеја 8 и 9; член 62 алинеја 2; член 63 алинеја 1, 2, 3 и 4 на член 64 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

- Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 36 за менување на став 3, со кој се согласил претставникот на Владата.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 5 став 3 член 9 став 2, член 11 точка 1 и 8, член 18, член 20 став 1, член 24 став 1, член 36 став 2, член 37 став 2 и 3, член 55 став 1 и 4, член 56 став 2, и на член 64 за бришење на алинеја 22, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 28 став 2 алинеја 3 и 4, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна; политика и одбрана поднесе амандмани на член 19 став 2, алинеја 5, член 20 став 2, за додавање нова алинеја 5, член 27 став 1, за бришење на алинеја 9 и на член 28 став 1, за додавање нова алинеја 7 со кој не се согласил претставникот на Владата.

Пратениците Тито Петковски, Никола Поповски Александар Гештаковски, Љубомир Поповски, поднесоа амандмани на член 13 став 1, за бришење на точките 11 и 13, и за менување на точката 14 член 14 став 1, за бришење на алинеите 2, 3 4 и 5, за додавање нова алинеја по алинеја 1, и за менување на став 2 член 17 став 1, за додавање 5 нови алинеи по алинејата 13 став 2, за додавање нова алинеја по алинејата 1, за додавање нова алинеја по алинејата 3 и на став 3 на член 18, за додавање на 5 нови алинеи по амандманот 8 и за додавање нов став 2 по ставот 1, член 19 став 1, за бришење на алинејата 17, став 2, за бришење на алинејата 5 и на став 3. Член 20 став 1, за додавање нова алинеја по алинејата 13, став 2, за додаваше на нова алинеја 6, и на став 3 член 23, став 1, за додавање нови алинеи по алинејата 9 и на став 2, за додавање нова алинеја по алинејата 3, за бришење на член 25 на член 26 за бришење на став 2, за бришење на член 27 на член 28 став 1, за додавање нови алинеи по алинејата 9, став 2, за додавање нови алинеи по алинејата 1 и за менување на став 3 за бришење на членовите 30, 31, 32 и 33, за додаваше нови членови 29-а, 29-б и 29-в по член 29 за бришење на член 47 член 61 алинеја 3, 4,5, 6, 7, 8 и 9, член 62 алинеја 2, член 63 за менуваше на алинеја 3, член 63 за менување на алинеја 3, член 64 алинеја 7, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, и 35 и за додавање нова алинејата 35 и за бришење на членот 67 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Горги Тодоров, Миланчо Черкезов и Златко Стојменов, поднесоа амандмани на член 13 за менување на точка 13, член 27, став 1 и 2, и на член 61 став 1, алинеја 5.

На член 64 алинеја 28, 29, 30, 31 и 32 и на член 69 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов, поднесе амандман на член 23 став 1, алинеја 6, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири, поднесе амандмани на член 25 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 4 и на член 27 став 1, за бришење на алинејата 9, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Горанчо Трајков, Слободан Даневски, Љатив Пајковски и Михајло Георгиевски поднесоа амандмани на член 14 став 1, за додавање нова алинеја по алинејата 5, член 25 став 1, за бришење на алинејата 3 и 4, став 2, за бришење на алинејата 2, и за бришење на став 3, и за додавање нов член 33-а, по член 33 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Кралевски, Данило Глигоровски, Фатмир Етеми,

Слободан Даневски и Горги Котевски, поднесоа амандмани на член 13, став 1, за менување на точката 13, и на член 27 став 1, за менување на уводната реченица и за менување на алинеја 9, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 19, за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Оломан Сулејмани, поднесе амандмани на член 14 став 2, член 23 став 2, за бришење на алинеја 2, и за бришење на ставот 3, за додавање нов член 34-а по член 34 и на член 64 за бришење на алинеја 21, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Радомир Карангелески и Ристо Спанаќов поднесоа амандмани на член 19, став 1, алинеја 8, алинеја 9, и за бришење на алинеја 12, на член 20 став 1, алинеја 2, за додавање нова алинеја по алинејата 2, и на алинеја 10 и на член 33 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Радомир Карангелески поднесе амандмани на член 19, став 1, за бришење на алинеја 17, став 2, за бришење на алинеја 5, и на став 3, и на член 20 став 1, за додавање нова алинеја по алинејата 4, став 2, за додавање нова алинеја по алинејата 3, и на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Радомир Карангелески поднесе амандмани на член 14 став 1, за додавање нова алинеја по алинејата 5, член 16 став 2, за бришење на алинеја 1, за додавање нов член 33 - а, по член 33 и на член 6 4 за менување на алинеја 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Пранговски и Алија Шакиќ поднесоа амандман на член 18 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандмани на член 20 став 2, за додавање нова алинеја по алинејата 7 и на став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Азис Положани поднесе амандман на член 2 6 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Азис Положани поднесе амандмани на член 26 за менување на став 2, и за додаваше нов став 3, по ставот 2 по кој владата не се произнела.

Истовремено пратеникот Азис Положани го повлече амандманот на член 26 за менување на став 2.

Пратениците Исмет Рамадани, Ризван Сулејмани, Насер Зибери, Абдула Алиу, и Абдулади Вејсели поднесоа амандман на член 23 став 2, за додавање нова алинеја по алинејата 2 и за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 13, став 1, за бришење на точките 11 и 13, и за менување на точката 14, поднесен од пратениците Тито Петковски, Никола Поповски Александар Гештаковски и Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Валтата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Владата стои на становиште дека предложениот број од министерствата целосно одговара и компатибилен е со нашите внатрешни ресурси и со компаративната анализа извршена па затоа мисли дека Министерството за локална самоуправа во духот на процесите на демократизација на друштвото односно во духот на успешно остварување на процесот на транзиција треба да опстанува, Исто така, и министерството за транспорт и врски од причина што во тек се бројни проекти особено од инфраструктурата, меѓу другото и од Пактот за стабилност, па би било целисходно и корисно и ова министерство да биде како самостоен орган во Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на претставникот на Владата.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас од образложеието добив впечаток, меѓутоа децидно не беше кажано дали се прифаќа или не.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Овој амандман г-дине претседателе и господин министре е поднесен од четири пратеници на СДСМ, меѓутоа, објективно и реално е амандман за кој стои пратеничката група на СДСМ. Овој амандман на член 13, со кој се уредува бројот и надлежностите, или кои ресори се всушност сметаме дека е еден

од клучните и со него предвидуваме рационализација на бројот на министерствата и за да нема забуна ние поаѓаме од бројот на министерствата кој оваа актуелна Влада го наследи. Тој број е истиот со кој и сега излегуваат во новиот состав на органите на управа, намален само за 1. Ние цениме дека има резерви и има можности бројот на ресорите да се намали за 2, со тоа што сметаме дека Министерството за локална самоуправа и во изминативе две години покажа дека некако не го најде своето место и напротив голем дел од надлежностите кои се извлекоа од Министерството за правда природно е да се вратат таму со што ќе се рационализира државната управа, а во понатамошниот дел од амандманите, кои ако се следат, бидејќи се поднесени над 20-тина ќе се види дека предвидуваме во рамките на министерството за правда да се формира биро за локална самоуправа кое ќе може по детално да ги следи, меѓутоа не како посебен ресор. Ние предлагаме решение со кое Министерството за животна средина ќе се дополни со Министерство за сообраќај, а дел од просторното планирање во понатамошните амандмани го извлекуваме во посебна Агенција која нема да биде Министерство. Со тоа, цениме дека бројот на Министерствата треба да биде ограничен на 12 министерства.

И овој е еден од овие амандмани за кои во расправата јас како координатор и моите колеги како пратеници се изјаснивме дека ги сметаме сепак за едни од клучните амандмани на овој закон.

Од овие причини ги повикувам пратениците да гласаат за овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

17 пратеници гласаа за, 12 воздржани и 60 против.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманов на член 13 став 1 за бришење на точките 11, и 13 и за менување на точката 14 поднесен од пратениците Тито Петковски, Никола Поповски, Александар Гештаковски и Љубомир Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на точка 13, поднесен од пратениците Горги Тодоров, Миланчо Черкезов и Златко Стојменов и од Чедомир Краљевски, Данило Глигоровски, Фатмир Етеми, Слободан Даневски и Горги Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Владата мисли дека нема потреба да се менува предложениот наслов на Министерството и затоа амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам дали некој бара збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Го повлекуваме поднесениот амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 1, за бришење на алинеите 2, 3, 4 и 5 за додавање на нова алинеја по алинеја 1, и за менување на став 2, поднесен од пратениците Тито Петковски, Никола Поповски, Александар Гештаковски и Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Владата стои на становиште дека дел од овој амандман на група пратеници од СДСМ може да се прифати и се прифаќа, а тоа е став 2, од предложениот амандман, кој се однесува на основањето на самостојни управни организации и тоа државниот архив на Република Македонија, Државниот завод за геодетска управа и државниот завод за статистика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи амандманот се прифаќа.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Само ставот 2. Ставот 1 не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам дали има потреба да се произнесете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, господине министре и ценети колеги прво благодариме за тоа што се прифати ставот 2, меѓутоа, ставот 1, е исто така многу суштински.

Со ставот 1, во членот на кој даваме амандман се предлага да се формираат самостојни органи на државна

управа, а кои не се министерства, Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, на кој не даваме амандман, меѓутоа, даваме амандман за бришење на агенциите за млади и спорт, Агенцијата за иселеништво, агенцијата за информации и агенцијата за развој и инвестиции, затоа што сметаме дека нема потреба да постојат како посебни самостојни органи на државна управа , туку треба да се внесат во рамки на надлежностите на министерствата кои се бават со овие работи и особено што целокупниот систем на намалување на органите на управата од 21 на 14, со членот 14 практично на некој начин се минира, затоа што Владата 4 министерства кои ги укинува ги претвора во агенции како самостојни органи и тие ќе функционираат како параминистерства.

И покрај тоа што ставот 2 е прифатен ние инсистираме да се гласа и за нашиот амандман по ставот 1 на овој член имајќи предвид дека со овој амандман на ставот 1 предлагаме една агенција да се формира а тоа е агенцијата за просторно планирање, каде што политичките односи се сведени на минимум, а стручноста е понагласена и затоа сметаме дека не треба да биде во рамки на ресорите.

Ги повикувам пратениците по овој предлог на пратеничката група на СДСМ да го прифатат и да гласаме за ставот 1 на овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот Амандманот го ставам на гласање.

23 пратеници гласаа за.

10 воздржани и 58 против.

Значи, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 1, за бришење на алинеите 2, 3, 4 и 5 и за додавање нов а алинеја по алинеја 1.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 5 поднесен од пратениците Горанчо Трајков, Слободан Даневски, Љатив Пајковски и Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Владата мисли дека предложениот амандман не треба да се усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Љатив Пајковски.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, претставници на Владата јас искрено сметав дека решението кое што е понудено во законот Владата ќе има храброст да го прифати предложениот амандман,„кој всушност значи задржување на Агенцијата за стопански недоволно развиени подрачја на статусот кој што го имаше и во изминатиот период како посебна институција и која што одговара директно на Владата и на Парламентот. Новото решение што е предложено во законот значи оваа агенција да падне на едно пониско ниво и да биде биро за стопански недоволно развиени подрачја.

Всушност како предлагач на овој амандман сакам да кажам зошто ние како група пратеници го предложивме овој амандман.

И во постојниот Устав на Република Македонија член 57 стои дека Републиката го потпикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој како и побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ**:(продолжение)

Така што, како човек и пратеник кој што доаѓам од стопански недоволно развиено подрачје, ридско-планинско и погранично, сметам дека оваа Агенција која што е формирана 1994 година има многу направено во однос на решавање на проблемите, особено од инфраструктурата проблематика на граѓаните кои што живеат во овие подрачја. Всушност и европските искуства покажуваат дека едно вакво решение , постоењето на една вакви институција, независна многу ќе значи за порамномерен развој на државата, особено на Република Македонија, имајќи ги предвид и севкупните состојби во кои се наоѓа РМ.

Исто така, во една анализа, во еден истражувачки проект направен во 1998 година, во кој што учество земале еминентни професори од Економскиот факултет , стои вака: "Во преодната фаза до 2005 година т.е. до времето кога би требало да се подготви целосен систем на регионален развој во земјата и во тие

рамки и систем и политика за поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја, се оценува дека треба да се задржи постојното решение според кое е формирана и функционира посебна институција Агенција за поттикнување на развој на стопански недоволно развиени подрачја".

Уште нешто да кажам, од моето досегашно искуство, а верувам дека ќе се согласат и многу колеги пратеници тука, кои што имале можност да застапуваат интереси на граѓаните од овие подрачја, ќе се согласат дека оваа Агенција, веројатно, е единствената државна институција во која што ќе можат и претседатели на МЗ и градоначалници, особено на новоформираните општини да чукнат на врата, да бидат примени без многу формалности, кои што мора да се согласиме постојат во одредени министерства и со подготовка на одредена конкретна документација, да добијат средства, кои што јас лично се сомневам дека со едно вакво решение, ќе може на таков начин истите средства да се добиваат. Особено, апсолутно сум против Агенцијата како биро да биде под надлежност на Министерството за локална самоуправа. Во оваа прилика апелирам до сите колеги пратеници да го прифатат амандманот, затоа што сметам дека решението кое што беше и досега за оваа Агенција е најцелисходно.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-дин Љатиф Пајковски.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-ѓа пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас се јавувам и покрај тоа што не сум потписник на амандманот, сметам дека амандманот заслужува сериозно внимание од сите нас пратеници од причина што ние имаме уставна определба за порамномерен развој на сите региони во РМ. Факт е дека имаме многу недоволно развиени и како што е факт дека оваа Агенција во досегашното свое работење ќе покаже дека навистина го поттикнува развојот на овие подрачја. Особено го стимулира развојот на подрачјата по основ на собирање на средства по самопридонес, од причина што обезбедува во старт 50% на секоја инвестициона програма која што ќе биде понудена од одредено неразвиено подрачје. Така сметам дека би било исправно истата да работи како да има статус на правно лице и да работи самостојно, бидејќи и тогаш резултатите од нејзиното постоење и одговорноста за средствата кои што ќе ги има, ќе бидат многу поголеми.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

За збор се јави г-динот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Република Македонија имаше едно многу добро искуство со постоење на една ваква институција, се разбира, како самостојна. Впрочем, тоа е некаков стандард во многу европски земји, дури и кои се поразвиени од нас, затоа што во секоја земја и покрај степенот на развиеност постојат одредени делови кои не го следат тој општ развој на една држава. Обично тоа е разлика меѓу север и југ, кај некои земји се јавува, а во Македонија има некои посебни специфики. Од тие причини ние како пратеници од СДСМ ќе го поддржиме амандманот и ќе сметаме дека тој треба да има самостојна позиција во рамките на РМ.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

